СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

ic@mchamber.mk | www.mchamber.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2019 ГОДИНА

***март 2020 година***
***С к о п ј е***

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

# НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Дваесет и трета седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, во проширен состав, одржана на 07.02.2019 година:**

- Промена на приоритетите и методологијата во работењето на Стопанската комора на Македонија во 2019 година

**Дваесет и четврта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, во проширен состав, одржана на 04.04.2019 година:**

- Даночен календар – временска рамка за измени во даночниот систем;
- Холдингот како форма на поврзување на компаниите за подобри деловни резултати;
- Предлог-Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2018 година;
- Финансиски извештај преку остварувања на Стручната служба на Комората за четвртиот квартал од 2018 година и за периодот јануари-декември 2018 година, со споредбени податоци за истиот период од претходната година и проекции за првиот квартал од 2019 година;
- Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија;
- Извештаи на Бизнис центарот за тренинг и обука:
- Предлог-извештај за работењето во 2018 година;
- Предлог-финансиски извештај за 2018 година;
- Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на листите на арбитри на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за затворање на сметка во Комерцијална банка АД Скопје;
- Предлог-одлука за отворање сметка во НЛБ Банка АД Скопје;

**Дваесет и петта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, во проширен состав, одржана на 10.05.2019 година**

- Иницијатива за поведување постапка за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за разрешување на извршниот директор на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за именување на в.д. извршен директор на Стопанската комора на Македонија;
- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за периодот јануари-март 2019 година;
- Преглед на заклучоци од седниците на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија одржани на 4.12.2018 година, 07.02.2019 година и 04.04.2019 година;

**Дваесет и шеста седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, во проширен состав, одржана на 17.06.2019 година**

- Полугодишен извештај за реализација на приоритетите во работењето на Стопанската комора на Македонија во 2019 година;
- Минимална плата – движења, аспекти, ставови;
- Заклучоци и предлози од Меѓународната конференција: „Идни насоки за развој на агросекторот“;
- Информација за правните ризици од востановувањето и реализацијата на заложните права, со предлози за нивно надминување;

**Дваесет и седма седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, во проширен состав, одржана на 24.09.2019 година**

- Изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија
    - Стратешки правци за развој на Стопанската комора на Македонија
    - Нацрт-одлука за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија;
    - Предлог-одлука за спроведување јавна расправа по Нацрт-одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија;

- Анализа на ефектите од воведувањето на прогресивно оданочување и зголемување на стапките на данокот на личен доход;
- Барање од Здружение на новинарите на Македонија за финансиска поддршка за реализација на Предлог – проект за создавање на регистар на професионални онлајн медиуми;
- Барање за финансиска помош од манастирот „Св.Гаврил Лесновски“ – Брегалничка православна епархија при МПЦ;
- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за периодот јануари – јуни 2019 година;

**Дваесет и осма седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, во проширен состав, одржана на 11.11.2019 година**

- Изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија
  - Извештај од спроведената јавна расправа по Нацрт-одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија
- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за периодот јануари – септември 2019 година и споредба на остварувањата со планираните проекции за трет квартал 2019 година;
- Предлог-одлука за именување вршител на должноста извршен директор на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за формирање Одбор на Стопанската комора на Македонија за одбележување на 100 годишнината од коморското организирање во Република Северна Македонија;
- Предлог-одлука за изработка на Монографија за Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за плаќање на обврските кон „Македонија 2025“ Скопје, за трошоците за учество на 10 компании на Осмиот самит на Македонија 2025;
- Предлог за определување надомест на трошоци за вршење на функцијата член на Претседателството на Постојаниот избран суд Арбитража при Стопанската комора на Македонија, чие место на живеење е надвор од седиштето на Арбитражата;
- Барање од Здружение на новинарите на Македонија за финансиска поддршка за реализација на Предлог – проект за создавање на регистар на професионални онлајн медиуми;
- Барање за финансиска помош од манастирот „Св.Гаврил Лесновски“ – Брегалничка православна епархија при МПЦ;
- Барање за финансиска помош од Здружение на граѓани за третман на лица со аутизам, АДХД и Аспергеров синдром за реконструкција и доградба на простор во ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо Охрид и ЈЗУ Општа Болница (оддел за педијатрија) Охрид;
- Барање за донација на средства за лекување;
- Барање за финансиска помош од манастирот „Свето Преображение“ Крушево – Битолска парохија при МПЦ;
- Иницијатива за формирање Фондација на Стопанската комора на Македонија за финансиска помош и поддршка на одржливи проекти, барања и иницијативи

**Дваесет и деветта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, во проширен состав, одржана на 12.12.2019 година**

- Предлог-Програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија за 2020 година;
- Предлог-Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2020 година;
- Предлог за донесување Национален развоен план за периодот 2020-2030 година;
- Концепт на дуалното образование во Македонија (со предлог-заклучок за натамошните активности на Стопанската комора на Македонија во оваа област)
- Информација за постојната и идната соработка на Стопанската комора на Македонија и Организацијата „Македонија 2025“.
- Преглед на заклучоци од седниците на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија одржани на 19.06.2019 година, 24.09.2019 година и 11.11.2019 година;

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

# НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Единаесетта седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија, одржана на 10.05.2019 година**

- Предлог-Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2018 година;
- Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2018 година;
- Иницијатива за поведување постапка за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија
- Предлог-одлука за избор на член на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог- одлука за избор на потпретседател на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на здруженијата според дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија;
- Верификација на мандати на членови во Собранието на Стопанската комора на Македонија
  - Одлука за верификација на мандатот на нов претставник од „ПИВАРА СКОПЈЕ“ АД – Скопје за член во Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
  - Известување за верифициран мандат на новиот претставник од „РУДНИК САСА“ ДООЕЛ – Македонска Каменица за член во Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;

**Дванаесетта седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија, одржана на 26.12.2019 година**

- Предлог-Програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија за 2020 година;
- Предлог-Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2020 година;
- Изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија
  - Предлог-одлука за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија;
  - Пречистен текст на Статутот на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за утврдување на здруженијата според дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија;
- Предлог-одлука за распишување избори за избор на претставници од здруженијата според дејности во Собранието на Стопанската комора на Македонија;

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Четврта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 07.02.2019 година:**

- Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2018 година со извештаите на пописните комисии.

**Петта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 27.3.2019 година:**

- Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2018 година;
- Извештај од овластен ревизор на ревизорското друштво „Б и Љ" ДОО - Скопје од спроведената ревизија на финансиско - материјално работење на Стопанската комора на Македонија за 2018 година.

**Шеста седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 10.07.2019 година:**

- Финансиски извештај за работењето на Стопанската комора на Македонија за период 01.01.2019 до 30.06.2019 година;
- Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2019 година;
- Предлог-одлука за утврдување на критериуми за оценка на понудите за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансико-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2019 година;
- Предлог-одлука за формирање Комисија за избор на независно-ревизорско друшво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2019 година;
- Јавен оглас за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2019 година.

**Седма седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 04.12.2019 година:**

- Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2020 година

# ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ?

1. Одржани преку 185 настани (состаноци и расправи за компаниите, конференции, форуми, проектни активности, презентации) на здруженијата според дејности и преку 40 на регионалните комори.

2. Организирани бизнис-форуми и уште толку бизнис-средби, присуство на над 80 меѓународни конференции.

3. Над 20 посети на дипломатско-конзуларни претставници во Комората.

4. Издадени 45 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“, во просек на околу 25 страници.

5. Во текот на 2019 година изготвени се и доставени до медиумите 48 покани за прес-конференции и покани за над 40 настани на коишто се поканувaa медиумите.

6. Во секој број на месечниот магазин ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС се објавуаа текстови за активностите на Стопанската комора на Македонија, на 6 страници.

7. Во текот на годината се изготвени 265 Прегледи на економски информации, што се објавени во медиумите во форма на статии.

8. До компаниите доставени 50 информации за прописи и 264 прегледи на информации за објавени економски статии во дневни и неделни печатени медиуми.

9. Реализирани активности поврзани со седум Проекти од Фондовите на ЕУ и други меѓународни институции чија цел е подобрување на конкурентноста, иновативноста и капацитетите на домашните компании

10. Подготовка на Мислења по авторезиме на докторска дисертација за економска проблематика, на барање на одредени научни и образовни институции, за одредени автори.

11. Центарот за едукација во текот на 2019 година организираше 105 едукативни настани на кои учествуваа 2.411 посетители, истите беа реализирани како еднодневни и дводневни семинари од отворен тип за сите учесници од приватниот и јавниот сектор.

12. Издадени вкупно 80 веб-сертификат Exellent SME во 2019 година.

13. Во Клубот на менаџери-претприемачи согласно Годишната агенда за 2019 година беа реализирани 25 едукативни настани и се оствариja 3 вмрежувања во земјата.

14. Издадени документи од Бизнис канцеларијата:
    - 1032 сертификати за потекло на производите (Форм А);
    - 9686 сертификати за потекло на производите (Оригин);
    - 515 АТА-карнети;
    - 4 потврди за ексклузивитет;
    - 15 потврди за слободна продажба;
    - / потврда за единствен производител
    - 3 потврди за производител;
    - 3 потврди за членство во Комората;
    - 180 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
    - 41 мислење за исполнување на економските услови.

**Целиот Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2019 година, можете да го најдете на следниот линк:**
**https://www.mchamber.mk/upload/izvestaj_aktivnosti_komora_2019.pdf**

# ЛИСТА НА ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ, 2019 ГОДИНА

10 јануари 2019 година
**ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА НА ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ ВРЗ РАБОТАТА НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ПАЗАРИТЕ**

14 јануари 2019 година
**ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ПРЕХРАНБЕНАТА, МЕТАЛНАТА И ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈАТА И ОГРАНИЧУВАЧКИТЕ ФАКТОРИ ЗА НИВНИОТ РАЗВОЈ**

21 јануари 2019 година
**ОБЈАВЕНИТЕ МЕРКИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА УВОЗОТ НА ЧЕЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА НАРЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ**

28 јануари 2019 година
**АВСТРИСКИ ИСКУСТВА ВО ОБЛАСТА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА И ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕКУ ВОСПОСТАВЕНАТА СОРАБОТКА ВО РАМКИТЕ НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ**

4 февруари 2019 година
**РЕГУЛИРАЊЕ НА СТАТУСОТ НА БАЊИТЕ ВО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**

11 февруари 2019 година
**ОБУКА НА СТРУЧЕН И ТЕХНИЧКИ КАДАР ЗА ИНСТАЛИРАЊЕ ФОТОВОЛТАИЦИ И ТОПЛИНСКИ КОЛЕКТОРИ СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ НА ОБЈЕКТИТЕ**

18 февруари 2019 година
**97-ГОДИШНИНА ОД КОМОРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

25 февруари 2019 година
**ПОТТИКНУВАЊЕ НА БИЗНИС-ПЛАНОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ СТУДЕНТИ ПРЕКУ ПОДДРШКА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

4 март 2019 година
**ДВИЖЕЊАТА ВО ОСИГУРИТЕЛНАТА ИНДУСТРИЈА И ПЕРСПЕКТИВИТЕ ЗА ПОГОЛЕМ РАСТ ВО 2019 ГОДИНА**

11 март 2019 година
**ДОСТАПНИТЕ ЕВРОПСКИ ФОНДОВИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА КОМПАНИИТЕ И НИВНАТА ИСКОРИСТЕНОСТ**

18 март 2019 година
**ПРАВИЛНИК ЗА БАРАЊАТА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ НА МЕЛЕНО МЕСО, ПОДГОТОВКИ ОД МЕСО И ПРОИЗВОДИ ОД МЕСО**

25 март 2019 година
**ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ НА АРБИТРАЖНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ДО ПОДОБРО ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ**

1 април 2019 година
**РЕШЕНИЕ ЗА ПОГОЛЕМА ИЗВЕСНОСТ ВО ПОГЛЕД НА ПРОМЕНИТЕ ВО ДАНОЧНИОТ СИСТЕМ**

8 април 2019 година
**ПОВИСОК КРЕДИТЕН РЕЈТИНГ НА ЗЕМЈАТА ЗА ПОДОБАР БОНИТЕТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗВОЗНИЦИ ПРЕД СТРАНСКИТЕ ПАРТНЕРИ**

15 април 2019 година
**ФАКТОРИНГОТ КАКО АЛАТКА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИТЕ КОМПАНИИ**

22 април 2019 година
**СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ПРЕКУ ЕВРОПСКАТА МРЕЖА НА БИЗНИС-МОЖНОСТИ (ENTERPRISE EUROPE NETWORK)**

**6 мај 2019 година**
**ПРЕКУ КОНФЕРЕНЦИЈА СО СТРУЧНА РАСПРАВА ДО НАСОКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**13 мај 2019 година**
**ПОДДРШКА НА ЕСКО КОМПАНИИТЕ - МОЖНОСТ ЗА ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА ВО ОПШТИНИТЕ**

**20 мај 2019 година**
**ДИРЕКТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА КОМПАНИИТЕ ЗА ПОТРЕБНАТА РАБОТНА СИЛА**

**27 мај 2019 година**
**КАКО ДО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ, СОГЛАСНО СТРАТЕГИЈАТА ЕВРОПА 2020**

**5 јуни 2019 година**
**„СВЕТСКИ ПИКНИК“ ТРАДИЦИОНАЛНА МАНИФЕСТАЦИЈА НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ**

**10 јуни 2019 година**
**ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА: ЈАВНИОТ ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПРЕМИИ ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА ДРЖАВНО ЗЕМЈИШТЕ**

**18 јуни 2019 година**
**ЕКОНОМСКИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ ОД САМИТОТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО ПОЗНАЊ**

**24 јуни 2019 година**
**СИГУРЕН И СТАБИЛЕН ТУРИСТИЧКИ СЕКТОР ПРЕКУ СООДВЕТНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА**

**1 јули 2019 година**
**МЕЃУНАРОДНИОТ СТАНДАРД ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА -**
**ПОГОЛЕМА ДОВЕРБА И КОНКУРЕНТНОСТ НА КОМПАНИИТЕ**

**8 јули 2019 година**
**ТЕКОВНИ СОСТОЈБИ И ОЧЕКУВАЊА ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР ВО 2019 ГОДИНА**

**15 јули 2019 год**
**ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОЕФИКАСНО РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА ПРОМОЦИЈА И ДРЖАВНАТА ПОДДРШКА НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ**

**22 јули 2019 година**
**ТУТУНОПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ СО ПОДДРШКА ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА НЕЛЕГАЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ТУТУН**

**19 август 2019 година**
**ДЕФИНИРАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНАТА ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НАМЕНЕТА ЗА ДИРЕКТНО СНАБДУВАЊЕ ДО КРАЈНИТЕ ПОТРОШУВАЧИ ОД СТРАНА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ СОГЛАСНО НОВИОТ ПРАВИЛНИК НА АХВ**

**2 септември 2019 година**
**ПОГОЛЕМА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ОПШТИНИТЕ ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕСКО ПРОЕКТИ“**

**10 септември 2019 година**
**СО ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА НА ФАРМЕРИТЕ И ПРЕРАБОТУВАЧИТЕ НА МЕСО ДО НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО ДЕЈНОСТА**

**16 септември 2019 година**
**ПОДДРШКА НА КОМОРИТЕ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ ПРЕКУ ЕВРОПСКАТА МРЕЖА НА МОЖНОСТИ (ENTERPRISE EUROPE NETWORK**

**23 септември 2019 година**
**ЗНАЧЕЊЕТО НА ЛАДНИОТ СИНЏИР НА ДИСТРИБУЦИЈА ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ВИСОК КВАЛИТЕТ НА МЛЕЧНИТЕ ПРОИЗВОДИ**

**30 септември 2019 година**
**INSURTECH - ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА И ТЕХНОЛОШКИТЕ ИНОВАЦИИ ЗА ЗАБРЗАН РАЗВОЈ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**

**4 октомври 2019 година**
**КАКО ДО ПОГОЛЕМА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА МЕЃУ РС МАКЕДОНИЈА И Р. СЛОВЕНИЈА?**

**7 октомври 2019 година**
**ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ И РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА**

**14 октомври 2019 година**
**ИНИЦИЈАЛНИ СОГЛЕДУВАЊА НА ЕФЕКТИТЕ ОД ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД**

**21 октомври 2019 година**
**ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ**
**28 октомври 2019 година**
**СО КВАЛИТЕТНА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА – ДО ЗГОЛЕМЕН ДЕВИЗЕН ПРИЛИВ ОД ТУРИЗМОТ**

**4 ноември 2019 година**
**ПОСЛЕДИЦИТЕ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ ОД РЕЦЕСИЈАТА ВО АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА НА ГЛОБАЛНО НИВО**

**11 ноември 2019 година**
**ЗАКОНСКИ ПРЕЧКИ ЗА ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**18 ноември 2019 година**
**ПРИДОБИВКИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ИНДУСТРИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**19 ноември 2019 година**
**КАКО ДО ПОГОЛЕМА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА МЕЃУ РС МАКЕДОНИЈА И Р. АВСТРИЈА?**

**25 ноември 2019 година**
**БИМ АЛАТКА ВО НАСОКА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНАТА ИНДУСТРИЈА**

**2 декември 2019 година**
***ПОДОБРЕНА* СОРАБОТКАТА МЕЃУ ДОМАШНИТЕ И СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ ПРЕКУ ПРОЕКТОТ INCOMSMES**

**16 декември 2019 година**
**ИДНИ НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА АГРОСЕКТОРОТ**

**23 декември 2019 година**
**ВЛИЈАНИЕТО НА НОВАТА РЕГУЛАТУВА ЗА ОТПАД ВРЗ БИЗНИС СЕКТОРОТ**

**25 декември 2019 година**
**КАКО ДО ПОГОЛЕМА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА?**

# ДИРЕКЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА И РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ

## 11.1.2019

**ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА ОРУЖЈЕ И ОПРЕМА СО МИНИСТЕРКАТА ЗА ОДБРАНА**



Групацијата за оружје, опасни и експлозивни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена при Стопанската комора на Македонија на 10.01.2019 година одржа работна средба со министерката Радмила Шекеринска и претставници на Министерството за одбрана на РМ. Предмет на дискусија на работната средба беа перспективите на компаниите од наменската индустрија, трговијата со оружје и воена опрема од аспект на зачленувањето на државата во НАТО, придобивките од евроатлантските интеграции и можностите за развој на деловна соработка во рамките на споменатата воена организација.

## 11.1.2019

**ГРУПАЦИЈАТА ЗА ПАЗАРИ БАРА УКИНУВАЊЕ ИЛИ ОДЛАГАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА НА ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ ПОРАДИ РИЗИК ЗА ОПСТОЈУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ**




Групацијата за пазари во рамки на Здружението на комунални дејности расправаше за состојбите во трговијата на мало на тезги и пазари, при што оцени дека примената на Законот за трговија на зелени пазари ја загрозува дејноста и го доведува во прашање опстојувањето на зелените пазари, поради што се оцени дека е потребно итно негово укинување или одлагање на неговата примена до донесување на законски прифатливи решенија во консултации со сите засегнати страни.

## 14.1.2019

**ЗАПОЧНАА КОНКРЕТНИТЕ АКТИВНОСТИ НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ - ПРАКТИЧНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЈСИЛНАТА АЛКА НА БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС ПРЕКУ АВСТРИСКА ПОДДРШКА ВО ТРИ КЛУЧНИ ОБЛАСТИ - ДИГИТАЛИЗАЦИЈА, ОБРАЗОВАНИЕ И БИЗНИС ИНТЕГРИТЕТ**

chamber investment forum western balkan 6





На 14.01.2019 година, во Виена во Австриската федерална стопанска комора, официјално беше потпишан Меморандумот за соработка помеѓу Коморскиот инвестициски форум, Австриската федерална стопанска комора и Австриското федерално министерство за Европа, интеграции и надворешни работи, кое ја координира работата на Австриската агенција за развој. Меморандумот обезбедува основа во следниот петгодишен период да биде обезбедена австриска поддршка и пренос на добри практики, вештини и know-how за шесте комори од земјите на Западен Балкан, од што директен бенефит ќе имаат компаниите од целиот регион. Активностите во рамките на соработката која ќе биде воспоставена ќе се фокусираат на три клучни сектори: забрзување на процесот на дигитална трансформација на компаниите од целиот регион на Западен Балкан проследена со едукација и тренинг во областа на дигитализацијата, развивање на заеднички програми на средно стручно образование, првенствено со фокус на областа на дигитализацијата, но и зајакнување на бизнис интегритетот на компаниите од Западен Балкан, преку промовирање на чесни деловни практики и спречување на корупцијата. Потпишувањето на Меморандумот денес е пионерски чекор за ревитализирање и унапредување на оваа соработка, која во една или друга форма ја имавме во регионот долги години наназад. Верувам дека австриските искуства и know-how во областа на дигитализацијата и дуалното образование ќе придонесат за унапредување на нашето работење, но ќе претставуваат и солидна основа за идниот развој не само на македонската економија, туку на економиите на сите држави од регионот на Западен Балкан, како целина, - посочи претседателот Азески.

## 14.1.2019

**ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ПРЕХРАНБЕНАТА, МЕТАЛНАТА И ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈАТА И ОГРАНИЧУВАЧКИТЕ ФАКТОРИ ЗА НИВНИОТ РАЗВОЈ**



-Со цел да се одговори на барањата на бизнис заедницата, Стопанската комора на Македонија пристапи кон идентификување на тековните потреби на компаниите во рамките на секторите од аспект на бројот на работници и соодветни квалификации, во насока на адресирање на моменталниот работен потенцијал со кој располага земјата по одделни региони со цел да се поврзе тековната побарувачка со понудата на пазарот на трудот. За дефинирање на потребните занимања, профили, квалификации и знаења се пристапува преку детално проучување на производната и извозната структура, како и идентификување на развојните потенцијали на одредените потсектори и производи.

За надминување на констатираните предизвици значајни од аспект на проблемот со недостиг на квалификувана работна сила, потребно е следното:

- Да се изградат силни механизми кои ќе ја засилат и ќе ја подобрат финансиската поддршка на учениците во текот на нивното школување.
- Потребно е да се воведат стимулативни мерки за бизнис секторот заради негова поголема вклученост и соработка со стручните училишта, како и стимулативни мерки за наставниците кои се ангажирани во училишните економии, но и можност за наградување на учениците кои учествуваат во создавање приходи преку училишните економии.
- Неопходно е подобрување на состојбата во стручните училишта со лаборатории, работилници, нагледни објекти, опрема и потрошен материјал. Ваквата интервенција ќе овозможи подигање на квалитетот на учењето и зајакнување на училишната пракса.
- Следење на потребите од нови квалификации и креирање нови посебни програми за образование на возрасните и верификација на институции и установи за реализирање на посебните програми за образование на возрасните. Во контекстот на доживотното учење да се воспостави систем за валидација на неформалното и информалното учење и сертифицирање на лица кои стекнале знаења, вештини и компетенции во текот на животот.

## 16.1.2019

**ОФИЦИЈАЛНО ПРОМОВИРАНА МОНОГРАФИЈАТА „60 ГОДИНИ ВИТАМИНКА“**




Во **Стопанската комора на Македонија** промовирана е **монографијата „60 години Витаминка“,** чиј автор е **Тачко Локвенец**. Монографијата е посветена на успешната приказна за 6 децениското постоење на овој национален бренд, како и личниот придонес на **Симон Наумоски**, претседател на Одборот на директори на „Витаминка“ АД - Прилеп и неговиот ангажман за растот и развојот на компанијата.

## 17.1.2019

**МАКЕДОНСКО - БУГАРСКИ БИЗНИС ФОРУМ ЗА ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА**



Раст на обемот на трговската размена од речиси 17%, раст на бројот на туристи од Македонија во Бугарија и обратно, како и најавите за продлабочување на меѓусебната соработка, се ефектите кои ги чувствуваат економиите на двете земји по потпишувањето на Договорот меѓу Македонија и Бугарија пред една ипол година, беше констатирано на Бизнис форумот организиран од владите на двете земји.

Интерес за соработка на економски план има, но клучно е да се работи на решавање на инфраструктурните проблеми, како и на олеснување на административните бариери за подобар бизнис и проток на стоки и луѓе.

## 21.1.2019

**ЕФЕКТИ ОД ОБЈАВЕНИТЕ МЕРКИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА УВОЗОТ НА ОДРЕДЕНИ ЧЕЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА**




Објавените конечни заштитни мерки за увоз на одредени челични производи во Европската унија, кои ќе се применуваат во наредните три години почнувајќи од февруари 2019 година, а коишто на 15 јануари ги објави Европската комисија, беа тема на прес-конференцијата одржана во Стопанската комора на Македонија (21.01.2019 година).

На одржаната прес-конференција беше посочено дека воведените ограничувања на увозот во ЕУ, во отсуство на други алтернативни решенија создаваат сериозни проблеми во компаниите: нереализирани приходи, зголемени фиксни трошоци по единица производ, редуцирање на производството, отежнато договарање на комерцијалните аранжмани на подолг рок. Се доведуваат во прашање започнатите и предвидените инвестициони вложувања, ќе се предизвикаат одредени проблеми со вработените и нема да застанат само тука, туку ќе се прошират и кај останатите поврзани компании во синџирот на снабдувањето со што негативните последици повеќекратно ќе се мултиплицираат.

## 28.1.2019

**АВСТРИСКИ ИСКУСТВА ВО ОБЛАСТА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА И ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ЕКОНОМИИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН**




-Стопанските комори од регионот на Западен Балкан, преку Меморандумот за соработка, кој е потпишан помеѓу Коморскиот инвестициски форум, Австриската федерална стопанска комора и Австриското федерално министерство за Европа, интеграции и надворешни работи, кое ја координира работата на Австриската агенција за развој (АДА), ќе добиваат австриска поддршка во три клучни области - дигитализација, образование во областа на дигитализацијата и бизнис интегритет. За да им се обезбеди помош и поддршка на компаниите во спроведувањето на тој процес, со австриска поддршка, ќе бидат спроведувани обуки за сертифицирање на консултанти за дигитална трансформација. Консултантите ќе поминат низ обука во согласност со стандардот ИСО 17024, а по спроведувањето на обуката и полагањето на испитот, лицата кои ќе се стекнат со сертификат за консалтинг за дигитализација ќе бидат директно вклучени во спроведување на процесот на дигитална трансформација на компаниите. Имено, сертифицираните консултанти ќе треба да организираат работилници со заинтересираните компании, на кои ќе биде развиена дигитална мапа за трансформација на компанијата, по што компанијата во соработка со консултантот ќе треба да дефинира и да имплементира активности за дигитализација на работењето на компанијата.

## 31.1.2019

**Одржана седница на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија – РАЗГЛЕДАНИ АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ И ДОГОВОРЕНИ АКТИВНОСТИТЕ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД**



Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија одржа седница на која се дискутираше за активностите на Здружението за 2019 година со фокус на активностите за следење на состојбите во градежниот сектор (учеството на градежништвото во бруто-домашниот производ, реализацијата на капиталните инвестиции, состојбите во индустријата на градежни материјали и неметалите, состојбите на пазарот на трудот, конкурентноста на македонските компании и потенцијалите за настап на градежната оператива на странските пазари), организирањето настани за расправање и надминување на тековните проблеми на членките, активно вклучување на компаниите во подготовката на прописите од областа на градежништвото и коморските активности за обезбедување стручен кадар според потребите на бизнисот.

## 01.2.2019

**ПРЕТСТАВЕН НОВИОТ ПРЕДЛОГ-ПРАВИЛНИК ЗА БАРАЊАТА И УСЛОВИТЕ И ХИГИЕНА ЗА ПРОИЗВОДСТВО И СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НАМЕНЕТА ЗА ДИРЕКТНО СНАБДУВАЊЕ, ЛОКАЛИЗИРАНА АКТИВНОСТ И ЗА ПРИМЕНА НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ МЕТОДИ НА ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕРАБОТКА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ХРАНА**



Поддршка и развој на малите производители на храна од животинско потекло без да се доведува во прашање безбедноста на храната, водејќи сметка за зачувување на нејзините традиционални карактеристики, преку флексибилна примена на законските и подзаконските акти кои се однесуваат на безбедноста на храната - ова се основите на новиот Правилник за барањата и условите и хигиена за производство и ставање во промет на храна од животинско потекло наменета за директно снабдување, локализирана активност и за примена на традиционалните методи на производство, преработка и дистрибуција на храна со традиционални карактеристики. Предлог-правилникот беше промовиран пред членките од Здружението на земјоделството и прехранбената индустрија при Комората, претставници од Факултетот за земјоделски науки и храна и Факултетот за ветеринарна медицина, како и членови на невладини организации и асоцијации.

## 01.2.2019

**ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ СО МАКЕДОНИЈА КАКО НАЈАВА ОД СРЕДБАТА НА АМБАСАДОРОТ НА РЕПУБЛИКА ЧЕШКА ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**




Интензивирање на економската соработка меѓу Република Македонија и Република Чешка, преку организирање Бизнис форуми, реализирање на Б2Б средби, поттикнување на инвестициски активности беа темите за кои на средбата во Стопанската комора на Македонија разговараа в.д. Извршниот директор на Комората Билјана Пеева Ѓуриќ и амбасадорот на Република Чешка во нашата земја, неговата екселенција Мирослав Томан.

В.д. извршниот директор Билјана Пеева Ѓуриќ констатираше дека Комората го подржува процесот на интензивирање на бизнис соработката помеѓу двете земји особено во делот на воспоставување нови бизниси и продлабочување на постојните помеѓу компании од Македонија и Чешка, што е и една од главните улоги на Стопанската комора на Македонија, во интерес на нејзините членки да помогне во изнаоѓање нови пазари и поттикнување на извозот на македонските производи.

## 04.2.2019



**ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР ЌЕ ЈА ЗГОЛЕМИ ЕФИКАСНОСТА И КОНКУРЕНТНОСТА НА ГРАДЕЖНИТЕ КОМПАНИИ НА ДОМАШНИОТ И МЕЃУНАРОДНИОТ ПАЗАР – ПРЕЗЕНТИРАНИ АКТИВНОСТИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „BIMCERT“**

Андреа Серафимовски, претседател на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија имаше обраќање на настанот посветен на Проектот „BIMcert “, имплементиран од страна на проектниот конзорциум составен од реномирани високообразовни и истражувачки центри, меѓу кои и Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика ИЕГЕ. Серафимовски истакна дека без оглед на подемот кој го доживува во последните години, градежниот сектор е еден од најмалку дигитализираните сектори и порача дека за постепено воведување на дигиталната трансформација на градежништвото потребно е активно вклучување на сите чинители во процесот: *државните органи, образовните институции и градежните компании.*

## 04.2.2019

**ДА СЕ РЕГУЛИРА СТАТУСОТ НА БАЊИТЕ ВО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА - БАРАЊЕ ОД ГРУПАЦИЈАТА НА БАЊИ**




Групацијата на бањите при Стопанската комора на Македонија, иницира регулирање на статусот на бањите како природни лекувалишта. Сите овие, сега веќе приватни правни субјекти кои се основани пред 1991 година, согласно измените на стариот Закон за здравствената заштита во 2004 година, се избришани како термин од Законот, односно не се веќе дел од субјектите кои функционираат како здравствена организација што врши здравствена дејност и дава здравствена услуга. Сепак, согласно важечките договори со Министерството за здравство од 1995 година, тие продолжија со работа се` до носење на новиот Закон за здравствената заштита до 2012 година.

## 06.2.2019

**ИНИЦИЈАТИВА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ИНОВАЦИЈА ЗА ОДРЖЛИВО, КОНКУРЕНТНО И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ СО АПЛИЦИРАЊЕ НА АЛАТКАТА ЗА ИНФОРМАЦИСКО МОДЕЛИРАЊЕ НА ГРАДБИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „ПАЗАРНО ОРИЕНТИРАНИ ВЕШТИНИ ЗА ОДРЖЛИВО ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ – ТРАИНЕЕ“**



Како поддршка на градежниот сектор, а во насока на креирање дополнителни капацитети на вработените за имплементирање на параметрите за енергетска ефикасност во градби, на 5 и 6 февруари 2019 година во Центарот за трансфер на технологии и иновации - ИННО ФЕИТ, се одржа дводневна работилница за промоција на БИМ (алатка за информациско моделирање на градби) во рамките на Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење – ТРАИНЕЕ“ (http://trainee-mk.eu/mk), кој е дел од европската програма „Хоризонт 2020“.

Дводневната работилница за промоција на БИМ-алатката за информациско моделирање на градби е иницијатива со цел да се воведе иновација за одржливо, конкурентно и енергетски ефикасно градење, за да се постигнат и да се прикажат енергетските заштеди кои се резултат од примената на мерки за енергетска ефикасност во процесот на градење.

## 08.2.2019

**Одржана првата „INSURTECH“ работилница во Стопанската комора на Македонија - ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА КАКО УСЛОВ ЗА РАЗВОЈ НА ПАЗАРОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**




Агенцијата за супервизија на осигурувањето во соработка со Здружението на осигурувањето при Стопанската Комора на РМ и организацијата „Fintechguardian.eu“, на 8.2.2019 година, во Стопанската Комора на Македонија ја одржаа првата „INSURTECH“ работилница за друштвата за осигурување.

Настанот беше фокусиран на развојот и примената на дигитализацијата во осигурителниот сектор и супервизорските стандарди и практики како на национално, така и на ниво на Европската унија, од аспект на креаторите и засегнатите страни кои ги применуваат овие технологии во своето работење.

Insurtech се однесува на употребата на технолошки иновации дизајнирани да ги зголемат заштедите и ефикасноста прифатена од компаниите од осигурителниот сектор, за користење на предностите на новите технологии со цел обезбедување покриеност на дигитално позната база на клиенти.

## 08.2.2019



**ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА ОРУЖЈЕ, ОПАСНИ И ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ, ПИРОТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА ЗА ВОЕНА И ЦИВИЛНА НАМЕНА ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

Групацијата за оружје, опасни и експлозивни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, на седницата на Управниот одбор одржана на 08.02.2019 година, дискутираше за тековните состојби во производството и прометот со оружје и опрема и ги определи активносите на Групацијата во следниот период, кои пред се’ се однесуваат на активно вклучување на Групацијата во подготовката на суштинските прописи од областа на оружјето и опремата, поттикнување на развојот и конкурентноста на домашните компании, решавање на тековните проблеми во дејноста и продолжување на соработката со надлежните министерства и институции во областа на безбедноста и одбраната.

## 11.2.2019




**ОБУКА НА СТРУЧЕН И ТЕХНИЧКИ КАДАР ЗА ИНСТАЛИРАЊЕ ФОТОВОЛТАИЦИ И ТОПЛИНСКИ КОЛЕКТОРИ СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ НА ОБЈЕКТИТЕ**

Преку Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (TRAINEE), кој е дел од Работната програма за „Безбедна, чиста и ефикасна енергија“, под повикот за „Енергетска ефикасност“ EE-2016-2017, ќе се врши обука на стручен и технички кадар за инсталирање фотоволтаици и топлински колектори со цел зголемување на енергетската ефикасност на објектите.

-Активностите на Проектот се планирани во повеќе области со цел постигнување подобри резултати. Така, еден од сегментите на дејствување е во насока на натамошно подобрување на вештините на градежните работници за градење енергетски ефикасни објекти преку обука и преквалификации, со цел да се постигнат параметрите на ЕУ „Стратегијата 2020“ за енергетска ефикасност. Во таа смисла, Проектот „ТРАИНЕЕ“ ги надградува веќе постигнатите резултати во претходните два проекта „Обука на градежните работници за енергетска ефикасност 2014-2016“ и „Градење вештини за енергетска ефикасност 2012-2013“, со развој на тренинг шеми и проширување на обуките и на градежните професионалци - архитекти, инженери и техничари, - истакна Јадранка Аризанковска, виш советник при Стопанската комора на Македонија.

Проектните активности ги спроведува Стопанската комора на Македонија, како координатор, во партнерство со: Здружението за бизнис и консултанти „Креација“, Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Јавната установа Центар за образование на возрасните - Скопје (ЦОВ), Инженерската институција на Македонија (ИИМ) и WITS INSTITUTE SL (BIM Academy) Академијата БИМ од Шпанија.

## 12.2.2019

**БИЗНИС СРЕДБА НА МАКЕДОНСКИ И ТУРСКИ КОМПАНИИ ЗА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА И ИНВЕСТИЦИСКИТЕ АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНА ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**




Бизнис соработката меѓу Македонија и Турција има голем потенцијал и перспектива. Денешната средба на претставници на компании од двете земји е само потврда за таквите можности, истакна Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, како домаќин на турската бизнис делегација од македонско – турскиот деловен совет во рамки на Бордот за надворешно економска соработка од Турција (ДЕИК).

Македонија во Турција гледа сериозен партнер. Нашата земја станува членка на НАТО алијансата, а многу блиску сме и до европското семејство, потенцираше Пешев пред турските компании кои реализираа средба со потенцијални партнери од нашата земја во просториите на Стопанската комора на Македонија. На турската бизнис делегација и порача дека во Комората може да гледаат сигурен партнер за изнаоѓање нови деловни соработници на македонскиот пазар и остварување  бизнис реалции, бидејќи информацијата стигнува до повеќе од 15.000 членки.

## 13.2.2019

**НЕДОСТИГ ОД СТРУЧЕН КАДАР И ТЕКОВНИ ПРОБЛЕМИ ВО НЕКОЛКУ КЛУЧНИ СЕКТОРИ, КОНСТАТИРААТ ЧЛЕНКИТЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО СТРУМИЦА**



Членките на Регионалната комора со седиште во Струмица при Стопанската комора на Македонија одржаа седница на која се разговараше за приоритетните прашања и предизвиците на бизнис секторот во регионот во текот на 2019 година. Еден од клучните проблеми со кои се соочува регионот, а што на состанокот беше истакнато како можеби и најсериозно прашање за кое е потребно итно решение, е недостиг на стручен и технички кадар за потребите на компаниите.

На седницата беше усвоена предлог-одлуката за разрешување на претседателот на Регионалната комора кој од објективни причини се повлече од функцијата, а членките на состанокот го избраа Миле Цеков сопственик на фирмата Евромак од Струмица за нов претседател. Мандатот на новиот претседател ќе трае до јуни 2020 година кога и треба да се избере новото раководство на регионалната комора која во 2015 година избра покрај претседателот и 6 заменик претседатели кои остануваат на позициите се до истекот на мандатот.

## 14.2.2019

**ЌЕ СЕ ПОБАРА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА СО ГРУПАЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

На состанокот на Групацијата за безбедност и здравје при работа, одржан на 14.02.2019 година, се расправаше за изменување и дополнување на Законот безбедност и здравје при работа и за измените и дополнувањата на Правилникот за висината на надоместоци за услуги за безбедност и здравје при работа.

Во дискусијата се истакна дека е потребна измена и дополнување на Законот безбедност и здравје при работа во насока на усогласување со регулативата на Европска унија.

## 15.2.2019

**СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ ОД БИТОЛА И ПРИЛЕП НА ЗАЕДНИЧКА СРЕДБА**




Регионалната комора со седиште во Битола и Регионалната комора со седиште во Прилеп организираа заедничка средба на компаниите од Пелагонискиот регион на тема: Актуелни состојби во стопанството, тековни проблеми во работењето и перспективи за развој на компаниите од Пелагонискиот регион.

Фокусот на средбата беше да се нотираат заеднички проблемите со кои се соочуваат стопанствениците од регионот и да се поттикне унапредувањето на економијата во регионот преку партнерско делување на двете регионални комори.

Стопанствениците од Пелагонискиот регион како клучни проблеми со кои се соочуваат ги потенцираа инфраструктурата, односно патното поврзување, недостигот од работна сила и растот на платите поради странските инвеститори во зоните кои добиваат и државна помош за разлика од домашните компании, растот на трошоците за електрична енергија со порака да се интензивираат инвестициите во гасификацијата, третманот на македонските производи во соседните држави и регионот, потребата од регионална развојна стратегија во туризмот и угостителството, инертноста на администрацијата и борбата со „сивата“ економија во повеќе сектори.

## 18.2.2019

**ОДБЕЛЕЖАНА 97-ГОДИШНИНАТА ОД КОМОРСКОТО РАБОТЕЊЕ**

Стопанската комора на Македонија одбележа еден голем датум на бизнисот во Република Македонија - 97 години од постоењето на Стопанската комора на Македонија - 97 години заедништво со македонскиот бизнис и 1096 денови до 100-годишниот јубилеј. Иако била нарекувана на различни начини, и праведно и неправедно, секогаш била едно - Комора на успешните компании. Нема институција во државата која поседува капацитет со материјални и човечки добра како Стопанската комора на Македонија. Илјадници инженери, економисти, правници, магистри, доктори на наука е потенцијал кој мора да се стави во функција на развојот.



**Ние сме партнери на државата, со која имаме иста цел - членство во НАТО и ЕУ. Тие се наша голема одговорност – нагласи претседателот Бранко Азески во пораката по повод одбележување на годишнината.**

Традицијата на Комората за претставување и наградување на најуспешните компании и стопанственици продолжи и оваа година. Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија донесе Одлука за доделување награди и други признанија на Стопанската комора на Македонија за 2018 година.
















## 18.2.2019

**РАБОТНА СРЕДБА НА СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ СО ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ**



Во рамките на активностите за обележување на 97-годишнината од коморското работење во Македонија, во Стопанската комора на Македонија беше одржана работен состанок на раководството на Коморскиот инвестициски форум (КИФ). На состанокот пред претставниците на бизнис заедницата ги презентираа тековните активности на КИФ кои се насочени кон



унапредување на бизнис климата и конкурентноста на економиите од регионот со цел обезбедување динамичен регионален инвестициски простор. Коморскиот инвестициски форум во моментот спроведува или е во фаза на започнување на повеќе проекти, со финансиска поддршка на Европската банка за обнова и развој, Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), Германската инвестициона банка KFW, Австриската федерална стопанска комора, Австриската агенција за развој (АДА), Европската комисија преку IPA II фондовите.

## 18.2.2019

**РАБОТНА СРЕДБА НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ СО ПРЕМИЕРОТ ЗАЕВ**



Делегација на Коморскиот инвестициски форум, предводена од претседателот на Стопанската комора на Македонија и заменик-претседател на Коморскиот инвестициски форум Бранко Азески, оствари работна средба со претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев и членови на економскиот тим на Владата.

На средбата се разговараше за перспективите за интензивирање на економската соработка помеѓу шесте држави од регионот на Западен Балкан, како и за подобрување на конкурентноста на економиите од целиот регион преку поврзување на бизнис заедниците, и зголемување на интрарегионалната трговската размена, како дел од целите што произлегуваат од Берлинскиот процес. Бизнис-заедницата од регионот здружена преку Коморскиот инвестициски форум го гледа остварувањето на единствената Регионална економска област, не како желба, туку како прашање на опстанок и подготвеност за големиот европски пазар за компаниите од целиот регион, за што бизнис заедницата има јасни барања. – истанка Чадеж.



Бранко Азески посочи дека се исполнети сите претпоставки иницијативата на бизнис-заедницата од регионот, преточена во активностите на КИФ да успее. Исполнети се трите клучни претпоставки - иницијативата има јасни поддржувачи , поставени се јасно дефинирани цели, и прецизно се дефинирани контролни механизми кои ќе ги имплементираат и реализираат зацртаните активности.

## 20.2.2019

**ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА АГРЕГАТИ, БЕТОНИ И АСФАЛТИ СО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**




Групацијата за агрегати, бетони и асфалти при Стопанската комора на Македонија на 20.02.2019 година одржа работна средба со претставници на Јавното претпријатие за државни патишта, на која се дискутираше за техничките услови кои во тендерската документација ги пропишува ЈПДП, со посебен осврт на техничките услови за битуменски мешавини. На средбата се констатираше дека во процесот за донесување на нови технички услови за битуменски мешавини, е потребно да се вклучат поширок круг на засегнати страни, односно покрај престатвниците на ЈПДП да се вклучат и претставници од компаниите – членки на Стопанската комора на Македонија, Институтот за стандардизација на Република Македонија и научната јавност – факултетите.

## 20.2.2019

**НАЦРТ-ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ПРЕД МАКЕДОНСКАТА ЕНЕРГЕТСКА АСОЦИЈАЦИЈА (МЕА)**

Македонската енергетска асоцијација (МЕА), во соработка со Министерството за економија, организираше јавна расправа по Нацрт-законот за енергетска ефикасност. На јавната расправа присуствуваше министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, претставници на голем број стопански субјекти, заинтересирани страни и надлежни институции. Целта на јавната расправа е да придонесе за подобрување на текстот на Нацрт-законот за енергетска ефикасност.

## 20.2.2019

**МЕСНАТА ИНДУСТРИЈА БЕЛЕЖИ ПОЗИТИВНИ РЕЗУЛТАТИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ВЛАДИНАТА МЕРКА**

Зголемен извоз на сувомесни производи, намалување на увозот, поголема искористеност на домашните капацитети, како и пад на цената на дел од домашните сувомесни производи е резултатот од воведената мерка минатата година за намалување на царината на смрзнато месо за преработка, посочија компаниите од Групацијата за преработувачи на месо и месни производи при Комората. Извозот на сувомесни производи е зголемен за 41,7 проценти, вкупното производство на сувомесни производи е зголемено за 6,64 проценти по нејзиното воведување од 1 јули 2018 година. Во 2018 година се извезени 2.936.495 килограми сувомесни производи, а во 2017 година 2.070.904 килограми, додека увозот лани изнесувал 6.039.749 килограми, додека во 2017 година бил 13.442.740 килограми. Од земја увозник станавме земја извозник и Северна Македонија нема друга шанса освен брза индустријализација.

## 21.2.2019

**„ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ НА БИТУМЕНСКИ МЕШАВИНИ СОГЛАСНО БАРАЊАТА НА МКС EN-СТАНДАРДИТЕ И ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ“- едукативен настан на Групацијата за агрегати, бетони и асфалти при Стопанската комора на Македонија**



Групацијата за агрегати, бетони и асфалти при Стопанската комора на Македонија одржа едукативен настан на тема „Оцена на сообразност на битуменски мешавини согласно барањата на МКС EN-стандардите и Законот за градежни производи“. Едукативниот настан имаше за цел компаниите подетално да се запознаат со одредбите на Законот за градежни производи, со акцент на обврските за производителите на битуменски мешавини, начинот на контрола на производството, барањата од хармонизираните стандарди за битуменски мешавини, почетното испитување за определување на тип на производ и спроведувањето на контролата на фабричко производство – FPC.

## 21.2.2019

**СВЕЧЕНО ОТВОРЕНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН (KIF WB6) ВО ПОДГОРИЦА**






Министерката за економија на Црна Гора, г-ѓа Драгица Секулиќ, заедно со претседателот на Стопанската комора на Србија и претседател на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум, Марко Чадеж, во Подгорица свечено ја отворија канцеларијата на Генералниот секретаријат на Коморскиот инвестициски форум за Западен Балкан (KIF WB6). На свеченото отворање на канцеларијата во просториите на Стопанската комора на Црна Гора присуствуваа претседателот на Стопанската комора на Македонија и заменик-претседател на Коморскиот инвестициски форум, Бранко Азески, Сафет Ѓерѓалиу, генерален секретар на Коморскиот инвестициски форум, претседателот на Стопанската комора на Црна Гора, Властимир Голубовиќ, како и претставници на бизнис секторот. Исто така, Делегацијата на Коморскиот инвестициски форум предводена од претседателите на коморите оствари средба во Владата на Црна Гора со господинот Милутин Симовиќ, потпретседател на Владата на Црна Гора и министер за земјоделие и рурален развој.

## 22.2.2019

**ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИНТЕГРИРАН И СИСТЕМАТСКИ ПРИСТАП ЗА ГРАДЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНИ ЗГРАДИ ПРЕКУ ДВОДНЕВНА ОБУКА НА АРХИТЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „ПАЗАРНО ОРИЕНТИРАНИ ВЕШТИНИ ЗА ОДРЖЛИВО ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ – ТРАИНЕЕ“**



Во однос на потребите за заштеда на енергија во градежниот сектор, како и подобрување на капацитетите на архитектите со цел имплементирање на параметрите за енергетска ефикасност во градби, на 22 и 23 февруари 2019 година, во хотел „Порта“ - Скопје, се одржа дводневна обука на архитекти во рамките на Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење – ТРАИНЕЕ“, дел од европската програма „Хоризонт 2020“.

Целта на обуките беше подигнување на свеста на инвеститорите, архитектите на национално ниво за потребата од енергетска ефикасност; стекнување на знаења за дефинирање на енергетската заштеда и вештини за пресметување на планираната потрошувачка на енергија за згради; информации за регулаторната рамка и нејзина имплементација, како и разбирањето на потребата за изработка на сојузи со клиенти и вреднување на додадената вредност на зградите за ЕЕ.

## 25.2.2019

**КРЕАТИВНИТЕ ИДЕИ ДА ДОБИЈАТ АПЛИКАТИВНА ПРИМЕНА – ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ФОКУСОТ НА НАТПРЕВАРОТ „CODE APP LEVEL UP“**

Стопанската комора на Македонија се приклучи како поддржувач на студентската иницијатива - натпреварот „Code App Level Up“, кој во организација на ЕЕСТЕК Локален комитет Скопје – Здружение на студенти по електротехника, се одржа по петти пат.

Во фокусот на натпреварот е биде поттикнувањето на претприемачкото размислување кај студентите, во насока на создавање сопствени продукти, кои ќе донесат поголема додадена вредност. Неспорно е дека Македонија располага со иновативен и креативен потенцијал, но не секогаш тој потенцијал го наоѓа своето место на пазарот. - За време на траењето на натпреварот, од 15 до 21 април 2019 година, токму тука во Стопанската комора на Македонија, ќе работат тимовите кои ќе учествуваат на натпреварот, проследено со предавања, работилници и менторска работа, - посочи д-р Татјана Штерјова од Стопанската комора на Македонија.

## 26.2.2019

**АЗЕСКИ - КОМШИЌ: ИМА ПЕРСПЕКТИВИ РАЗМЕНАТА ПОМЕЃУ ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ДА СЕ ЗГОЛЕМИ ДВОЈНО ВО СЛЕДНИТЕ ПЕТ ГОДИНИ**

Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески оствари работна средба со Жељко Комшиќ, член на Претседателството на Босна и Херцеговина, на 26.02.2019 година.

Азески накратко ги презентираше активностите кои Коморскиот инвестициски форум ги реализира во областа на унапредување на регионалната економска соработка, зголемување на извозните капацитети на компаниите од регионот, воведување на системот на дуалното образование и спроведување на процесот на дигиталната трансформација за компаниите од регионот. Претседателот Азески најави дека во насока на зацврстување на добрата деловна соработка помеѓу компаниите од двете земји, делегации на Стопанската комора на Македонија во идниот период ќе земат учество на конференцијата – „Дигитализација на општеството во Босна и Херцеговина“ и на Бизнис Форумот во Сараево. Н.Е. Жељко Комшиќ, член на Претседателството на Босна и Херцеговина посочи дека државните органи треба да ги поддржат сите иницијативи на бизнис-заедницата кои можат да донесат поголем просперитет во регионот, вклучувајќи го и предлогот за воведување на авионската линија Скопје-Подгорица-Сараево, која иако самата по себе нема економска исплатливост, значително ќе придонесе за унапредување на соработката помеѓу трите држави, поради што државите треба безрезервно да се заложат што побрзо таа идеја да биде спроведена.

## 27.2.2019

**НОВ ЗАКОН ЗА ОСИГУРУВАЊЕ БАЗИРАН НА ДИРЕКТИВАТА СОЛВЕНТНОСТ 2**

Асоцијацијата на осигурително-брокерските друштва при Стопанската комора на Македонија одржа редовна седница на 27 февруари 2019 година (среда), во Стопанската комора на која се дискутираше за актуелни теми и состојби во овој сектор.

Главна точка на дневен ред беше расправа во врска со донесените решенија од Државната комисија за жалби по јавни набавки за поништување на постапката кога оди со посредство на брокерско дсто така, присутните претставници на осигурително брокерските друштва беа информирани за новиот Закон за јавни набавки коишто стапи на сила Објавен во Службен весник на РМ, бр. 24 од 1.2.2019 година стапува на сила на 1 април 2019.

## 28.2.2019

**Одржана информативна сесија на тема: „МОЖНОСТИ ЗА ДОУРЕДУВАЊЕ НА НОВИОТ ЗАКОН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ПРАШАЊА ОД ИНТЕРЕС НА КОМПАНИИТЕ“**

Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, во Стопанската комора на Македонија се одржа информативна сесија, на која се дискутираше за Новиот Закон за јавни набавки, кој е веќе стапен на сила, а ќе започне да се применува од 1 април 2019 година. Меѓу претставниците на компаниите и експертите се отвори дебата за подобрување на регулативата за јавни набавки преку презентирање на клучните новини на законското решение, како и можностите за негово дополнување со подзаконски акти. Во фокусот на новините на Законот се напуштањето на концептот најниска цена и електронска аукција, објавувањето на плановите за јавни набавки, како и можноста за директни плаќања на подизведувачите, а беше поставено прашањето дали тие ќе бидат доволни за надминување на досегашните проблеми.






## 28.2.2019

**ПОДОБРУВАЊЕ НА ИЗВОЗНИТЕ ПЕРФОРМАНСИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА ПРЕКУ АКТИВНОСТИ НА КЛУБОТ НА ИЗВОЗНИЦИ**



Извозниците компании - членки на Клубот на извозници при Стопанската комора на Македонија ќе имаат можност преку проектни активности во Комората да земат учество во креирањето на извозната диверзификација на македонската економија. За таа цел, на седницата одржаната во Комората, членките на Клубот беа информирани за чекорите кои е потребно да се направат за да се согледа фактичката состојба на извозниот потенцијал, но и можностите како да се зголеми бројот на извозни производи, компании кои извезуваат и да се зголеми бројот на земји каде се извезуваат македонски производи.

Во таа насока, д-р Дарко Лазаров, професор на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, го презентираше планот на активности на Стопанската комора на Македонија преку кој треба да се идентификуваат развојните потенцијали и можности за извозна диверзификација, да се дијагностицира и да се изработи план за подобрување на извозната конкурентност на селектирани компании и да се промовираат пред извозните компании предлог- политики за нивна системска поддршка.

## 01.3.2019

**АЗЕСКИ - РУКИЧИ: 14 % РАСТ ВО РАЗМЕНАТА СО КОСОВО ЗА 2018 ГОДИНА КОМПЛЕТИРАЊЕ НА АВТОПАТСКОТО ПОВРЗУВАЊЕ - ПРИОРИТЕТ**



Претседателите на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и на Стопанската комора на Косово, Берат Рукичи, одржаа работна средба, на која разговараа за перспективите за унапредување на економската соработка меѓу двете земји, но и за зајакнување на меѓукоморската соработка, која е на исклучително високо ниво во изминатите години. Преку Коморскиот инвестициски форум во наредниот период и двете комори ќе продолжат со работа на воспоставување на регионална економска област и креирање на заеднички производи, како и заеднички настап на државите од регионот на трети пазари. Како претпоставка за остварување на овие цели, беше потенцирана важноста од што побрзо комплетирање на проектот за автопатско поврзување на Македонија со  Косово, кој се актуелизираше во последните години, откако претходно, повеќе од една деценија беше ставен во мирување.

## 04.3.2019

**2018 - НАЈУСПЕШНА ГОДИНА ЗА ОСИГУРИТЕЛНАТА ИНДУСТРИЈА ВО ПОСЛЕДНАТА ДЕКАДА, ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА И РАЗВОЈОТ НА НОВИ И ИНОВАТИВНИ ПРОДУКТИ НАЈВАЖНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД**





- Минатата 2018 година претставува најуспешна година за осигурителната индустрија во нашата земја во последната декада. Осигурителниот сектор забележа раст во однос на сите сегменти на неговото функционирање: бруто полисираната премија (БПП), број на продадени договори за осигурување, поголема исплата на штети, пораст на капиталот, пораст на активата и на финансиските вложувања како дел од активата, како и поголема профитабилност на друштвата за осигурување, - истакна д-р Климе Попоски, претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија (4.3.2019 година).

Ѓорѓе Војновиќ, претседател на Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија, истакна дека осигурителната индустрија во Македонија континуирано се развива и станува исклучително конкурентна и динамична, што секако придонесува за  подобрување на квалитетот на услугите што се нудат.

## 04.3.2019

**ДЕЛЕГАЦИЈА ОД НР КИНА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

На 4 март 2019 година, претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Македонија, Антони Пешев, оствари работна средба со делегација од кинескиот град Нингбо.

Господинот Пешев потенцираше дека е потребно да се искористат сите можности за продлабочување на соработката, а од кинеските претставници беше побарано да достават понуда за соработка со македонските компании. На работната средба беа презентирани можностите за соработка на македонските иновативни компании и научни и истражувачки институции со „Нингбо Силк Роад“, иновативна компанија, која е специјализирана за истражување, наука и технологија за размена на услуги во земјите од Централна и Источна Европа. Нингбо е еден од 5-те најголеми градови во Кина кои се центри за развој на мали бизниси и иновативни технологии, и трет по извоз на технологија и иновации.

## 03.4.2019

**ЈАВНА РАСПРАВА ЗА ЗАЕДНИЧКИОТ ПРОЕКТ НА ОПШТИНА БИТОЛА И СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - ОБНОВА НА ОФИЦЕРСКИОТ ДОМ ВО БИТОЛА**



На 2.4.2019 година во салата на Советот на Општина Битола, пред голем број присутни заинтересирани страни, чинители на општествениот и деловниот живот во Битола, стопанственици и претставници на граѓанскиот сектор, се одржа јавна презентација и јавна расправа за Планот за управување на работите за културно наследство за Проектот „Реставрација и адаптација на Офицерскиот дом во Општина Битола“.

Стопанската комора на Македонија и Регионалната комора со седиште во Битола го препознаа значењето на овој проект во насока на развој на целокупниот економски сектор на регионот и дадоа безрезервна поддршка за реализација на истиот. Според предложениот план најстарата бизнис асоцијација во земјава е задолжена за промоција, видливост и презентација на остварената реставрација на објектот, како и неговата улога за понатамошно користење во туристички и културни цели.

## 05.3.2019

**СОРАБОТКА СО МЕГАТРЕНД УНИВЕРЗИТЕТОТ ОД БЕЛГРАД**

Имајќи го предвид фактот дека решавањето на економските проблеми лежи во зголемување на конкурентноста, а конкурентноста се потпира на развојот на образованието, науката и иновациите, Стопанската комора на Македонија постојано работи на унапредување на релациите со реномирани домашни и странски образовни институции, со цел развивање на свеста кај креаторите на економската политика дека во времето на развојот на економија базирана на знаење, образовниот систем ја презема улогата на клучен развоен фактор. Во насока на размена на искуства и изнаоѓање можности за взаемна промоција беше и денешната работна средба на претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Македонија, Антони Пешев и неговите соработници со делегација од Мегатренд универзитетот од Белград.

## 05.3.2019

**ПРАВНИТЕ СУБЈЕКТИ ДОБИЈА НОВИ ЛИЦЕНЦИ ОД ДЕЈНОСТА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА ДОДЕЛЕНИ ОД ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**



Членовите на Групацијата за противпожарна заштита на седницата одржана на 5.3.2019 година расправаа за актуелните состојби во оваа дејност, посебно за состојбите и проблемите во дејноста за противпожарна заштита по добивањето на новите лиценци за работа.

На состанокот се констатира дека повеќе фирми добија лиценци за работа од Дирекцијата и тоа за Овластување за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси и Овластување за одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати.

**06.3.2019**

**МЕДИУМСКА КАМПАЊА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ОСИГУРУВАЊЕТО**



Управниот одбор на Здружението на осигурувањето ја одржа својата редовна седница на 6.3.2019 година на која како посебна точка на дневен ред беше најавената медиумска кампања за осигурување во земјоделството.

Производителите на земјоделски производи постојано се соочуваат со низа ризици кои непосредно влијаат на земјоделските приноси. Најголем дел од нив се производствените ризици кои се поврзани со временските услови, природните катастрофи, штетниците и болестите.

**06.3.2019**

**ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА"ОДРЖАНА ДВОДНЕВНА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ КАКО ЕДНО ОД ПРИОРИТЕТНИТЕ ПРАШАЊА ВО ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БИЗНИС СЕКТОРОТ**

Во насока на подобрување и полесно имплементирање на законите во Република Македонија преку ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА", на 6.3.2019 година (во Битола) се организираше информативен настан на тема: „Заштита на личните податоци како едно од приоритетните прашања во функционирањето на бизнис секторот‟. Целта на настанот е низ дискусија со приватниот сектор и низ процес на јавно приватен дијалог да се иницираат конкретни решенија кои ќе обезбедат поефикасна контрола над пазарот и воедно креирање на предвидливо деловно опкружување за компаниите.

**07.3.2019**

**ОДРЖАНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА „САРАЕВО БИЗНИС ФОРУМОТ" - ИНВЕСТИЦИСКИ И ТРГОВСКИ МОЖНОСТИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ**

Пред компаниите-членки на Стопанската комора на Македонија, на 7.3.2019 година, беше одржана презентација на „Сараево бизнис форумот", еден од најголемите инвестициски настани во регионот, кој ќе се одржи од 17-19.4.2019 година. На настанот беше потпишан и меморандум за соработка со со „Bosna Bank International"во насока на обезбедување поддршка за македонските компании кои сакаат да земат учество на настаните што ги организира „Bosna Bank International" („Сараево бизнис форумот", „Сараево Халал саемот", како и другите меѓународни настани од сличен карактер), во насока на промоција на инвестициските можности на двете земји, но и на целиот регион на Западен Балкан, како и за преземање активности за подобрување на инвестициската клима во државите од Западен Балкан.

**11.3.2019**

**ДОСТАПНИТЕ ЕВРОПСКИ ФОНДОВИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА КОМПАНИИТЕ И НИВНАТА ИСКОРИСТЕНОСТ**




Европските фондови во разни облици се средства кои треба да придонесат пред се` за поддршка на целите кои ги има поставено Европската унија во насока на реализација на приоритетите за развој, беше истакнато на прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија.

-Република Северна Македонија во континуитет има пристап до одредени европски фондови. Од 2007 година на располагање се претпристапните фондови кои имаа за цел да ја подготват државата, институциите, но и граѓанското општество за достигнување на нивото на развој приближно еднакво со земјите-членки на Европската унија. За приватниот сектор и за градење на конкурентноста на компаниите кои за нас како Стопанска комора на Македонија е од исклучително значење, во рамките на ИПА - фондовите не се определени значителни средства, освен Програмата за рурален развој позната како ИПАРД-Програма која нуди директна финансиска поддршка за компаниите од областа на земјоделството, прехранбената индустрија, развој на руралниот туризам и развој на економијата во руралните области истакна Јадранка Аризанковска, виш советник при Стопанската комора на Македонија.

Искористеноста на овие фондови е се` уште многу мала (околу 20%) пред се заради огромната документација, сложеноста на апликативниот процес, но и покрај тоа неопходно е компаниите да се охрабрат и да влезат во процес на аплицирање пред се` затоа што тоа значи нивна подготовка за искористување на многу поголеми фондови кои ќе бидат достапни со отпочнување на самите преговори но и по влезот во Европската унија кога на располагање ќе ги имаме кохезионите и структурните фондови.

## 13.3.2019

**НАМАЛУВАЊЕ НА ОПТОВАРУВАЊАТА НА ИКТ-СЕКТОРОТ И КАБЕЛСКИТЕ ОПЕРАТОРИ**

Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија, одржа редовна седница за оптоварувањето на стопанството, посебно на членките на Здружението. На седницата, на која присуствуваа претставници на најголемите кабелските оператори во земјата, се нагласи дека стопанството е под постојан притисок на оптоварувања во своето работење, со постојните законски решенија во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за филмски фонд.

Членките на Здружението, односно сите оператори кои вршат реемитување преку различни платформи (ИПТВ, кабелски, ДВБТ и сателитски), заклучија дека ќе настапуваат заеднички, аргументирано и со факти за изнаоѓање реални и применливи законски решенија, ќе ги актуелизираат своите ставови на прес-конференции, ќе бараат странски експерти, ќе прават компаративни анализи за состојбите во земјите од опкружувањето, ќе продолжат и со интензивни контакти во текот на идниот период со ресорните министри, се` до конечното донесување на прифатливи законски решенија за сите засегнати страни.

## 14.3.2019

**КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ЕУ-ИНТЕГРАЦИЈА**



Во рамки на проектот „Градење меѓусекторски партнерства за одржлив развој“, на 14 март 2019 година, во хотелот „Хилтон Double Tree“ се одржа Национална конференција за целите за одржлив развој и ЕУ-интеграција. Конференцијата имаше за цел да ги презентира добрите домашни и меѓународни практики за меѓусекторските партнерства и истовремено беше настан кој ги сумираше активностите на Проектот.

На Конференцијата свое обраќање имаше и Д-р Татјана Штерјова, в.д. директор на Дирекцијата на здруженија и регионални комори од Стопанската комора на Македонија, која ги посочи заложбите на Комората како најголема бизнис асоцијација преку поврзување на различни сектори преку здруженија, асоцијации и групации да гради цврсти партнерства не само помеѓу бизнис заедницата , туку и со јавните институции, невладиниот и граѓанскиот сектор. На тој начин Комората активно е вклучена во остварувањето на овие цели, а за тоа говори и фактот дека две од компаниите кои земаа учество на настанот (Цементарница „УСЈЕ“ АД - Скопје и „Фармахем“ - Скопје), се дел од компаниите членки на Комората кои беа добитници на Наградата - предводник во остварување на целите за одржлив развој 2019.

## 14.3.2019

**СЕДНИЦА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА КОЖАРСКО-ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА**

На 14.3.2019 година во Стопанската комора на Македонија се одржа седница на Здружението на кожарско-преработувачката индустрија, на којашто беше истакнато дека Република Македонија е земја со традиција во оваа индустрија, каде компаниите се познати по својот висок квалитет на производите и производството го извезуваат, што придонесува за ублажување на девизниот дебаланс на земјава.




Лидија Миладиновска, претседател на Здружението на кожарско-преработувачката индустрија, ги презентираше и актуелните состојби и проблеми во работењето на компаниите од оваа дејност, каде според податоците за индустриското производство за 2018 година споредено со истиот период од 2017 година кај производството на кожа и слични производи од кожа има намалување за 14,1%, а учеството во БДП е минимално и изнесува 0,3%.

Како проблеми со кои се соочуваат компаниите во работењето беа наведени застарениот машински парк кој мора компаниите под итно да го модернизираат ако сакаат да бидат поконкурентни и попродуктивни во работењето, немањето стручна и квалификувана работна сила, неопходноста да се подобрат условите за работа во самите компании, како и насочување и на извозот на оваа дејност.

## 14.3.2019

**ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО СКОПЈЕ „НАДМИНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ БАРИЕРИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ОТПАДОТ“**




Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, во Стопанската комора на Македонија се одржа информативна сесија на тема: „ РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ОТПАД – ИСКУСТВА, БАРИЕРИ, МОЖНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ

Целта на овој информативен настан беше презентирање на сегашната практика во рециклирање на отпадот во Северна Македонија, научени лекции, што може да се направи поинаку (институционални измени, законски измени, јакнење на капацитетите, иновативни решенија и соработка со научните институции, итн.), со цел да се зголеми уделот на рециклирање на отпадот, а со тоа да се заштеди во потрошувачка на нови суровини, енергија, вода, да се намали притисокот врз животната средина, да се отворат нови работни места и да се подобрат позициите на компаниите и да се зголеми конкурентноста на пазарот.

Свое обраќање имаше и амбасадорот на Холандија, н. е. Ваутер Пломп, кој и истакна дека постигнат е напредок во третирањето на текстилните остатоци како ресурс наместо како отпад од одржувањето на првиот настан посветен на справување со текстилниот отпад – „ТексРек“ во 2017 година.

## 14.3.2019

**ПОСЛЕ НАТО, ЕВРОПСКА УНИЈА - БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА БАРА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПРЕТПРИСТАПНИТЕ ПРЕГОВОРИ СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВЕДНАШ - СРЕДБА АЗЕСКИ – ЖБОГАР**



Преговорите за членство да започнат што поскоро беше пораката која ја упатија претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и амбасадорот на Европската унија, Самуел Жбогар.

-- Целокупниот процес на европските интеграции треба да се разгледува преку севкупниот процес на европеизација на општествата, која подразбира воспоставување и спроведување сеопфатни реформи и прифаќање на европските стандарди и вредности кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на животот на сите граѓани.

Стопанската комора е во континуиран дијалог со Владата на Република Северна Македонија во однос на седумте поставени приоритети од страна на Комората, како што се фискалната политика, независност на регулаторните тела, што поскоро спроведување на попис, децентрализација, даночна реформа, реформи во правосудниот систем, мерки за спречување на корупцијата со цел постигнување на континуиран економски раст, - потенцираше Азески.

-За постигнување на значителен економски раст кој мора да биде на ниво на просекот на економскиот раст на регионот, македонската економија треба да биде извозно ориентирана со поттикнување на креативни компании кои придонесуваат кон креирање на производи и услуги со додадена вредност - истакна Азески.

## 14.3.2019

**НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА АГРОСЕКТОРОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



Создавањето на конкурентен земјоделско-прехранбен сектор, кој ќе ги искористи компаративните предности на Република Северна Македонија, бара доследно спроведување на сеопфатни мерки во низа области, беше посочена на прес-конференцијата одржана во Стопанската комора на Македонија. Овие мерки вклучуваат: ефективни земјишни политики, финансирање, преструктуирање на земјоделското производство во насока на производи со дефицит на високи примања и ефективен пазар кој обезбедува соодветна средина за техничките и претприемачките вештини на домашните фармери. Целта е да се зајакне свеста за македонските земјоделски и прехранбени производи чии имиња се заштитени со оригинални ознаки за потекло, заштитени географски ознаки или загарантирани традиционални специјалности со цел да се зголеми нивната побарувачка, да се зголеми интересот на производителите за влез во производство на заштитени производи за да се постигне нивно подобро позиционирање и да се спречи злоупотреба на заштитени имиња на пазарот.

## 15.3.2019

**ОДРЖАНА ОБУКА ЗА ИНТЕГРИРАН И СИСТЕМАТСКИ ПРИСТАП НА АРХИТЕКТИ ЗА РАВОЈ НА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ОБЈЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „ПАЗАРНО ОРИЕНТИРАНИ ВЕШТИНИ ЗА ОДРЖЛИВО ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ – ТРАИНЕЕ“**

На 15.3.2019 година, во хотелот „Порта“ во Скопје, се организираше обука за интегриран и систематски пристап на архитекти за развој на енергетски ефикасни објекти, а истата обука ќе се продолжи и на 16 март 2019 година.

Целта на обуката е подигање на свеста на архитектите за дизајнирање на енергетски ефикасни објекти, следење на нивниот придонес во проекти кои ги дизајнираат/одобруваат користејќи ја енергетската класа, стекнување на знаења за дефинирање на енергетската заштеда и вештини за пресметување на планираната потрошувачка на енергија за згради; информации за регулаторната рамка и нејзина имплементација. Обуката беше наменета за архитекти кои работат во секторот за енергетска ефикасност во јавните институции.

## 18.3.2019

**АЗЕСКИ ВО САРАЕВО НА РАЗГОВОРИ ЗА РЕГИОНАЛНИТЕ ПРОЕКТИ**

Во периодот од 18 до 20 март 2019 година, во Сараево, Босна и Херцеговина, ќе се одржи првата Конференција на тема: „Дигитализација на општеството во Босна и Херцеговина“. Целта е да се воведе дигитализација како двигател на развојот на локалната економија и да се создаде подобра средина за инвестирање, особено во новите проекти за висока технологија. Во рамките на тридневната Конференција, претседателот Азески, во својство на заменик-претседател на Коморскиот инвестициски форум, ќе учествува на работна средба на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум, со цел дефинирање на понатамошните активности во рамки на проектите кои се во фаза на имплементација. Преку Коморскиот инвестициски форум, во моментот се имплементираат или се планирани повеќе проекти, вклучувајќи го креирањето на регионална инвестициска платформа – investinsee.com, со поддршка на ЕБРД; зголемувањето на извозните капацитети на компаниите од регионот на Западен Балкан, со поддршка на GIZ; воведување на системот на дуалното образование, со поддршка на KFW; поддршка во процесот на дигитална трансформација на компаниите, со поддршка на WKO и ADA; унапредување на регионалната економска соработка, со поддршка на Европската комисија.

## 18.3.2019

**ПРОМОВИРАН НОВИОТ ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА БАРАЊАТА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ НА МЕЛЕНО МЕСО, ПОДГОТОВКИ ОД МЕСО И ПРОИЗВОДИ ОД МЕСО**

Агенцијата за храна и ветеринарство им излезе во пресрет на операторите со храна - преработувачи на месо и во соработка со Групацијата за производство на месо и преработки од месо при Стопанската комора на Македонија, донесе нов подзаконски акт - Правилник за барањата во однос на квалитетот на меленото месо, подготовки од месо и производи од месо. Во соработка со експерти од областа на технологијата на преработка на месо, со невладиниот сектор и со бизнис заедницата, во новиот Правилник, се допрецизираа одредени прашања кои се однесуваат на квалитетот на месото, со што беше создадена основа за подобрување на деловната клима во овој дел од стопанството, односно за еднаквата поставеност на сите субјекти на пазарот. Новите одредби се и во насока на унапредување на правата за заштита на потрошувачите, поточно нивното право да бидат навремено, соодветно и детално информирани за тоа каква храна купуваат и консумираат.

## 19.3.2019

**ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР, ВО ДЕЛОТ НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, ТРГОВСКИ МАРКИ, ПАТЕНТИ И КОРИСТЕЊЕТО НА ТЕРМИНИТЕ „МАКЕДОНИЈА“, „МАКЕДОНСКИ“, „MADE IN MACEDONIA“**

Во Стопанската комора на Македонија беше организирана работна средба, на која се дискутираше за прашањата кои се предмет на уредување на Преспанскиот договор, а се однесуваат на правата од интелектуална сопственост, заштитата на трговските марки и патентите, како и користењето на термините „Македонија“, „македонски“, „Made in Macedonia“, во секојдневното работење на компаниите во земјата и во меѓународниот правен промет.

Со потпишаниот Преспански договор се уредува дека во однос на користењето на името и терминот „Македонија“ за комерцијална намена, трговските марки и заштитните знаци, двете договорни страни се согласуваат да им дадат поддршка и да ги охрабрат своите деловни заедници да воспостават искрен, структуриран и со добра волја дијалог, во чии рамки ќе бараат и ќе постигнуваат заемно прифатливи решенија за прашањата кои произлегуваат од имињата за комерцијална намена, трговските марки и заштитни знаци и за сите релевантни прашања, на билатерално и на меѓународно ниво. При тоа, предвидено е во текот на 2019 година да биде формирана меѓународна група на експерти, која ќе ја сочинуваат претставници на двете држави и истата ќе треба да ја заврши својата работа во рок од три години.

## 19.3.2019

**- ФОРУМ НА ТЕМА: „ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА КОМПАНИИТЕ ЗА ИЗНАОЃАЊЕ КВАЛИТЕТНА РАБОТНА СИЛА ВО МОДЕРНОТО ВРЕМЕ“**

Во насока на подобрување и полесно имплементирање на законите во Република Северна Македонија преку ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“, во Тетово се организираше Форум на тема: „Предизвиците на компаниите за изнаоѓање квалитетна работна сила во модерното време‟, а истиот ќе се одржи и во Скопје.

Настанот беше поделен на две панел-дискусии: во првиот дел во кратки црти се дискутираше за трендовите во работните односи што даваат мотив со цел луѓето да останат во една држава, правната регулатива, кои се нашите обврски со пристапување кон ЕУ и како законските прописи на ЕУ ќе влијаат на нашето законодавство. На втората панел-дискусија беше прикажана компаративна анализа со соседните држави во однос на прашањето како да се одржи кадарот во земјата и какви мерки е потребно да се преземат за да се задржи работната сила во земјата.

## 19.3.2019

**АЗЕСКИ НА РАБОТНА СРЕДБА НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ ВО САРАЕВО**



Во насока на поефикасно исполнување на целите и задачите за креирање на единствен, развиен и силен економски регион, стопанските комори кои се и основачи на Коморскиот инвестициски форум, остварија работна средба со цел дефинирање на натамошните активности во рамките на проектите кои се во фаза на имплементација.Очекувањата од Коморскиот инвестициски форум се големи, мора да се направат напори да се обезбеди слободна трговија во регионот на Западен Балкан, да се продлабочи и да се интензивира економската соработка помеѓу шесте држави од регионот на Западен Балкан, како и да се подобри и да се зголеми конкурентноста во регионот, што е неопходно, - истакна претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески.

## 22.3.2019

**ПРОМЕНИ ВО РЕГУЛАТИВАТА ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ, ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА НА НЕВРАБОТЕНИТЕ, КРЕИРАЊЕ ДОБРО ПЛАТЕНИ МЕСТА, КАКО ДЕЛ ОД ПРЕПОРАКИТЕ СО КОИ НА КОМПАНИИТЕ ЌЕ ИМ СЕ ОБЕЗБЕДИ РЕГРУТАЦИЈА НА КВАЛИТЕТНА РАБОТНА СИЛА И ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ**

Форум на тема: **„Предизвиците на компаниите за изнаоѓање квалитетна работна сила во модерното време“,** во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“ се одржа на 20 март 2019 година, во хотелот „Холидеј Инн“ во Скопје. На Форумот присуствуваа претставници на бизнис заедницата, владини претставници, домашни и странски експерти кои ги споделија своите искуства и дадоа предлози за намалување на квалитетниот кадар од државата.

Целта на Форумот беше да се претстават предизвиците на компаниите со наоѓање квалификувани работници, начините на кои младите би се задржале во земјата, отворање нови перспективи и споредба со позитивни искуства од регионот.

## 22.3.2019

**ЗАПОЧНУВАЊЕ СО ПРОЦЕСОТ НА ДЛАБИНСКИ АНАЛИЗИ ВО КОМПАНИИТЕ ОД МЕТАЛНАТА ИНДУСТРИЈА - РАБОТЕН СОСТАНОК ВО КОМПАНИЈАТА „БРАТСТВО“ ОД ОХРИД**

Во рамките на Проектот „Зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот, електро и машинскиот сектор преку подобрување на производните и технолошките способности на извозно ориентираните МСП“, кој е финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој со средства од Светската банка, во тек е одржување на работни состаноци со селектирани компании од металопреработувачкиот, електро и машинскиот сектор. Во рамките на Проектот, реализирана е работна средба со компанијата „Братство“ од Охрид од страна на оперативниот директор на Стопанската комора на Македонија, Анета Трајковска и Дарко Лазаров, професор на Економскиот факултет во Штип. Компанијата „Братство е дел од селектираните компании каде директно ќе се направи длабинска анализа и ќе се идентификуваат технолошките, производните и организациските слабости со цел дизајнирање на план кој ќе биде насочен кон решавање на технолошките капацитети и надградба на истите со цел зголемување на извозната конкурентност. За таа цел, најпрво ќе биде спроведена длабинска анализа во насока на детално скенирање на постојните производни и технолошки процеси со цел детектирање на потребите (производни, техничко-технолошки, организациски, менаџерски, кадровски, еколошки) кои треба да бидат задоволени и мапирање на дополнителните условите кои треба да бидат исполнети во насока на постигнување поголема пазарна, стратешка и трошочна конкурентност.

## 22.3.2019

**МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРВОЛИГАШКИОТ СПОРТ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**




На работната средба на стопанственициte од Општина Прилеп, на која присуствуваше и градоначалникот на општина Прилеп, д-р Илија Јованоски, беа разгледани разни можности за развој и понатамошно финансирање на спортот во градот, при што посебен акцент беше даден на прволигашките клубови.

Претседателката на Стопанската комора Прилеп, Ирена Јакимовска, ги предочи проблемите со кои се соочуваат во овој момент локалната самоуправа и одреден број на компании кои моментално го носат најголемиот товар во однос на финансирањето на клубовите.

На состанокот беа презентирани поволностите што ги дава законот преку соодветни даночни ослободувања за сите правни субјекти кои финансиски би ги поддржале спортските клубови

## 23.3.2019

**ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ДВИГАТЕЛ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ ИСТАКНА - АЗЕСКИ НА РЕГИОНАЛНИОТ САМИТ НА ПРЕТПРИЕМАЧИ ВО СРЕДНА И ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ВО ДУБРОВНИК**



Претседателот на Стопанската комора на Македонија учествуваше на 6. Регионален самит на претприемачи во Средна и Југоисточна Европа кој се одржа во Дубровник, Република Хрватска, во периодот од 22 до 24 март 2019 година. Целта на Самитот е да се промовира важноста и придонесот на претприемништвото во креирањето на економските политики, каде во рамките на тридневниот самит, претставници од реномирани компании од регионот, професори и експерти дискутираат на теми од областа на претприемништвото, за неговото влијание како мултипликатор на економскиот раст и развој на земјите од регионот и пошироко. Претседателот Азески свое обраќање имаше на панелот: „Колку локалните и регионалните заедници и бизнис асоцијации можат да придонесат за развој претприемништвото? “ каде се осврна на значењето на претприемништвото во Република Северна Македонија, но и пошироко во регионот. Азески зборуваше за тоа што е тоа што треба да се направи за развој на оваа област, во услови кога економскиот раст и развој на една земја најмногу зависат од пазарната ефикасност, технолошката опременост, високото образование, иноваторите, креаторите и претприемачите.

За времетраењето на Регионалниот самитот и оваа година беа доделени голем број награди и признанија на компании за особен придонес за развој на претприемништвото во земјите од Средна и Југоисточна Европа-*„Stvaratelji za Stoljeca“,* а награди добија и македонските компании „КАМ“ ДОО - Скопје, „Амика“ ДОО - Пробиштип, ДПТУ „Рептил“ ДООЕЛ - Скопје, „Елколект“ ДОО - Скопје, „ЈУ-СМ“ ДООЕЛ - Тетово, „БИМ“ АД - Свети Николе, „Еуросуровина ПА“ ДООЕЛ - Битола и „ИНТ Трејд„ ДООЕЛ - Кочани.

## 26.3.2019

**ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ДОПРЕЦИЗИРААТ ОДРЕДЕНИ РЕШЕНИЈА ПРЕДВИДЕНИ СО ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ОСТВАРУВАЊЕ НА НЕГОВАТА ЦЕЛ И ЕФИКАСНА ПРИМЕНА**

Во присуство на голем број претставници на компании од областа на урбанизмот и планирањето на просторот на 26.03.2019 година, во Стопанската комора на Македонија, Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите одржа работна средба со претставници од Министерството за транспорт и врски, на која се разгледуваше Предлог–законот за урбанистичко планирање. Работната средба имаше за цел да се презентираат новините во Предлог–законот, да се посочат одредени одредби кои е потребно да бидат доуредени со цел да не го отежант работењето на компаниите при нивната практична примена, како и да се преиспита уреденоста на одредени прашања и можните импликации на предложените решенија во практиката.

## 26.3.2019

**Одржана првата седница на Локалниот економско-социјален совет на Општина Кичево за 2019 година - УЧЕСТВО И НА БИЗНИС СЕКТОРОТ**



На Првата седница на Локалниот економско-социјален совет на Општина Кичево, во кој членуваат номинирани претставници од Општина Кичево, Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија, Агенцијата за вработување од Кичево, Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) и од синдикатите КСС, ССМ и БКМ беа избрани нов претседател Арбен Ристеми, претставник од Општина Кичево, а за негов заменик Снежана Миноска од ОРМ. ЛЕСС своите мислења, препораки, заклучоци и предлози ги доставува до Советот на Општина Кичево и до други релевантни институции. со цел создавање подобра локална економска клима за унапредување на бизнисите.

## 26.3.2019

**АЗЕСКИ ВО ПОСЕТА НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ ВО ТРСТ**



Претседателот на Стопанската комора на Македонија и заменик претседател на Управниот одбор на Коморскиот Инвестициски Форум на Западен Балкан, реализираше работна посета на Генералниот секретаријат на Коморскиот Инвестициски Форум во Трст.

Целта на посетата е разгледување на актуелните проектни активности и институционалниот капацитет на Генералниот секретаријат на Коморскиот Инвестициски Форум во пресрет на Самитот во Познан, Република Полска на кој ќе биде разгледувана работата на КИФ како многу сериозна алатка на Берлинскиот процес.

## 27.3.2019

**ПРОЕКТОТ „ПАЗАРНО ОРИЕНТИРАНИ ВЕШТИНИ ЗА ОДРЖЛИВО ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ – ТРАИНЕЕ“ ПРЕТСТАВЕН ПРЕД ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЕНЕРГЕТИКАТА**

Здружението на енергетиката при Стопанската комора на Македонија, одржа седница на која беше претставен Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење – ТРАИНЕЕ“. Преку Проектот, ќе се врши обука на стручен и технички кадар за инсталирање фотоволтаици и топлински колектори со цел зголемување на енергетската ефикасност на објектите.

## 27.3.2019

**ОДРЖАНА ЕДИНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП - ОБЈАВЕН ПРВ ПОВИК ЗА АПЛИКАЦИИ ЗА ФОНДОТ НА МОЖНОСТИ 2019**



На 27.3.2019 година во Штип беше одржана 11. седница на Регионалната комора со седиште во Штип. На истата, покрај компаниите-членки, присуствуваа и д-р Дарко Лазаров, професор на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и м-р Борис Тримчев, претставник на Проектот „Образование за вработување во Македонија“.

## 30.3.2019

**ИНФРАСТРУКТУРА И РАБОТНАТА СИЛА ПРИОРИТЕТНИ ЗА РЕШАВАЊЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН – ПОРАКА ОД БИЗНИС СЕКТОРОТ ДО ВЛАДАТА**

Бизнисмените од пелагонискиот регион на работна средба со највисокиот владин тим во Прилеп ги испорачаа клучните економски проблеми кои се дефинирани како кочница за нивниот среднорочен и долгорочен развој. Стопанствениците членки на Регионалните комори со седиште во Прилеп и Битола при Стопанска комора на Македонија се сретнаа со премиерот, со заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори и со министерот за транспорт и врски и во директна комуникација ги презентираа за нив приоритетните прашања.





Од исклучително значење е изградба на експресниот пат Градско – Прилеп - Меџитлија, автопат на релација Битола – Прилеп, соодветно решавање на патниот правец Битола - Охрид. Но се бара изградба и на експресниот пат Битола,

Прилеп, Велес за што како што велат проекциите се дека ќе се скрати патувањето за најмалку 30 километри на оваа релација.
Втор значаен проблем кој мора да се реши е преземање активности во рамки на образовната политика за постепено решавање на се` поголемиот недостаток на квалификувана работна сила, со акцент на функционирање на дуалното образование во средните стручни училишта и блиска соработка со компаниите при негова реализација со можност за воведување и стипендирање за потребните кадри.
И третиот клучен проблем како што посочи претседателот Јакимовска е изработка на оперативна програма (подржана со стратешко планирање), преку која ќе се обезбеди потенцијална работна сила во земјата со либерализирање на дозволите за увоз.

## 02.4.2019

**МАКЕДОНСКО-ГРЧКИ БИЗНИС ФОРУМ КАКО НОВА СТРАНИЦА ВО ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ: ЗАЕДНИЧКА ЦЕЛ НА ДВЕТЕ ЗЕМЈИ ЌЕ БИДЕ НАТАМОШНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ РЕЛАЦИИ И ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА**



Премиерите Зоран Заев и Алексис Ципрас им се обратија на стопанствениците од двете земји на Бизнис-форумот што се одржа во преполнетата сала во хотелот „Александар Палас“ во Скопје).
Претседателите на владите на Грција и на Северна Македонија оценија дека со потпишувањето на Преспанскиот договор политичките односи меѓу двете земји после подолг временски период се движат во позитивен правец и сега е вистинско време со забрзано темпо да се работи на започнување интензивна економска активност меѓу двете соседни земји.
Ваквата порака тие им ја пренесоа на над 400 стопанственици од двете земји кои учествуваа на Бизнис-форумот во Скопје, кој се очекува да придонесе за интензивирање на меѓусебната соработка, со што ќе се создадат можности за подинамична инвестициска, трговска и културна размена.




-Досегашната соработка и искуства покажуваат дека бизнисот е тој кој гради мостови и е линк кој ја поддржува билатералната соработка помеѓу двете земји, дури и кога политичките процеси затајувале, што е пример за поздравување. Цели три децении Грција е меѓу првите 5 трговски партнери на нашата земја, со трговска размена која во континуитет има нагорен тренд, со инвестиции во банкарскиот сектор, енергетиката, трговијата, прехранбениот и текстилниот сектор, во градежништвото. Перспективите за македонските извозни компании се насочени кон пристапот на Солунското пристаниште како најважна дестинација за излез на море и поморски транспорт на стоките и важно е да имаме добро инфраструктурно поврзување со тој дел на Грција, – истакна Азески.

## 02.4.2019

**ОДРЖАНИ БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ ПОМЕЃУ ЧЕШКИ И МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ**

Во насока на интензивирање и зголемување на економската соработка меѓу Република Македонија и Република Чешка, Стопанската комора на Македонија во соработка со Конфедерацијата на индустрии на Република Чешка организираше Бизнис-форум и билатерални средби меѓу македонски и чешки стопанственици. Форумот беше поддржан од министерството за индустрија и трговија на Р. Чешка и министерството за економија на Р.С. Македонија, како и од амбасадата на Р.Чешка во Северна Македонија.
На бизнис-форумот беше потенцирано дека бизнис-заедниците од двете земји треба да ги искористат вкупните исклучително поволни односи што постојат меѓу двете држави. Директните контакти и поврзување на стопанствата во интензивирање на соработката, како меѓувладината, така и на стопанските комори и компаниите, се начинот на вистинскиот придонес за развој на економските односи.

## 05.4.2019

**ПРИЗНАНИЈА „ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ – УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ И ПРИВАТНИТЕ ОБВРСКИ КОН ПОКВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ ЗА СИТЕ“ – ЗА КОМПАНИИТЕ КОИ САМОИНИЦИЈАТИВНО ВОВЕДОА БЕНЕФИЦИИ ЗА СВОИТЕ ВРАБОТЕНИ**



Јавно признание, Министерството за труд и социјална политика додели на компаниите „Витаминка“ АД - Прилеп, „Европа“ АД - Скопје, „Макпрогес“ ДОО - Виница, „Рептил“ - Скопје и на „Грандпром – Зур“ – Скопје.
Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, истакна дека компаниите на кои денес им се оддава јавно признание, кои се долгогодишни членки на Стопанската комора на Македонија, се корпоративно одговорни компании со годините наназад. При тоа, тој потенцираше дека ниеден настан, манифестација од општествениот и културниот живот во државата досега не се одржал без нивна поддршка. - Поради скромноста на компаниите тоа не е доволно видливо, поради што државата треба да овозможи услови за креирање амбиент за нивна видливост, - порача Азески.

## 05.4.2019

**АЗЕСКИ НА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: „НАЦИОНАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО ПРЕСРЕТ НА ЕУ - ПРЕДИЗВИЦИ И ИСКУСТВА“**

Предизвиците и искуствата на македонската економија во пресрет на процесот за отпочнување на преговорите за влез на земјата во Европската унија - беше главната тема на Регионалната конференција во организација на Сојузот на Ротари клубови на Република Северна Македонија, што се одржа во хотелот *„Double Tree by Hilton“* во Скопје.



Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, своe обраќање имаше на панелот: „Потенцијалите за раст и ризиците на националната економија - што добиваме а што губиме“, каде се осврна на тоа како да го зацврстиме нашето општество, преку консензус за клучните прашања кои се од огромно значење на државата пред истата да пристапи во ЕУ, а пред се’ тука мислиме на прашања како што се односот на капиталот и трудот, бројот на издржувано и активно население и непочитувањето на договорните обврски при промена на власта.

## 05.4.2019

**КОМИСИИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ОСИГУРУВАЊЕТО ОДРЖАА КООРДИНАТИВНИ СОСТАНОЦИ - ДЕФИНИРАНИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА НАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ СЕКТОР**

Правната комисија, Комисијата за банкоосигурување и Комисијата за јавни набавки при Здружението на осигурувањето одржаа координативни состаноци на кои се дискутираше за актуелните прашања во доменот на осигурителниот сектор (4 и 5 април 2019 година).
Клучната улога и функција на овие комисии е да ги обединат ставовите и мислењата на сите осигурителни друштва, со цел активно присуство и партиципирање во актуелните прашања или проблеми, следење на законската регулатива и подготовка на препораки и мислења од сите аспекти кои директно или индиректно имаат влијание на осигурителната дејност.

**09.4.2019**

**БИЗНИС ОТВОРЕН ДЕН 2019 НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ - ЉУБЉАНА**



Државниот Универзитет на Република Словенија, Економски факултет - Љубљана, ги презентираше програмите за магистерски студии ИБА (Интернационална бизнис академија) и тековните активности на Факултетот, којшто континуирано е високо рангиран меѓу најдобрите бизнис-школи на светско ниво.

„Економскиот факултет во Љубљана претставува пример на овие простори како треба економијата и бизнисот да бидат поставени во корелација и меѓусебно да соработуваат“, посочи претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. Фокусот на своето излагање го стави на тема „Европската унија - една држава, приказна со 5 ѕвезди“. Така, како што истакна Азески, ја гледа ЕУ кон чие членство се стреми и нашата земја, што заедно со моделот на регионално поврзување треба да ја придвижи на економски план, но и регионот во целина, во насока на постигнување економски раст и развој како земјите - членки на Европската унија во регионот.

„Потенцијалот со којшто располага Унијата претставува најголем предизвик за нашата земја“, вели претседателот Азески. Јасно е дека ЕУ е нешто помеѓу федерација и конфедерација, најстар континент кој до 40-тите години бил тло со многу војни, но по овој период доаѓа до поставување на нова стратегија која се базира на економски развој на континентот. Почнувајќи како заедница на производители на јаглен и челик, се’ до денеска кога економското обединување по разни основи е причината за поврзување на земјите од Европа, како единствен пазар за 500 милиони луѓе кои функционираат во различни политички системи. „Тоа, вели Азески, треба да биде порака и за Балканот, дека спојувањето на економски план е рецептот кој треба да го примени овој регион, ставајќи го акцентот на регионалното поврзување.“

**09.4.2019**

**ГОДИШНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ФОРУМОТ НА КОРПОРАТИВНИ РЕГИСТРИ – СИЛНА ПОДДРШКА ЗА ЗДРАВА ДЕЛОВНА КЛИМА**

Во насока на вмрежување, поттикнување на соработка, дигитализација и полесен пристап до информации за правните субјекти, во периодот од 7-11 април 2019 година, во организација на Централниот регистар на Република Северна Македонија, во Скопје и Охрид се одржува 16. Годишна конференција на Форумот на корпоративни регистри.

Пред 160 делегати од над 60 држави, за време на конференцијата ќе бидат разменети искуства за водење бизнис во меѓународни рамки, предизвици при управување со модерните регистри и новите ИТ-технологии од оваа област. Модернизацијата на корпоративните регистри претставува чекор напред од досегашната изолација на регистрите, земајќи ги предвид глобализацијата, брзото и динамично движење на процесите, неминовно е квалитетните официјални информации да го следат темпото на останатите текови.

Ваквите настани кои имаат за цел поттикнување на регионална соработка се во согласност со долгорочната заложба на Комората за креирање на деловни односи кои ја унапредуваат положбата на домашните компании преку се’ поголема видливост и присуство на регионалните пазари, кои по својата природа се доста слични на домашниот пазар. Комората ги следи и ги поздравува сите иницијативи за поголемо вклучување на активните чинители во насока на развивање деловни односи и креирање на дополнителна вредност на пазарот.

**10.4.2019**

**КОМОРАТА ЗАПОЧНУВА СО СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ЗА МОНИТОРИНГ НА ПРОТОКОТ НА КАМИОНИТЕ НИЗ ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ТАБАНОВЦЕ И ЌАФАСАН**

Долгите процедури и време на чекање на камионите на граничните премини предизвикуваат нетарифни трошоци кои крајно неповолно се одразуваат врз економско-финансиското работење и конкурентноста на учесниците во меѓународната трговска размена (транспортери, увозници, извозници, корисници на транспортни услуги и др.), предизвикувајќи негативни ефекти како врз интензитетот на меѓународната трговија, така и врз процесот на послободно движење на луѓе и капитал во меѓународни рамки.

За постигнување на ова цел, Комората оцени за потребно, најнапред, да направи согледување на состојбите по пат на непосредно присуство на стручни тимови на дел од најфреквентните гранични премини со соседните земји, со цел да се направи детектирање на присутните појави при спроведување на царинските формалности, коишто ќе претставуваат основа во реализирање на целите на истражувањето.

Во рамките на серијата активности во таа насока, **Комората започнува со спроведување Проект под назив: „Мониторинг на процедурите за проток на камионите низ граничните премини Табановце и Ќафасан“, во чии рамки е предвидено, приоритетно, да се изврши мерење на времето на протокот на камионите преку истите при влез и излез од државата, врз основа на што ќе биде изготвен посебен завршен документ од истражувањето.**

**12.4.2019**

**ПРОЕКТИ: КВАЛИФИКУВАНА РАБОТНА СИЛА ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ОБЈЕКТИ СО ПОДДРШКА НА ПРОЕКТОТ „ТРАИНЕЕ“**

Подобрувањето на вештините на градежните работници за градење енергетски ефикасни објекти е еден од приоритетите во рамки на проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (ТРАИНЕЕ), кој е дел од Работната програма за „Безбедна, чиста и ефикасна енергија“, под повикот за „Енергетска ефикасност“ ЕЕ-2016-2017,од програма „Хоризонт 2020“. Овој проект во рамки на своите активности креира мерки кој претставуваат надградба на веќе постигнатите резултати во претходните два проекта - „Обука на градежните работници за енергетска ефикасност 2014-2016“ и „Градење на вештини за енергетска ефикасност 2012-2013“, со развој на тренинг шеми, проширување на обуките и со преквалификации на работната сила (архитекти, градежни инженери, техничари и градежни работници) за да се постигнат параметрите на ЕУ „Стратегијата 2020“ за енергетска ефикасност.

Во насока на подигање на капацитетите во градежниот сектор за воведување енергетска ефикасност при градење на енергетски ефикасни згради ќе се спроведуваат активности за запознавање со алатките за информациско моделирање на градби (БИМ софтвер), во сите фази на изградба, користење и одржување на градбите.

**12.4.2019**

**СТАРО НОВО РАКОВОДСТВО НА ГРУПАЦИЈАТА НА БАЊИТЕ**

Групацијата на бањите во рамките на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија одржа седница на којашто беше дадена поддршка на досегашниот претседател и заменик-претседател на Групацијата, за што добија и втор мандат. Претседателот Трим Кемаљи од „Дебарски Бањи“ и заменик-претседателот на Групацијата, д-р Мишо Михајловски, ќе ја координираат Групацијата и следните две години согласно Правилата за работа на самата групација.

Во Македонија, во моментов во функција се 4 бањи - „Негорски Бањи“ во Гевгелија, „Цар Самуил“ во Струмица, „Катлановска Бања“ во Скопје и во Дебар, „Бања Бањиште“ и „Косоврасти“.

**15.4.2019**

**ФАКТОРИНГОТ КАКО АЛТЕРНАТИВЕН ФИНАНСИСКИ МЕХАНИЗАМ ВО НАСОКА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ ПРИВАТЕН СЕКТОР**




Факторингот, како алтернативен извор на финансирање, го помага растот на претпријатијата преку обезбедување брз пристап до финансии, подобрување на готовинскиот тек на фирмите и поефикасно развивање на истите без дополнително обезбедување.

Проектот на УСАИД за факторинг има за цел да им помогне на малите и средни претпријатија преку едукација и информирање за пристап кон алтернативни финансиски продукти, флексибилни финансиски решенија, специјално приспособени за деловните потреби со цел да се унапреди разбирањето на факторингот како финансиска алатка која може да генерира моментална исплатлива ликвидност, со што ќе се зголеми продажбата и добивката на фирмите.

**16.4.2019**

**СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА НА 10. САРАЕВО БИЗНИС ФОРУМ**

Во периодот од 17 до 19 април 2019 година во Сараево, Босна и Херцеговина, во организација на *Bosna Bank International – BBI* и *Islamic Development Bank Group (IDB Group)*, ќе се одржи јубилејниот десетти по ред, Сараево Бизнис Форум. Сараево Бизнис Форум претставува меѓународна платформа за средби и размена на нови идеи и можности за соработка, како за бизнис секторот, така и за владини претставници, што придонесува за се` поголема посетеност на Форумот од година во година и афирмација на истиот на светско ниво. Со цел подобрување на регионалното деловно опкружување и поддршка на иновативни идеи, успешни компании и поединци, во рамките на Форумот, трета година по ред ќе бидат доделени и *„Sarajevo Business Bridge Awards“* во повеќе категории, а меѓу наградените оваа година, на наше големо задоволство се најде и нашата долгогодишна компанија членка „Сеавус“, којашто е номинирана во категоријата *„Youth Employer of the Year“.*

## 17.4.2019

**РЕГИОНАЛНО ПОВРУВАЊЕ ЗА ПОГОЛЕМА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА**



Регионалната комора со седиште во Битола при Стопанската комора на Македонија беше организатор на настанот: Поврзување на компаниите од регионот и воспоставување нови партнерства за да се поттикне и продлабочи меѓусебната деловна соработка, во рамките на Проектот „Е-БП (e-bussines pager - систем за електронски деловни поврзувања)" од Балкан МЕД Програмата.
Целта на настанот е да се создадат нови контакти и да се постават темели за нови потенцијални партнерства, а компаниите да остварат долготрајна соработка за потенцијално учество на заедничките или трети пазари.
Во рамките на деловните средби приближно 100-тина наши компании, меѓу кои „Витаминка" - Прилеп, „Млекара" - Битола, „Комфи Ангел" - Прилеп, „Хемометал", „Киро Дандаро", „Интерворкс", имаа можност да се сретнат со претставници на компании од Бугарија, Кипар, Грција и Албанија, заинтересирани за развивање деловна соработка од областа на ИТ-секторот, земјоделството и индустријата за храна, преработувачката индустрија, пакување, деловни услуги и инвестиции.
По официјалниот дел се реализираа деловните средби во насока на разгледување на можностите за продлабочување на соработката, а во рамките на вториот ден од оваа регионална активност предвидени се и директни посети на компаниите од регионот во македонски фирми, со цел и директно да се запознаат со производните капацитети и потенцијалите на нашите компании.

## 18.4.2019

**МРЕЖНИТЕ ПРАВИЛА ПРЕД ДИСТРИБУИРАНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Групацијата на обновливи извори на енергија при Стопанската комора на Македонија, на 17.4.2019 година, одржа седница на којашто се дискутираше за Предлог-мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија треба да ги уредат условите и начинот на користење и пристап на дистрибутивниот систем на трета страна, техничко-технолошките услови и начинот на приклучување на дистрибутивната мрежа на потрошувачите и на производителите на електрична енергија.

## 18.4.2019

**КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА БИТНИ ЗА ПОГЛАВЈЕТО 20**

Развојот на конкурентноста и иновативноста на претпријатијата и добрата индустриска политика што се вклучени во Поглавјето 20, се важни во процесот на хармонизирање на законодавството со ЕУ и во целокупниот процес на преговори. Земјата добро напредува на тој план со усвојување на новата Индустриска стратегија 2018-2027 година. Ова беше една од главните пораки пренесени на првиот ден од Интернационалниот форум на тема „Интеграциите во Европската унија и реформскиот процес на преговарачкото Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика", што се одржа во Скопје.
Целта е да овозможи вмрежување и размена на добри практики во областа на Поглавјето 20 кои се однесуваат на претпријатијата и индустриската политика. На отворањето на Форумот, шефот од Делегацијата на ЕУ, Фејк Јанмат, истакна дека имплементацијата на препораките од Поглавјето 20 во нашата држава се во напредна фаза.

## 19.4.2019

**ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРОМОЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА ЗА КВАЛИТЕТЕН СТРУЧЕН КАДАР**



На иницијатива на Стопанската комора на Македонија, а поддржано од Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија", се одржа работилница на тема: „Предизвици за подобрување на имплементацијата на дуалното образование (споделување искуства)". На работилницата присуствуваа и претставници од Центарот за стручно образование и обука, средни стручни училишта и компании кои имаат започнато активности во областа на учење преку работа на самото работно место или пак своите следни активности ги насочуваат кон соработка со средните стручни училишта по принципот на јавно-приватно партнерство.
Оперативниот директор на Стопанската комора на Македонија, м-р Анета Трајковска, посочи дека Комората и нејзините членки го поддржуваат дуалното образование, разбирајќи ја потребата ученикот да реализира практична обука кај работодавач, како една од можностите за воспоставување рамнотежа помеѓу потребите за квалитетна работна сила на пазарот на труд и оспособените и лесно вработливи стручни кадри кои излегуваат од образовниот систем и пред се`, намалување на невработеноста и подобрување на состојбата во стопанството и економијата.

## 19.4.2019

**ИНОВАТИВНИТЕ ГРАНТОВИ ПРЕТСТАВЕНИ ПРЕД БИЗНИСМЕНИТЕ ВО КИЧЕВО**



Регионалната комора со седиште во Кичево во рамките на Стопанската комора на Македонија, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој, организираше презентација на Инструментот за кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации. Присутните претставници од компании се информираа за можностите и условите за аплицирање и финансирање преку повикот во рамките на Проектот што го спроведува ФИТР и се информираше дека Инструментот за кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации е наменет за микро, мали и средни претпријатија од сите сектори, како и приватни здравствени установи кои сакаат да развијат иновативен производ, услуга или процес, сами или во соработка со друго претпријатие, установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност или ПЗУ.

## 22.4.2019

**ВМРЕЖУВАЊЕ МЕЃУ РЕАЛНИОТ СЕКТОР И ОБРАЗОВАНИЕТО - „WORLD CAFÉ“ ВО БИТОЛА**

Регионалната комора со седиште во Битола заедно со Факултетот за информатички и комуникациски технологии – (ФИКТ) Битола организираа несекојдневен настан за вмрежување меѓу иновативни и инспиративни млади луѓе и искусни експерти од образованието и стопанството.

Настанот е организиран во рамките на Проектот „EMPLOYOUTH“, финансиран од ИПА-Програмата за прекугранична соработка со Грција, кој се имплементира преку ФИКТ – Битола.



Во рамките на овој проект е предвидено да се реализира акцелераторска програма која е дизајнирана да поддржува стартапи во рана фаза, со цел да се поттикне развој на иновативни идеи во повеќе области. Во период од 6 месеци универзитетскиот Акцелератор ќе обезбеди тренинг, обука и менторски услуги за учесниците кои ќе се пријават на првиот повик за учество акцелераторската програма.

Настанот беше реализиран по методот „World Café“, кој е структуриран разговорен процес за споделување знаења, при што групи луѓе разговараат за посочените теми на неколку посебни маси, со тоа што поединци периодично ги менуваат масите и се запознаваат со претходната дискусија на новата маса.

## 22.4.2019

**ГРАНТОВИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ИНОВАЦИИ ПРЕД БИЗНИСМЕНИТЕ ОД ШТИП**

Во соработка со Регионалната комора со седиште во Штип при Стопанската комора на Македонија и Центарот за развој на Источниот плански регион, Фондот за иновации и технолошки развој го презентираше инструментот за кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации пред компаниите - членки на Комората.

## 23.4.2019

**РАБОТНА СРЕДБА ЗА ПРЕДЛОГ-ТАРИФНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ДОЗВОЛИ, КОНЦЕСИИ ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**




Во Стопанската комора на Македонија на 23.04.2019 година се одржа работна средба на компаниите–членки на Комората кои вршат дејности од областа на геолошките истражувања и експлоатацијата на минерални суровини со претставници на Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, на која се разгледуваше Предлог – тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање дозволи, концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини. Во рамки на заклучоците од средбата, беше истакнато дека пред да пристапи кон измена на Тарифникот и зголемување на концесиските надоместоци, потребно е Министерството да ги земе предвид целокупните услови за стопанисување во земјата, импликациите на предложените решенија врз работењето на деловните субјекти, како и врз привлекувањето на потенцијалните инвеститори од наведените дејности.

## 23.4.2019

**МОДЕЛИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ГРАДБА –ТРЕНД ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО – „ТРАИНЕЕ“ ПРОЕКТ**

Подобрувањето на вештините на градежниот сектор за градење енергетски ефикасни објекти е еден од приоритетите во рамките на Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (ТРАИНЕЕ), кој е дел од повикот за „Енергетска ефикасност“ ЕЕ-2016-2017, од Програмата „Хоризонт 2020“. Во таа насока, во Центарот за трансфер на технологии и иновации - ИННО ФЕИТ, се одржаа две работилници за промоција на БИМ моделирање, кои беа поделени на две сесии: прва фаза на проектирање на објект, фаза на градење и оперативна фаза.

Настанот го отвори Јадранка Аризанковска, координатор на Проектот „ТРАИНЕЕ“, од Стопанската комора на Македонија, која даде информации за процесот и напредокот во спроведувањето на активностите на Проектот „ТРАИНЕЕ“. Активностите во рамките на Проектот се планирани во повеќе области со цел подигање на конкурентноста на македонските компании од градежниот сектор.

## 23.4.2019

**ПРЕЗЕНТИРАНА ПРОГРАМАТА ЗА ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР ВО ШТИП**

Во соработка со Регионалната комора со седиште во Штип при Стопанската комора на Македонија и Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, Царинската управа ја презентираше Програмата за Овластен економски оператор пред компаниите - членки на Комората и пред студентите на Економскиот факултет. Пред присутните се обрати Весна Миладинова, потретседателка на Регионалната комора од Штип, која посочи дека преку оваа форма на континуирана соработка со Царинската управа може да се очекува во идниот период компаниите преку примена на новитетите да се приближат и да го хармонизираат своето работење во согласност со последните законски решенија усогласени со законодавството на Европската унија.

## 24.4.2019

**ГРАНТОВИТЕ ЗА ИНОВАЦИИ ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРЕД БИЗНИСМЕНИТЕ ОД ЈУГОИСТЧНИОТ РЕГИОН**

Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со Стопанската комора на Македонија и Регионалната комора со седиште во Струмица, Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија - Регионален центар Струмица и Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, во просториите на Домот на АРМ во Струмица, одржа презентација на Инструментот за кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации.

## 24.4.2019

**СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ОСИГУРУВАЊЕТО**

Управниот одбор на Здружението на осигурувањето ја одржа својата редовна седница на 24.4.2019 година, на којашто како посебна точка на дневен ред беше презентацијата на последниот редовен полугодишен економски извештај за земјите од Западен Балкан на Светска банка - WESTERN BALKANS REGULAR ECONOMIC REPORT.

Како што истакна Бојан Шимбов, економист во Канцеларијата на Светска банка во Скопје, Северна Македонија треба да стави акцент на економските реформи за да го забрза процесот на интегрирање во ЕУ и да ги стабилизира јавните финансии, бидејќи политичките изгледи се подобрени.

## 24.4.2019

**КОМОРАТА СЕ ВКЛУЧИ ВО АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ**

Стопанската комора на Македонија, како општествено одговорна асоцијација, активно се вклучи во масовната акција за чистење на диви депонии во Скопје, која ја организираше Јавното претпријатие „Комунална Хигиена“ - Скопје и Град Скопје.

-Според статистичките податоци, во 2018 година еден граѓанин произвел 8 проценти повеќе отпад во однос на 2017 година. Оттука, градот Скопје спроведе неопходни постапки како набавка на нови контејнери со поголем капацитет од 3,2 литри, нови возила, како и нови корпи за отпад.

## 25.4.2019

**ПРЕКУ ЕВРОПСКАТА МРЕЖА НА БИЗНИС – МОЖНОСТИ ДО НОВИ ПАРТНЕРИ**



Можностите за македонските компании да најдат странски партнери преку европската мрежа на бизнис-можности (Enterprise Europe Network) беа презентирани на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија, на која присуствуваа проф. д-р Виктор Стојмановски, проект-менаџер на „ЕЕН-Македонија“ и м-р Александар Филипоски, член на тимот на „ЕЕН-Македонија“.

За таа цел на прес конференцијата беше презентирана бесплатната мобилна апликација „ИноБиз“ преку која македонските компании имаат можност да пронајдат странски партнери за бизнис соработка, трансфер на технологии и учество во проекти за истражување и развој.

## 25.4.2019

**ХОТЕЛ „МОЛИКА“ - БИТОЛА ОДБЕЛЕЖА 25 ГОДИНИ**



Со повеќе манифестации хотелот „Молика“ го одбележа јубилејот 25 години од постоењето на Пелистер, од каде има поглед на градот Битола и околината. Во присуство на гости, деловни партнери, претставници на локалната самоуправа и на Владата, во хотелот се одржаа панел-дискусии на тема: „Современите видови во туризмот и примената на новите технологии во валоризацијата на Преспанско-пелагонискиот регион и Национален парк Пелистер како туристичка дестинација“, предводена од проф. д-р Науме Мариноски, од Факултетот за туризам и угостителство од Охрид, како и панел-дискусија за „Преспанско-пелагонискиот регион како туристичка дестинација за четири сезони и нејзина промоција на соодветен начин“, чиј презентер беше директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, м-р Љупчо Јаневски.

Посебна благодарница за искажаната поддршка и личниот придонес во опстојувањето и работата на хотелот „Молика“ беше доделена на Стопанската комора на Македонија - Здружение на угостителството и туризмот. Во име на Комората признанието го прими претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски.



**26.4.2019**

**РАБОТНА СРЕДБА СО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА МНР НА ГРЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНИ И ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ**

Генералниот секретар на Министерството за надворешни работи на Грција за меѓународни и економски односи, Јоанис Брахос, во придружба на амбасадорот на Грција во нашата земја, Димитрис Јанакис, денеска во Стопанската комора на Македонија оствари средба со претседавачот на Собранието на Комората, Антони Пешев.

Во фокусот на дискусијата беше залагањето за продолжување на позитивниот дијалог и политика на отворени врати во насока за постигнување повисок степен на трговска соработка помеѓу нашите две економии. Стана збор и за заедничките комитети кои треба да се воспостават согласно Преспанскиот договор, а кои таргетираат одредени области кои се од меѓусебен заеднички економски интерес.

**30.4.2019**

**УПРАВНИОТ ОДБОР НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ (КИФ) ДОГОВОРИ АКТИВНОСТИ ЗА ОЛЕСНЕТА ТРГОВИЈА И ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕГИОНОТ**



На седницата на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) во Трст, беше дефиниран акцискиот план за реализација на учеството на деловната заедница од регионот на претстојниот Самит за Западен Балкан, којшто во рамките на Берлинскиот процес, оваа година, ќе се одржи во јули во Познањ, Полска.

На состанок во Трст беше договорено во пресрет на Самитот во Познањ, во партнерство со „Financial Times“, кон крајот на јуни во Лондон да се организира бизнис форум на кој пред меѓународната инвестициска заедница регионот на Западен Балкан ќе биде претставен како единствена инвестициска дестинација и ќе бидат презентирани можностите за водење бизнис и за инвестирање во регионот.

**05.2.2019**

**АМБАСАДОРОТ НА ЧЕШКАТА РЕПУБЛИКА ВО ПОСЕТА НА БИТОЛА**

Амбасадорот на Чешката Република во Република Македонија, Н.Е. Мирослав Томан реализираше
работна посета на Регионалната комора со седиште во Битола беше Претседателот Велковски и амбасадорот Томан заеднички констатираа дека е потребно зголемување на соработката од областа на економијата, а во таа насока неговата екселенција беше информиран за можностите што ги нуди битолскиот регион за вложување во економските капацитети.

**03.5.2019**

**ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА „СОЗДАВАЧИ НА СТОЛЕТИЕТО“**

Помеѓу 411 кандидати од 8 земји, Меѓународниот комитет за доделување награди и признанија „Создавачи на столетието“ одбраа и наградија 56 најдобри правни и физички лица од 6 земји како најзаслужни за развојот на претприемништвото во средна и југоисточна Европа. Од македонските претприемачи и компании наградени беа:

- **Благоја Дончев**, претседател на Управен одбор на **Адинг АД Скопје** – добитник на награда „Креатори на столетието“ за животно дело во средна и југоисточна Европа;
- Драги Милошевски, директор на компанијата Киро Дандаро АД Битола – добитник на големото признание „Креатори на столетието“, за посебна иницијатива и заложби за создавање на претприемништво во средна и југоисточна Европа;
- Проф. д-р Ванчо Чифлиганец, основач и претседател на компанијата Адора Инженеринг – добитник на големата награда „Креатори на столетието“ за развој на идеи, иновации и инвестиции во претприемништвото во средна и југоисточна Европа;
- Халкбанк АД Скопје – добитници на наградата „Креатори на столетието“ за придонес кон развој на претприемништвото во средна и југоисточна Европа

## 06.5.2019

**НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР**

Здружението за земјоделство и прехранбена индустрија при Стопанската комора на Македонија континуирано презема активности во насока на поголема препознатливост и промоција на Комората, како институција, која се залага за развој на домашното земјоделство, поставување идни насоки за негов развој со целосно прилагодување на секторот кон зголемените очекувања на потрошувачите и кон добрите практики на европската регулатива од оваа област, со што придонесува за работење на компаниите во овој сектор.

За таа цел, Стопанската комората на Македонија организира Меѓународна конференција на тема „Насоки за унапредување на земјоделско-прехранбениот сектор во Република Северна Македонија“. Во фокусот на програмата на Конференцијата ќе бидат актуелни теми од областа на агро секторот, вклучувајќи ги прашањата за рурален развој, традиционални земјоделски производи, земјоделско земјиште, подобрување на пазарните механизми за продажба на земјоделски производи, зајакнување на свеста за заштитените ознаки за потекло, заштитените географски ознаки и загарантираните традиционални специјалитети, органски производи, Hi'teh во земјоделството, како и низа други актуелни прашања за секторот

## 08.5.2019

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БРАНКО АЗЕСКИ НА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ПОЧЕСНИТЕ КОНЗУЛИ ВО ЦРНА ГОРА**



Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, кој е и Почесен конзул на Црна Гора во земјава, учествуваше на Третата Конференција на почесни конзули што се одржа на 6 и 7 мај 2019 година. Во рамки на конференцијата, се одржаа и посебни средби за взаемно запознавање и соработка со почесните конзули што доаѓаат од различни страни на светот, а претседателот на Стопанската комора на Македонија и почесен конзул на Црна Гора во земјава оствари средби претседателот на Собранието на Црна Гора, г-дин Иван Брајовиќ и министерот за надворешни работи во Владата на Црна Гора, г-дин Срѓан Дармановиќ. На средбата, г-дин Азески изрази уверување дека конференцијата ќе придонесе за зајакнување на контактите, партнерствата и деловните врски на почесните конзули кои се во насока на промоција на потенцијалите на Црна Гора, но и на унапредување на соработката меѓу македонските и црногорските компании, како и соработката меѓу двете земји во насока на унапредување на туризмот и промовирање на културните вредности како на Црна Гора, така и на земјите од кадешто доаѓаат почесните конзули, меѓу кои и Република Северна Македонија.

## 09.5.2019

**ДАЛИ СМЕ ПОДГОТВЕНИ ЗА 5Г?**



Конференција на тема „Оформување доверлив интернет за сите" – SEED 5Г се одржа во Букурешт, Романија, организирана од Југоисточниот европски дијалог за управување со интернет. На конференцијата учествуваше Благој Христов, претседател на Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија како претставник на Комората.

Во своето излагање Христов посочи дека 5Г технологијата е технолошка еволуција која подржана од сите учесници во процесот - државата, бизнис секторот и научната фела ќе доведе до технолошка револуција.

Дигиталната траснформација, како што акцентира претседателот на Здружението на ИКТ при Комората Христов, креира економски раст, така што со 10% од растот на индексот на дигитализаицја влијае врз 0,63% раст на БДП на Западен Балкан.

## 12.5.2019

**ИТАЛИЈАНСКА КОМПАНИЈА ЗАИНТЕРЕСИРАНА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ,**
**НА РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ**

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески оствари средба со претставници и експерти од Гарифоли Консалтинг, реномирана италијанска консалтинг компанија која има интерес за инвестирање во неколку сектори во македонската економија.

Г-дин Консолато Гарифоли, основач и косопственик на италијанската консалтинг компанија посочи дека Република Северна Македонија има огромен потенцијал за инвестиции во различни сектори, а во таа насока изрази интерес во иднина да се организираат презентации, деловни средби и информативни настани со потенцијални партнери од земјата со цел да се реализираат повеќе инвестициски проекти.

## 13.5.2019

**ПОДДРШКА НА ЕСКО КОМПАНИИТЕ - МОЖНОСТ ЗА ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА ВО ОПШТИНИТЕ**




Со Проект од Европската банка за обнова и развој ќе се финансира енергетска ефикасност во општините и тоа во три сегменти, улично осветлување, водоснабдување и мали системи за затоплување. Целта на проектот е надминување на сите пречки за имплементација на проекти за енергетска ефикасност врз основа на ЕСКО моделот во јавниот сектор (во овој случај општините) и да ја идентификува нивната финансиска исплатливост.

## 15.5.2019

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ САЕМ ВО НОВИ САД**

Претседателот на Владата на покраината Војводина Игор Мирович одржа состанок со преставниците на Стопанските комори на  земјите од регионот на Западен Балкан.

На состанокот кој се одржа во зградата на покраинската влада се разговараше за јакнење на меѓусебната соработка на економски план и интензивирање на регионалното поврзување, активности кои тековно се реализираат и во рамки на проектите на КИФ.

Состанокот на претседателите на Коморите од регионот се реализира за време на Новосадскиот саем за земјоделство кој се одржува до 17 мај годинава. На саемот кој има меѓароден карактер покрај другите, како изложувачи настапуваат и македонските компании ВИПРО од Гевгелија и ЛАРС ДООЕЛ Штип.

## 16.5.2019

**САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТА – ПРЕД СЕ'**

На 15.05.2019 година, тимот од експерти за сајбер безбедност од Институтот за софтверско инженерство „Карнеги Мелон“, ја посети Стопанската комора на Македонија и пројави интерес за информации со заинтересираните страни во сајбер-безбедноста во земјата. Првенствено се разговараше за безбедноста во комуникациите и координацијата помеѓу засегнатите страни од сајбер-безбедноста и ангажманот со други чинители, вклучувајќи го и приватниот сектор, секторите на инфраструктурата и меѓународната заедница. Целта е да се развие патоказ или акционен план за развој на капацитетот за сајбер безбедноста, информации за утврдување на моменталните способности, заедно со понудените услуги и целите за развој на капацитетите.

Претседателот на Здружението на информатичко комуникациските технологии,  Благој Христов ја презентираше улогата и капацитетот на Здружението, посебно на телеком операторите, во дигитализацијата на процесите во стопанството, општеството и државата, во целина.

## 16.5.2019

**АЗЕСКИ ПРИСУСТВУВАШЕ НА ОТВАРАЊЕТО НА „PUKLAVEC FAMILY WINES“**



Словенечката винарска визба Пуклавец инвестираше во Винарија која се наоѓа во Долни Дисан во близина на Неготино во нашата земја. Овој познат словенечки инвеститор во потрага по лозја за квалитетни црвени вински сорти својата работа ја шири во македонското виногорје, истакна генералниот директор и доктор по енологија Дане Јованов. Винаријата „Puklavec Family Wines“ е една од најстарите словенечки винарии која датира од 1934 година и е најголем извозник на вино од Словенија.

-Нашата земја и Република Словенија имаат одлични економски односи,  а доказ за тоа е и отварањето на оваа инвестиција. Таа долгогодишна соработка ќе продолжи и во наредниот период, а на крајот на овој месец македонска бизнис делегација ќе ја посети Словенија со цел продлабочување на економската соработката, отварање на нови перспективи помеѓу двете земји како и отварање на патишта за заеднички понатамошен развој, – истакна претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески.

## 16.5.2019

**ЕСКО КОНЦЕПТОТ ПРЕСТАВЕН ПРЕД ОПШТИНИТЕ, БАНКИТЕ И КОМПАНИИТЕ**

Македонската енергетска асоцијација(МЕА) при Стопанската комора на Македонија во соработка со Агенцијата за енергетика и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР),   реализираа Работилница за подготовка на тендерска документација за ЕСКО понудувачи и склучување договори за имплементација на ЕСКО проекти за јавно осветлување во рамки на Проектот за воспоставување на инвестициска рамка за Западен Балкан - Подготовка на услови за реализација на ЕСКО проекти.

Целта на Работилницата беше да им се претстави моделот на Договорот за енергетски услуги на општините, банките и фирмите, за да можат да бидат спремни за негова имплементација. Од општините се бара да направат енергетски контроли, преку кој ке се види потрошувачката на уличното осветление, и врз основа на тие сознанија ќе може да се распише тендер за ЕСКО услуги. Банките се потребни да ги подржат ЕСКО фирмите , финансиски да ги затворат проектите, а ЕСКО компаниите да понудат добри договори со општините, како би имале сеопшта корист, зголемена енергетската ефикасност, што е основна цел.

## 16.5.2019

**ИЗБРАНО НОВО РАКОВОДСТВО НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА ОСИГУРИТЕЛНО-БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА**

Асоцијацијата на осигурително-брокерските друштва при Стопанската комора на Македонија одржа редовна седница на која се дискутираше за актуелни теми и состојби во овој сектор.

Главна точка на дневен ред беше избор на претседател и потпретседатели на Асоцијацијата на осигурително-брокерски друштва. Присутните компании-членки на Асоцијацијата ја избраа Елена Тодорова од АМ Брокер – АД Скопје за нов претседател, а Верица Ѓоргиевска од Наше осигурување АД и Даниела Илиоска од ОБД Полиса Плус АД се избрани за потпретседатели на Асоцијацијата на осигурително-брокерските друштва

## 16.5.2019

**КОИ СЕ НАСОКИТЕ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА АГРО СЕКТОРОТ ВО ДРЖАВАТА ?**



Земјоделството (вклучително и лов, шумарство и рибарство) е третиот најголем сектор по услугите и индустријата. Неговото учество во вкупниот БДП остана релативно стабилно изминатиот период, со околу 10-12%, а заедно со преработувачката индустрија, процентот се зголемува на 16-18%.

На меѓународната конференцијата што се одржува во Стопанската комора на Македонија во организација Здружението за земјоделство и прехранбена индустрија на тема „Насоки за унапредување на земјоделско-прехранбениот сектор во Република Северна Македонија“, присутните говорници преку компаративните искуства кои може да послужат како позитивни примери, во дебата со претставници од компаниите, здруженија, асоцијации и државни институции, ќе треба **да дадат придонес да се предложат мерки и насоки за унапредување на земјоделско-прехранбениот сектор. Конференцијата имаше за цел ставовите и пораките што ќе ги испорачаат бинзис секторот и домашните и меѓународни експерти од областа да ги дефинираат насоките на идниот развој на агро секторот во државата.**

## 20.5.2019

**ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: „ДИРЕКТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА КОМПАНИИТЕ ЗА ПОТРЕБНАТА РАБОТНА СИЛА“**




Формалниот систем за стручно образование не може на краток рок да излезе во пресрет на барањата на реалниот сектор, а недостатокот на работна сила истовремено претставува најголем ограничувачки фактор за раст на економијата, посочи м-р Анета Трајковска, оперативен директор на Стопанската комора на Македонија. За таа цел **Стопанската комора на Македонија како стратешки партнер во проектот: „Образование за вработување“ ја креираше алатката „Фонд на можности“ која води кон поддршка на реалниот сектор во нивната заложба за обезбедување на соодветен стручен кадар со потребни знаења и вештини** . Станува збор за алатка која преку **финансиска поддршка ќе им овозможи на компаниите како работодавачи да извршат обуки во нивните простории на лица, за кои ќе треба да гарантираат дека 50% од истите** - учесниците на обуката ќе ги вработат, најдоцна во рок од 3 месеци по завршување на обуката, додаде м-р Трајковска.

Веќе ги имаме официјализирано и првите договори за доделување средства преку Фондот на можности три компании од различни дејности кои во тековниот период **добиените средства ќе ги инвестираат во обука на невработени лица кои по стекнувањето на знаења и вештини ќе бидат компетентни за да може да се вработат во овие компании, што всушност претставува и обврска на компанијата и наша крајна цел како Стопанска комора на Македонија и Проект „Образование за вработување“.**

## 20.5.2019

**НОВИ ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ЕКОНОНСКИОТ РАЗВОЈ НА ЗЕМЈАТА - ФОРУМ И БИЗНИС СРЕДБИ НА МАКЕДОНСКИ И АВСТРИСКИ КОМПАНИИ ВО ВИЕНА**



Во организација на Виенскиот економскиот форум се одржа дебата за новите перспективи на Северна Македонија во пресрет на забрзувањето на процесот на евроатлантските интеграции на земјата. На форумот кој е специјално организиран за СевернаМакедонија предвидени се и средби со претставници на реномирани австриски компании.

Од Македонска страна присутни се компании од енергетскиот сектор, банкарството, градежништвото.

Виена економски форум два пати во годината организира настани на кои се става акцент на регионот на Западен Балкан. Овој форум е со акцент исклучиво на перспективите на нашата земја.

Форумот се одржува во седиштето на  А1 Телеком Австрија, компанија која следејќи ги последните текови на развој на технологијата има за цел да стане дигитален провајдер на европскиот пазар.

## 21.5.2019

**РАБОТНА СРЕДБА АЗЕСКИ - МАРТЕНС**

На 20 мај 2019 година во просториите на Стопанската комора на Македонија се одржа работна средба меѓу претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и директорот на Делегацијата на германското стопанство во Северна Македонија, Патрик Мартенс. На состанокот и двете страни ги презентираа своите тековни и идни проекти и ги разгледаа можностите за понатамошна заедничка соработка. Азески истакна дека Германија низ годините стана еден од основните стратешки партнери за раст и развој и пробивање на македонските компании на европскиот пазар. Делегацијата на германското стопанство во земјава има за цел да им помогне на германските, но и на домашните компании во насока на зголемување на економската соработка меѓу двете земји, истакна Мартенс.. Двете страни едногласно се согласија дека во наредниот период потребно е интензивирање на меѓу-институционалната соработка бидејќи постојат многу проектни активности преку коишто може да се работи за подобрување на реалниот сектор и да придонесе за раст на економиите на двете земји.

## 23.5.2019

**БИЗНИС ФОРУМ И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ ПОМЕЃУ МАКЕДОНСКИ И ЦРНОГОРСКИ БИЗНИСМЕНИ ВО ПОДГОРИЦА**

Бизнис делегација предводена од Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески учествува на бизнис форумот во Подгорица со цел унапредување на економските односи помеѓу двете земји.

Стопанските комори од двете земји се активни членки на Коморскиот инвестициски форум чии активности се насочени кон унапредување на конкурентноста на економиите од регионот со поврзување на бизнис заедниците од 6-те земји, подобрување на бизнис климата во регионот и зголемување на стоковната размена со земјите од Западен Балкан, но и пошироко, преку зголемена регионална економска соработка, промовирање на понатамошна трговска интеграција, воведување динамичен регионален инвестициски простор, олеснување на регионалната мобилност и креирање агенда за дигитална интеграција.

## 24.5.2019

**РЕГИОНАЛНИ ПРОИЗВОДИ И ИНСТИТУЦИИ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА БАЛКАНОТ - ПОРАКА ОД ПОДГОРИЦА**



Во Подгорица се одржа Македонско – црногорски бизнис форум во присуство на голем број бизнисмени од двете земји, министри и со директно присуство и обраќање на премиерите на Црна Гора и нашата земја.

Податоците за обемот на трговската размена не се импресивни и во тој контекст, Форумот е во функција бизнис секторот да предложи заеднички мерки и активности, заеднички да ги утврди приоритетите на тој план и со соодветно ангажирање на владите од двете земји истите побрзо се реализираат, посочи претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески.

Акцентот во своето обраќање Азески го стави на потенцијалите за развој на регионалниот пристап на Западен Балкан преку активностите на Коморскиот инвестициски форум.

По завршување на бизнис форумот се оддржаа и билатерални средби меѓу македонските и црногорските стопанственици од повеќе сектори.

## 25.5.2019

**АЗЕСКИ И ГОЛУБОВИЌ ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА КИФ ВО ПОДГОРИЦА НА СРЕДБА СО ПРЕМИЕРИТЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЦРНА ГОРА**




Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески кој е и заменик-претседател на Управниот одбор на КИФ – коморскиот инвестициски форум и претседателот на Стопанската комора на Црна Гора Властимир Голубовиќ, оствария средба со премиерите на нашата земја и Црна Гора, Зоран Заев и Душко Марковиќ, во пресрет на Форумот на претприемачи на Црна Гора и Северна Македонија во Подгорица. Премиерите беа запознаени со досегашните активности на КИФ во рамки на кој веќе се работи на создавање на електронска платформа која треба да придонесе за промовирање на Балканот како единствена дестинација за инвестирање. Многу скоро, преку КИФ треба да почне и спроведувањето на регионалниот проект за подобрување на образовниот систем согласно кој треба да се создаде рамка во согласност со потребите на пазарот на трудот.

## 25.5.2019

**РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА И ДИЈАЛОГОТ ЗА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН**

Претседателите на Коморите од земјите од регионот на Западен Балкан, кои се истовремено и членови на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум – КИФ, на средбата што се одржа во Приштина, Р. Косово, разговараа за претстојните активности и конкретните мерки кои ќе бидат преземени во насока на промоција на регионалната соработка за формирање економска интеграција во регионот на Западен Балкан. Претседателот на Стопанската комора на Косово, Берат Рукиќи посочи дека регионот на кој припаѓаме има потреба од инвестиции, а креирањето на заеднички пазар може да биде атрактивен и со голем потенцијал за странски партнери, како и да привлече големи светски компании да го препознаат Западен Балкан како место за нивни идни вложувања и креирање бизнис активности.

Подобра економска соработка меѓу земјите од Западен Балкан ќе испрати и позитивна порака до европските институции, посочи претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, кој е и заменик претседател на КИФ. Азески при тоа додаде дека компаниите во Западен Балкан имаат потреба од подобра меѓусебна комуникација, а за да се реализира тоа ќе се користи искуството на модел сличен на нордискиот за подобрување на овој јаз. Делегацијата исто така, го посети Паркот за иновации и обука во Призрен, внимателно разгледувајќи ги потенцијалите и придобивките кои овој парк може да ги донесе во функција на економскиот развој.

## 28.5.2019

**ВИДЕО ЗАПИСИ ЗА ЦАРИНСКОТО РАБОТЕЊЕ**




Царинската управа на Република Северна Македонија пред бизнис-заедницата презентираше кратки информативни видео записи во врска со царинското работење, кои се дел од проектот „Како подобро да се разберат царинските постапки".

Видео записите се изготвени со цел олеснување на трговијата преку развивање на знаења и вештини на сите инволвирани во царинскиот процес на тарифно распоредување, царинска вредност, правила за потекло, инкотермс правила и учество на царината во приходите. На презентацијата, што се одржа во Стопанската комора на Македонија, а на која присуствуваа преставници од бизнис секторт обраќање имаше директорот на Царинската управа Ѓоко Танасоски, заменик амбасадор на Кралството Холандија Андри ван Менс и Бенедикт Меиле претставник од KGH Douaneopleidingen од Холандија.

## 28.5.2019

**ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ, СОГЛАСНО СТРАТЕГИЈАТА ЕВРОПА 2020**

Преку Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (TRAINEE), се реализираа обуки на стручен и технички кадар за инсталирање на фотоволтаични системи и топлински колектори, со цел подобрување на вештините на градежните работници за градење енергетски ефикасни објекти. Преку обука, преквалификации и препознавање на претходно стекнато знаење и вештини, треба да се постигнат параметрите на ЕУ „Стратегијата 2020“ за енергетска ефикасност, беше речено на прес конференцијата одржана во Стопанската комора на Македонија. Подобрувањето на вештините на градежните професионалци (архитекти, инженери и градежни работници) ќе се постигне преку 3 основни цели и тоа преку: ** подобрување на вештините на градежните професионалци (градежни работници, архитекти и инжињери) за градење енергетски ефикасни објекти; * примена на алатки за информациско моделирање на градби (BIM-building information modeling) на национално ниво; * зголемување на пазарната вредност на вештините за енергетско ефикасно градење.*

## *28.5.2019*

**МАКЕДОНСКО-СЛОВЕНЕЧКИ БИЗНИС-ФОРУМ**



Трговската размена меѓу Република Северна Македонија и Република Словенија не е на задоволително ниво, но постојат големи можности за соработка и за интензивирање на економските односи меѓу двете држави, - оценуваат деловните луѓе од компаниите и коморите кои во Стопанската комора на Словенија ги разгледуваа можностите за бизнис соработка









На форумот воведни обраќања имаа премиерите на Република Северна Македонија, Зоран Заев и на Словенија, Марјан Шарец, како и претседателите на, Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и на Стопанската комора на Словенија, Марјан Шарец.

Согласно структурата на досегашната соработка во извозот и увозот, размената најмногу се заснова на производи од металната и електро индустријата, секторот на производство на основни метали, хемиската и земјоделско прехранбената индустрија.

**29.5.2019**

**ПРОБЛЕМИ НА МАЛИТЕ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ**



Групацијата на обновливи извори на енергија при Стопанската комора на Македонија, одржа седница на којашто се дискутираше за проблемите кои ги имаат малите хидро електрани во работењето. При тоа на состанокот беше разговарано за надоместокот што малите хидро електрано го плаќаат согласно Законот за води и кој преставува финансиско оптеретување за фирмите, кои со добивање на концесија за вода се оптоварени со доплонителна давачка согласно Законот за води. На седницата, која ја водеше претседателот на Групацијата, Тодор Анѓушев, фирмите членки на Групацијата на обновливи извори на енергија изразија готовност овој проблем да биде решен преку иницијатива за измени на законската регулатива.

**30.5.2019**




**КВАЛИТЕТНА АРМАТУРА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА БЕЗБЕДНИ ГРАДБИ**

Андреа Серафимовски, претседател на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите зема учество на конференцијата „Квалитетна арматура – безбедни градби“ во организација на „Дојран стил“, на која присуствуваа стопанственици од градежниот сектор, претставници на академската заедница, стручната јавност и институциите. Во своето обраќање, Серафимовски се осврна на тековните состојби поврзани со производството, трговската размена и квалитетот на арматурата во нашата држава, при што истакна дека е неопходна натамошна соработка и заедничко дејствување на научната јавност и реалниот сектор со цел преземање активности за зголемување на квалитетот на градежните материјали и градбите, што е од заеднички бенефит за државата, бизнис – заедницата и граѓаните.

**01.6.2019**

**СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И ПОЛИТИКИ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО БИЗНИС СЕКТОРОТ**

Преку ефикасно и професионално работење на сите чинители во општеството, подигнување на јавната свест за сузбивање на корупцијата, подигнување на деловната етика, примена на европски и етички стандарди и дигитализација во јавната администрација, може да се влијае во намалувањето на корупцијата. Ова е констатирано на Конференцијата за интегритет и антикорупција во бизнис секторот, организирана како дел од проектот: „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и приватниот бизнис – сектор“ кој е финансиран од Европската Унија.

Еден од основните предуслови за обезбедување на одржлив и континуиран економски раст, повисок животен стандард и поволно деловно окружување е обезбедувањето на еднакви услови за сите чинители на пазарот истакна Јадранка Аризанковска, виш советник при Стопанската комора на Македонија.

**01.6.2019**

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА ВО ЗАКОНИТЕ ЗА ТУРИСТИЧКАТА И УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ**

Министерството за економија одржа работен состанок согласно нацрт-измените на законите за туристичка и угостителска дејност, предводен од страна на министерот за економија Крешник Бектеши, на кој учествуваа и претставници на бизнис секторот од дејноста туризам и угостителство, од државните инспекциски служби, како и од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

Предложените измени се во согласност со барањата на бизнис секторот и се резултат на иницијативата преземена од правните субјекти членки на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија.

Измените меѓу другото предвидуваат и релиценцирање, осигурителна полиса за аранжмани, банкарска гаранција, измени кои се во насока на воспоставување сигурност и доверба за граѓаните од една страна и подигнување на квалитетот на услугата од друга страна.

Крајната цел на оваа деловна активност е подобрување на условите за развој на туризмот, афирмирање на природните богатства и традиционалните обележја за целите на туризмот, подобрување на квалитетот на услугата и зголемување на стапката на вработеност во секторот туризам и угостителство.

**05.6.2019**

**ПРОМОВИРАНА ЈАПОНСКА МЕНАЏМЕНТ ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОБУКА**



Економски Факултет – Скопје при УКИМ во соработка со Стопанската комора на Македонија, организираа промоцијата на новата Јапонска менаџмент програма за професионална обука: „Quality management and Competitiveness“. Станува збор за специјализирана програма по менаџмент на квалитет и конкурентност која претставува плод на соработката помеѓу Јапонската Агенција за меѓународна соработка (JICA), Универзитетот од Нагасаки, Јапонија, Универзитеот за Национално и Светско Стопанство Стопанство (UNWE) од Софија, Бугарија и Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.

Д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, потпретседател на Стопанската комора на Македонија, потенцирајќи ги реформите во средното стручно и високото образование во насока на воспоставување стандарди кои ќе овозможат сигурност, напредок, верба, задоволство од сопствените постигнување и мерило за споредба со останатите, истакна дека Комората активно е вклучена во напорите на општеството во целина за подигање на квалитетот на образовниот систем, преку користење на меѓународните искуства кои ги пренесуваат еминентни професори и експерти со што се овозможува задоволување на стандардите кои сме ги поставиле.

**06.6.2019**

**МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ЗА КВАЛИТЕТЕН И ЕФЕКТИВЕН ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ**

Стопанската комора на Македонија, Центарот за образование на возрасните и Швајцарската федерација за образование на возрасните, ја официјализираа соработката преку потпишување Меморандум, во насока на воспоставување партнерство за поддршка и развивање на неформалното образование и доживотното учење кое има за цел промовирање и унапредување на квалитетот на неформалното образование и зголемување на знаењата, вештините и компетенциите кај младите и возрасните за одржливо вработување.

-Главната заложба на Стопанската комора на Македонија, како најстара и најбројна бизнис асоцијација е преку соработка со релевантните институции да се постигне поедноставување на ригидните и долготрајни законски процедури кои постојат во неформалниот систем на образование во делот на верификување на програмите за образование на возрасните. Важноста на овие програми се согледува и во фактот дека истите се поддржани и преку Оперативниот план на Владата како мерка која на брз и флексибилен начин одговара на потребите на реалниот сектор за обезбедување на бараната работна сила, - изјави м-р Анета Трајковска, оперативен директор на Стопанската комора на Македонија.

## 07.6.2019

**ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИТЕ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

На 6 јуни 2019 година, Фондацијата „Претприемачки сервис за млади“ во партнерство со Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување и АРК Фонд од Бугарија, ја одржаа завршната конференција во рамките на Проектот ***„Јакнење на капацитетите на малите и средни претпријатија преку подобрена поддршка за иновации (InnoSupport)“.***

Целта на настанот беше преку дискусија да се споделат искуства помеѓу претставници од различни институции, компании и организации за начинот на промоција на претприемништвото и иновативноста, поттикнување на соработката меѓу различните чинители на пазарот, инструменти и алатки за финансирање на иновативни проекти.

На втората панел дискусија на тема: ***„Иновациите - перспектива за економскиот развој“,*** говореше д-р Татјана Штерјова, директор на Дирекцијата на здруженија и регионални комори при Стопанската комора на Македонија. Во своето излагање, д-р Штерјова акцентот го стави на иновативноста како една од алатките на компаниите. При тоа, таа потенцираше дека тоа претставува повеќе од истражување и развој и покрива широк опфат на активности кои им помагаат на компаниите да станат попродуктивни и конкурентни и на тој начин се клучна движечка сила за економскиот раст.

## 08.6.2019

**ПРОМОВИРАН ИЗВЕШТАЈОТ НА ОЕЦД ЗА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**



Поглавјата од Индексот на политики за мали и средни претпријатија: Западен Балкан и Турција 2019 обезбедуваат сеопфатен преглед на деловното окружување во шесте економии од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Република Северна Македонија, Косово, Црна Гора и Србија) и Турција.

Споредено со последната публикација на актот за мал бизнис (2016 година), Извештајот вели дека нашата земја покажала прогрес во имплементирањето на предлог-мерките од страна на ОЕЦД: усвоена е Стратегија за МСП во кои се инкорпорирани предлозите на ОЕЦД, зголемени се финансиските средства во Фондот за иновации наменети за мали и средни претпријатија, извршена е хармонизација на Законот за јавни набавки со законодавството на ЕУ и намалени се трговските бариери заради меѓусебното признавање на бизнис инфраструктурните тела во регионот кои го олеснуваат патот кон извозот.

## 10.6.2019

**ТРИБИНА: „ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ - ИДНИ ЧЕКОРИ“**




Потребата од воведување на дуалното образование како комбинација на практични вештини, теоретски знаења и клучни компетенции и воспоставување рамнотежа помеѓу понудата и побарувачката на стручни, квалификувани и лесно вработливи кадри, беше целта за организирање на трибината: „Предизвици за подобрување на дуалното образование – идни чекори“, организирана од страна на Стопанската комора на Македонија во соработка со Европската бизнис асоцијација.

Дуалното образование за што подолго време наназад укажува Стопанската комора на Македонија и како модел итно треба да се примени и во средните стручни училиште во нашата земја веќе е предмет на анализа и во Владата.

Дел од компаниите во обид да обезбедат стручен и квалификуван кадар, во соработка со Стопанската комора на Македонија и образовните институции, се вклучија во пилот-проекти на дуално образование, но наменски, само за свои потреби. Штефан Петер, претседател на Управниот одбор на австриската енергетска компанија истакна дека водени од потребата за обезбедување идна работна сила, покрај вложувањето во учениците, треба да се вложува и во едукација на наставниот кадар со цел осигурување на зацртаниот квалитет од Програмата.

## 11.6.2019

**РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО УЧЕСНИК НА ЛОКАЛНИОТ САЕМ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И КАРИЕРА**



Општина Кичево организираше Саем за вработување и кариера на локално ниво, во рамките на Проектот "Transnational Educational Network for young people - new technologies and entrepreneurial thinking in the tourism industry", од Програмата „INTERREG Balkan-Mediterranean 2014-2020", во Кичево. Целта на Саемот беше да им се даде можност на бизнисите, универзитетите, средните училишта, центрите за стручно образование и обука и работодавачите да ги промовираат своите активности и да презентираат отворени работни места. Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија ги претстави и ги презентираше активностите на најстарата и најбројната бизнис асоцијација. На Саемот присуствува и компании - членки на Комората кои на посетителите им ги претставија можностите за бизнис, претприемништво и вработување.

## 12.6.2019

**ОГЛАСЕНИ ПРВИТЕ 35 MW ОД ПРЕДВИДЕНИТЕ 200 MW ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ**

Презентацијата на условите за учество на јавниот оглас за доделување премии за изградба на фотоволтаични електрани на државно земјиште, пред членките на Македонската енергетска асоцијација (МЕА) направи вицепремиерот задолжен за економски прашања, д-р Кочо Анѓушев. Тој истакна дека јавниот повик ќе се однесува за изградба на фотонапонски електроцентрали со инсталирана моќност од 35 мегавати, а сите заинтересирани инвеститори ќе може да ја подигнат тендерската документација и да аплицираат во рок од 60 дена.

## 12.6.2019

**СЕКОЈ ЗАСЛУЖУВА БЕЗБЕДНА ХРАНА**

Светскиот ден на безбедна храна - 7 Јуни во нашата земја се одбележа првпат годинава откако Обединетите нации донесоа Резолуција во декември минатата година. Покрај тркалезната маса, што ја организираше Агенцијата за храна и ветеринарство како носител на активностите, а на која учество земаа и претставници од Стопанската комора на Македонија, во Градскиот трговски центар беше организиран и едукативно-информативен настан за важноста на безбедноста на храната.

Одбележувањето на Светскиот ден за безбедност на храна претставува можност за глобална промоција на улогите на сите засегнати страни во насока на зајакнување на системите за безбедност на храна. Сите чинители во синџирот на исхрана се одговорни за безбедност на храната.

## 14.6.2019

**ВО КИЧЕВО НА ВОЗВРАТЕНА СРЕДБА ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИ СОВЕТИ ОД ОПШТИНИТЕ КУМАНОВО И СВЕТИ НИКОЛЕ**



Локалниот економско социјален совет од Општина Кичево е домаќин на средбата со локалните економско социјални совети на општините Куманово и Свети Николе, по реализираните посети од ЛЕСС - Кичево заедно со ЛЕСС - Струга во Свети Николе и во Куманово. На овие средби од локално значење како надворешен член присуствуваше и Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија. Целта на средбите е размена на искуства, а се презентираа идни планови и насоки за работа, со цел подобрување на социо-економските состојби во општините. Во дискусијата, како значајно за бизнис секторот се потенцираше недостатокот на стручен кадар и искуство во средното образование, а се изрази и поддршка за дуалното образование.

## 14.6.2019

### СЛОВЕНЕЧКА ДЕЛЕГАЦИЈА ВО ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

На 12 јуни 2019 година, потпретседателката на Стопанската комора на Македонија, д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, оствари работна средба со бизнис делегација од словенечката компанија за пренос на електрична енергија „ЕЛЕС Груп“ - Словенија.

Целта на посетата беше унапредување и интензивирање на економската соработка меѓу двете држави во делот на проектните активности од областа на енергетиката, иновациите и модерните технологии.

Д-р Георгиева-Јовевска накратко пред присутните ги претстави целокупната работа и функционирањето на Комората и потенцираше дека во соработка со Стопанската комора на Словенија интензивно низ годините се работи токму на јакнење на капацитетите и можностите за продлабочување на соработката меѓу бизнис заедниците од двете земји. Во изминатиот период двете комори организираа заеднички бизнис настани и средби со што значително придонесуваат за подобрување на деловната клима во двете земји, но и потпомагање на македонските компании за полесен пристап до европскиот пазар.

## 14.6.2019

### ЈАПОНСКИ БИЗНИСМЕНИ ВО ПОСЕТА НА „СЕАВУС“



Делегацијата на јапонските бизнисмени кои се во посета на нашата земја со цел да го скенираат бизнис амбиентот и можностите за инвестирање, реализираа посета на ИТ-компанијата „СЕАВУС“.

Во рамките на посетата и по запознавање со општите податоци и карактеристики за фирмата, претставниците на 17 јапонските компании кои работат на европскиот пазар се интересираа за можностите за соработка со ИТ-компаниите, за кадарот кој е на располагање и висината на приходите на вработените. Во таа насока беа претставени и капацитетите на „СЕАВУС“ како образовна институција, односно академија.

„СЕАВУС“ е меѓународна компанија за развој на софтвер и советодавни услуги. Групацијата обезбедува производи за различни оддели во големи компании и владини агенции. „СЕАВУС“ опфаќа над 50 милиони мобилни претплатници преку своите клиенти.

## 15.6.2019

### „РАДЕ КОНЧАР СЕРВИС И РЕЦ“ И „РАДЕ КОНЧАР - ТЕП “ ДОМАЌИНИ НА ЈАПОНСКАТА БИЗНИС ДЕЛЕГАЦИЈА



Во просториите на „Раде Кончар Сервис и РЕЦ“ и „Раде Кончар – ТЕП“, беше реализирана презентација на производните програми на овие македонски компании пред претставници на јапонски фирми кои ја скенираат бизнис климата во земјата со интерес за инвестирање.

Генералниот директор на „Раде Кончар – ТЕП“, Горан Антевски информираше дека дел од нивните вработени пред се` на менаџерски позиции имаат поминато обуки во Јапонија во рамките на Програмата за менаџери и претприемачи, преку Асоцијацијата АОТС.

„Раде Кончар – ТЕП“ како водечка компанија во металопреработувачката и електроиндустријата вчера беше посетена од страна на јапонскиот министер за економија, трговија и индустрија, Јошихиро Секи. За Антевски кој е и претседател на Здружението на македонско-јапонско пријателство, посетата на јапонскиот министер создава нови можности за земјава.

## 17.6.2019

### ПРВИ ОФИЦИЈАЛНИ МАКЕДОНСКО-ЈАПОНСКИ БИЗНИС СРЕДБИ






Македонски и јапонски компании од области на: металната индустрија, енергетиката и животна средина, градежништвото, хемиската индустрија, прехранбената индустрија, ИТ-компании во Стопанската комора на Македонија одржаа деловни средби со цел воспоставување идна соработка.
Во официјалниот дел од овој настан, пред повеќе од 50-тина бизнисмени од двете земји, свое обраќање имаа претседавачот на Собранието на Стопанската Комора на Македонија, м-р Антони Пешев, како и Такуро Нозава, директор во Јапонската надворешно–трговска организација (JETRO) која е задолжена за промоција на јапонската трговија и инвестиции, кој истакна дека ова е прва официјална делегација во посета на нашата државасо цел да се запознаат со условите што се нудат за странските инвеститори. Тој ја претстави единствената директна јапонска инвестиција во Македонија „Writerity“, Inc. (која од 2017 година развива веб-апликации и нуди услуги за странство).

## 17.6.2019

### ОБУКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ ЗА ГРАДЕЊЕ ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ОБЈЕКТИ




Во Стопанската комора на Македонија започна реализација на пилот-обуките за проектирање и инсталирање сончеви термални колекторски и фотоволтаични системи, организирани преку Проектот „ТРАИНЕЕ“.
Целта на обуките е континуирано подобрување на вештините на градежните работници за градење енергетски ефикасни објекти преку обука, преквалификации и препознавање на претходно стекнато знаење и вештини. Програмите за обука се развиени во контекст на барањата на ревидираната европска Директива за промовирање на користењето на енергија од обновливи извори Directive 2018/2001/EU.
Циклусот обуки за проектирање и инсталирање на сончеви термални колекторски и фотоволтаични системи се спроведе во периодот **од 17 јуни до 2 јули 2019 година**.

## 18.6.2019

### ПРЕЗЕНТИРАНИ МАСТЕР СТУДИИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ОД ВИНЧЕСТЕР, ОД ICBS БИЗНИС КОЛЕЏОТ ОД ГРЦИЈА

Во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација на британската акредитирана Програма за мастер студии за бизнис на Универзитетот во Винчестер, Велика Британија, од страна на ICBS Бизнис Колеџ, (Солун-Атина-Лариса).





Неговата филозофија се базира на пет столба и тоа на образование според европски и меѓународни стандарди, студиски програми приспособени на потребите на глобалниот пазар, истакнати професори со квалитетно академско образование и професионално искуство, развој на претприемачкиот дух и мотивирани студенти.
Пред учесниците, свое обраќање имаше и Н.Е. Димитрис Јанакакис, амбасадор на Република Грција во Скопје, кој ги поздрави присутните и ги истакна убавините на Солун, како една од најблиските дестинации за студирање во Грција.

**18.6.2019**

**СЛОВАЧКИТЕ БИЗНИСМЕНИ ГО НУДАТ СВОЕТО ИСКУСТВО И СОРАБОТКА НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ**




Бизнис форум и билатерални средби меѓу македонски и словачки компании, се одржаа во Стопанската комора на Македонија, организирани во соработка со Комората за индустрија и трговија на Словачка, Регионална комора со седиште во Трнава.
Соработката со Словачка е на ниско ниво. Земјата е 28-ми трговски партнер на Република Северна Македонија. Во таа насока, неопходно е продлабочување на бизнис поврзувањето, имајќи предвид дека расположивите потенцијали и можности се многу поголеми од досега реализираното, вклучувајќи ги секторите на индустријата на отпад, металургија, трговија, метална, хемиска, прехранбена индустрија, текстил, енергетика, систем на стандардизација, сектори од кои доаѓаат компаниите кои се во состав на словачката бизнис делегација денес, потенцираше д-р Татјана Штерјова, директор на Дирекцијата на здруженија и регионални комори во Стопанската комора на Македонија.

**19.6.2019**

**ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ЗА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА И ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ**

Во насока на подобрување и полесно имплементирање на законите во Република Македонија преку ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА", во Штип, се одржа информативна сесија на тема: „Закон за финансиска дисциплина и исполнување на договори".
Целта на настанот беше презентирање на Законот за финансиска дисциплина, како и идентификување на предизвици со кои се соочуваат компаниите при неговата имплементација, а потоа дефинирање на конкретни предлози и решенија за подобрување на Законот и нивно проследување до надлежна институција. Со конкретните предлози се цели кон подобрување на условите за работа на компаниите.

**20.6.2019**

**ЕКОНОМСКИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ ОД САМИТОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО ПОЗНАЊ**




На 4 јули 2019 година, во Познањ, Р. Полска, ќе се одржи овогодинешниот Самит на Западен Балкан. Во рамките на Самитот ќе се реализираат многубројни настани, панел-дискусии, бизнис форуми и билатерални средби со претставници од владиниот и невладиниот сектор и бизнис заедниците од 16 земји. -Главна цел на Самитот е полесна интеграција на регионот на Западен Балкан со земјите од Европската унија, преку креирање синергија меѓу светот на политиката со граѓанските општества и бизнис круговите, - истакна господин Кристоф Прзилуцки, шеф на Канцеларијата на Полската агенција за инвестиции и трговија во Софија, на денешната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија. -Во насока на реализација на идејата „Да растеме заедно", покрај иницијативата за поврзување на бизнис секторот, во рамките на Самитот формално ќе биде означено и конституирањето на Бизнис платформата помеѓу Коморскиот инвестициски Форум (КИФ) и институциите на Европската унија, што ќе служи како основа за дискусија меѓу бизнис заедницата од регионот на Западен Балкан и европската администрација.

## 22.6.2019

**БИЗНИСОТ БАРА БРЗИНА, ПОЛИТИКАТА СТАБИЛНОСТ-РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ**



Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, со потпретседателите и членовите на Управниот одбор на Комората, оствари средба со претседателот на државата, Стево Пендаровски.

Претседател Пендаровски беше запознаен со приоритетите кои ги има поставено најстарата и најбројна бизнис асоцијација во насока на креирање соодветен бизнис амбиент за креирање економски раст и развој, а беше упатена и препорака со неколку поенти до претседателот, не случајно, бидејќи економските состојби во државата во голема мера се детерминирани од многу параметри, за кои токму претседателот на државата има директни надлежности и овластувања.



## 24.6.2019

**СИГУРЕН И СТАБИЛЕН ТУРИСТИЧКИ СЕКТОР ПРЕКУ СООДВЕТНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА**

Измените и дополнувањата на Законот за туристичка дејност кои се веќе во најголем дел усогласени со надлежното Министерство за економија да бидат донесени во најбрз можен рок за да се воспостави ред во туристичката дејност, порачуваат од бизнис секторот. Во меѓувреме треба да се доработи само уште делот на регулирање на гарантирањето на работата на туристичките агенции, дали ќе се примени банкарска гаранција или осигурителна полиса.

Воведувањето ред и менување и дополнување на дел од членовите во Законот е од големо значење бидејќи дејноста има континуиран раст и позитивен тренд, како во бројот на туристи, така и во девизниот прилив.



## 25.6.2019

**ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

Регионалната комора со седиште во Штип потпиша Меморандум за соработка со Општина Свети Николе, кој предвидува размена на информации од заеднички интерес, учество во изработка на апликации и соработка во проекти, решавање на клучни прашања од значење за бизнис секторот, поголема иницијативност и организираност, со еден нов модерен пристап и значителен придонес на Општината во унапредувањето на бизнисот на локално ниво. Градоначалникот на Општина Свети Николе, м-р Сашо Велковски и претседателот на Регионалната комора со седиште во Штип, Наум Барзов, заеднички констатираа дека во наредниот период ќе се работи поактивно на зајакнување на односите со сите целни групи и здруженија во општината и во регионот, со единствена цел за подобрување на условите за живот за граѓаните и заедно со Регионалната комора со седиште во Штип - решавање на отворени прашања од локално и регионално ниво, со директно вклучување на претставници на Комората во активностите, особено во делот на Локалниот економски развој.



## 26.6.2019

**СМАРТ ТЕХНОЛОГИЈА ЗА КОМУНАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ИНТЕРЕС НА ГРАЃАНИТЕ**




Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија пред членките на Здружението од дејноста отпад и пред претставници на локалната самоуправа, градоначалници, одделенија за комунален отпад и инфраструктура го претстави проектот „Паметни градови – технологија за комуналните претпријатија во интерес на граѓаните". Презентацијата беше реализирана од страна на Милан Змеко и Лудовит Кудела, од компанијата „ОМС" од Р. Словачка.

Програмата на паметни градови нуди инфраструктура која е отворена за сегашните и идните потреби на градовите.

## 27.6.2019

**УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА ВО ЦЕФТА-РЕГИОНОТ**

претставниците на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) потпишаа Меморандум за соработка за подобрување на трговијата во рамките на ЦЕФТА, кој треба да овозможи отстранување на бариери во трговијата, усогласувањето на придружната документација при прекуграничното движење на стоки во регионот, како и меѓусебно признавање на ветеринарни и фитосанитарни сертификати. На настанот, директорот на Секретаријатот на ЦЕФТА, Емир Ѓикиќ, истакна дека на 1 јули стапува на сила одлуката за целосна кумулација и враќање на увозни давачки на увозот од трети земји во рамките на ПЕМ (PEM) Конвенцијата, како и тоа дека за економијата во регионот носи корист од околу 100 милиони евра. „Во моментот се работи на заедничко признавање на овластените економски оператори ОЕО", рече Ѓикиќ, додавајќи дека во споредба со европските земји, каде што има околу 17.000 ОЕО, во регионот има 20, со исклучок на Молдавија и дека целта на Меморандумот е да се поттикне економијата да започне да функционира на начин како што е регулирано во ЕУ и да го зајакне капацитетот за пристапување кон Унијата. „Со оглед дека сите ние имаме заеднички цели, а тоа е интеграција на регионот во ЕУ и подобрување на трговијата, решивме да ги поддржиме идните активности и сето тоа да го подигнеме на повисоко ниво. Еден од тие чекори е формалното потпишување на Меморандумот", - изјави Кнежевиќ.

## 29.6.2019

**ФОРМИРАНО ЗДРУЖЕНИЕ НА ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО КОМОРАТА**

Главни приоритети ќе бидат унапредување на работењето на финансиските организации и развој на финансискиот пазар во земјата.




Иницијативата за формирање Здружение на финансиски организации е поттикната од се` поголемата интегрираност и комплементарност на домашниот финансиски систем и од растечката појава на финансиските друштва што пак е резултат на обезбедување софистицирани услуги во согласност со потребите на граѓаните и приватниот сектор.

Како што напомена претседателот на новоформираното Здружение, Ѓорѓе Војновиќ од „Триглав осигурување" АД - Скопје, една од главните цели ќе биде идентификување на предизвиците кои се однесуваат на целиот финансиски сектор со цел изнаоѓање сеопфатни решенија што резултираат со создавање основа за поуспешно работење на компаниите од овој сектор, но ќе се обидеме да воведеме и некои нови програми и проекти кои ќе придонесат за зајакнување на финансискиот систем, негово унапредување и доближување кон сите засегнати страни.

## 01.7.2019

**ПОЕВТИН РОАМИНГ МЕЃУ ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ОД ДЕНЕСКА**

Цените на услугите во роаминг помеѓу Северна Македонија, Србија, Црна Гора, Албанија, Косово и БиХ од денеска ќе се намалат за 27 отсто, со динамика на континуирано намалување во следните две години, а од јули 2021 година ќе бидат целосно укинати. Динамиката е согласно Договорот потпишан на Вториот дигитален самит за Западен Балкан, како предуслов за почнување на постапката за укинување на роамингот кон Европската унија.

## 03.7.2019

**ПОДДРШКА НА СТАРТАПИ ПРЕКУ „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“**



Со можност за подобро и навремено имплементирање на законите во Република Северна Македонија се одржа информативна сесија на тема: „Законските прописи како можност и предизвик на формирање стартап компании“, на Факултетот за информатички и комуникациски технологии во Битола, преку Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“.

Што е потребно за поддршка на стартап еко-системот, кои иницијативи и програми треба да се воведат и какви интервенции треба да се преземат во законите - се дел од прашањата кои беа поставувани на оваа информативна сесија и по која говорниците се произнесоа.

## 04.7.2019

**НАСОКИ ЗА ПОБРЗ И ПОЛЕСЕН ИЗВОЗ И НАСТАП НА СТРАНСКИ ПАЗАРИ**

Стопанската комора на Македонија во рамките на Проектот „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, изработи прирачник, како поддршка за македонските компании и претприемачи кои имаат планови за проширување на својот бизнис надвор од границите на државата.

Иницијативата за изработка на Прирачникот со наслов: „Насоки за побрз и полесен извоз и настап на странски пазари“ произлегува пред се` од потребата да се поедностави постапката и да се скрати времето кое деловните субјекти го трошат за транспорт и пласирање на дел или целото свое производство на пазарите надвор од границите на нашата земја.

## 05.7.2019

**КИФ – ОФИЦИЈАЛИЗИРАН ПРОЕКТОТ ФИНАНСИРАН ОД ЕУ ЗА ПОКОНКУРЕНТЕН РЕГИОН**



**Повеќе од 1.200 мали и средни претпријатија од шесте држави од регионот на Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија, Северна Македонија и Црна Гора) во следните три години ќе можат да добијат конкретна поддршка од Коморскиот инвестициски форум (КИФ) за унапредување на нивните производни и извозни капацитети, за зголемување на нивното присуство на регионалните и на светските пазари, како и за зголемување на нивната подготвеност да станат добавувачи на големите мултинационални корпорации, да добијат средства од европските фондови и да привлечат странски инвестиции.** Партнерството на тригодишниот проект за подигнување на конкурентноста на стопанството од регионот, кој ќе го имплементира Коморскиот инвестициски форум, а за којшто Европската унија издвои 2,5 милиони евра, ќе биде официјализирано денес, во рамките на Бизнис Форумот на Самитот за Западен Балкан во Познањ, од страна на европскиот комесар за проширување и соседска политика, Јоханес Хан и претседателот на Коморскиот инвестициски форум, Марко Чадеж. **Потпишувањето на договорот е планирано за септември, почетокот на реализацијата на проектните активности во октомври, а првите услуги од заедничката регионална стопанска соработка, за стопанствениците ќе бидат достапни до крајот на годината.**

## 10.7.2019

**УЛОГАТА НА ГРАДЕЖНИШТВОТО КАКО ДВИГАТЕЛ НА РАСТОТ**




Претседателот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија, Андреа Серафимовски, на прес–конференцијата говореше за актуелните состојби и очекувањата на градежниот сектор, истакнувајќи дека по 2018 година, која градежните компании ја оценија како една од најтешките години за градежништвото, во 2019 година се очекува стабилизација на состојбите и враќање на улогата на градежништвото како двигател на растот на домашната економија. Серафимовски информираше дека состојбите се придвижуваат во позитивна насока, при што во првиот квартал од 2019 година наспроти првиот квартал од 2018 година забележан е пораст на градежништвото во БДП од 7%, што меѓу другото, се должи и на значителното подобрување на реализацијата на капиталните проекти преку ЈП за државни патишта.

## 15.7.2019

**ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА АГРЕГАТИ, БЕТОНИ И АСФАЛТИ**



Групацијата за агрегати, бетони и асфалти на 15.7.2019 година одржа работна средба со претставници на Институтот за стандардизација на РСМ, на која се дискутираше за тековните активности и соработката на Групацијата со Работната група во рамки на новоформираниот Технички комитет 43 – Материјали, опрема и сигнализација за патишта, при подготовката на стандардизациските документи за битуменските мешавини (асфалти). На средбата беше истакнато дека доуредувањето на материјата од областа на асфалтите е од особен интерес за градежните компании и ќе придонесе за подигнување на квалитетот во инфраструктурата и градежништвото.

## 15.7.2019

**НАМАЛЕН БРОЈОТ НА ВРАБОТЕНИ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА**

Бројот на вработени во текстилната индустрија е намален од три до пет проценти, истакна претседателот на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската Комора на Македонија, Ангел Димитров, кој состојбата во текстилната индустрија ја оценува како „не многу сјајна“. Заминувањето на дел од странските партнери е и поради немодернизацијата на производството, возраста на текстилните работници, којашто во просек е над 45 години, како и миграцијата. Затоа е важно за текстилната индустрија, како трудоинтензивна гранка во земјава, дел од проблемите да се решат доколку компаниите вложуваат во нови машини. Со цел да бидеме конкурентни во однос на опкружувањето, македонската текстилна индустрија мора да добие поддршка од државата во смисла на поволни кредитни линии, субвенции, обезбедувања преку користење гарантни фондови итн. Тоа ќе овозможи да се направат вложувања во автоматизација на производните процеси, а со тоа подобрување на квалитетот и обезбедување поголема продуктивност од страна на текстилните компании.

Со вложување во современа опрема може да се зголеми продуктивноста, да се задржи конкурентноста на светските пазари. Од друга страна, недостигот на работници, демотивираноста на младите да се запишуваат во средните училишта се само проблеми, што ќе бидат многу важни во идниот период за оваа стопанска гранка.

## 16.7.2019

**ПОЕФИКАСНО РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ИЗВОЗНАТА ПРОМОЦИЈА И ДРЖАВНАТА ПОДДРШКА НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ**

Клубот на извозници при Стопанската комора на Македонија иницира промена на моделот на поддршка на домашните компании за промовирање на извозот за учество на саеми и други промотивни настани (деловни средби, презентации и сл.).




-Ваквата иницијатива следува по активностите што ги имаа членките на Клубот во насока на преземање активности за зголемување на извозот преку освојување на нови пазари и координиран настап на македонските компании на странски пазари, а во услови на дефинирана државна поддршка.

Имено, Клубот на извозници при Комората, по спроведена анкета меѓу членките утврди дека е неопходно да се промени постојниот модел, бидејќи сега поддршката се реализира преку 4 извори на средства и тоа:

1. Согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции, во делот на Финансиска поддршка за освојување нови пазари и пораст на продажбата преку кој право на поддршка имаат сите компании кои имаат инвестиционен проект за почетна инвестиција во производство, без оглед на доминантната дејност на компанијата, во Текстот на оваа одредба, која завршува без точка, е идентичен со текстот на член 31, став 1 од основниот Закон, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/2018.износ од 20% од оправданите трошоци за освојување на нови пазари, но не повеќе од 30.000 евра.
2. Преку Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година Министерството за економија обезбедува финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за учество на домашни, регионални и меѓународни саеми, во износ од 60% од докажаните трошоци за закуп на штанд до максимум 2.000 евра за претпријатија со претежна дејност од преработувачката индустрија.
3. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој обезбедуваат поддршка на земјоделството и прехранбениот сектор.
4. Преку Годишната програма за работа и Финансискиот план Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Р.С. Македонија исто така обезбедува финансиска поддршка.

## 19.7.2019

**АЗЕСКИ И РУКИЧИ: КАКО ДА ЈА ДОСТИГНЕМЕ 2011 ГОДИНА КОГА ИМАВМЕ РАЗМЕНА ОД 577 МИЛИОНИ САД ДОЛАРИ?**



Само со зголемен ангажман на поставените приоритети од страна на државите од двете земји и деловните заедници, може да се услови обемот на меѓусебната трговска размена од 300 милиони САД долари во минатата година да се зголеми двојно во наредните години, односно да дојде до нивото кое сме го имале во 2011 година од приближно 577 милиони САД долари, констатираа претседателите на Стопанската комора на Македонија и Косово, Бранко Азески и Берат Рукичи, на работната средба одржана во Охрид.

Заедно беше констатирано дека во насока на унапредување на меѓусебната размена не треба да се заборави на барањето на бизнис заедницата за модернизација на прекуграничната инфраструктура, со цел да се создадат оптимални услови за забрзан проток на стоки. Во овој сегмент најважно е да се работи на забрзување на царинските и други прекугранични процедури, односно да се пристапи кон веќе донесената одлука за вршење заеднички контроли, што во рамките на планот за регионална економска област како дел од Берлинскиот процес ваквата активност е поставена како врвен приоритет.

**20.7.2019**

**СТОРНИРАНИТЕ ФИСКАЛНИ СМЕТКИ КОМПАНИИТЕ САМИ ЌЕ ГИ ПРИЈАВУВААТ ВО УЈП**

Во Стопанската комора на Македонија, на 22.7.2019 година, се одржа работна средба со претставници на Управата за јавни приходи на која беа презентирани новите законски решенија од Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица со кој се уредуваат и обврските на компаниите по основ на сторнираните фискални сметки. На средбата, претставниците на Управата информираа дека издавачите на фискални сметки имаат обврска да ги пријават во Управата фискалните сметки кои ги сторнираат и сторните сметки, за кои физичките лица немаат право на враќање на данокот согласно Законот, а пријавувањето на сметките треба да го извршат до поднесување даночна пријава за цели на данок на додадена вредност.

**22.7.2019**

**ТУТУНОПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ СО ПОДДРШКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЛЕГАЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ТУТУН**

-Сојузот на здруженија на тутунопроизводители го поздравува донесувањето на новиот Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи со кој се укинуваат бирократските обврски на земјоделците кои произведуваат тутун, односно вадење на евидентни листови, познати како „бели картони“, изјави на денешната прес-конференција претседателот на Сојузот на здруженија на тутунопроизводители, Ванчо Коцев.

Со просечна откупна цена од 3,3 евра за килограм на која тутунопроизводителите дополнително добиваат и субвенции за производството, нашата земја има највисоки цени на ориенталниот тутун во Европа. Ваквата позиција на домашното производство на ориентален тутун во услови кога во регионот (Грција, Бугарија и Турција), кои исто така се големи производители на ориентален тутун, но имаат многу пониски откупни цени, претставува еден вид потврда за квалитетот на македонскиот тутун, надополнет со најдобри услови за производство, кое резултира со се` подобра реколта, што е особено важно за тутунопроизводителите.

**23.7.2019**

**ОДРЖАНА ТРЕТАТА СЕДНИЦА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНО ПРИВАТЕН ДИЈАЛОГ**

Владата и бизнис секторот имаат отворена и искрена комуникација, преку која се креираат и имплементираат најсоодветни политики за побрз и одржлив економски раст во Република Северна Македонија, истакна вицепремиерот за економски прашања д-р Кочо Анѓушев на денешната трета седница на Комисијата за јавно приватен дијалог, која се одржува во рамките на „Проектот за подобра бизнис регулатива“, спроведуван од Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори, МАСИТ и Стопанската комора на Северозападна Македонија, во соработка си ЕПИ центар, поддржан од УСАИД.



Вицепремиерот нагласи дека со меѓусебна соработка помеѓу Владата и стопанството, претставувано од стопанските комори, во изминатиот период се донесени низа на економски политики, закони и мерки, кои се во насока на технолошки развој и воведување иновации, а со тоа и подигнување на конкурентноста на компаниите, но и за раст на плати и подобрување на животниот стандард на граѓаните. Законот за финансиска поддршка овозможува подеднаква поддршка за домашните и странските компании, со новиот Закон за енергетика се раздвижува енергетскиот сектор и се овозможени инвестиции во обновливите извори на енергија, Законот за јавни набавки и Законот за практикантство, сите овие законски решенија се донесени преку отворени дебати и на барање на стопанството, пред се во насока на подобрување на бизнис климата во земјата, појасни Анѓушев.

**31.7.2019**

**НАМАЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ОПТОВАРУВАЊА И АДМИНИСТРАТИВНА ДЕРЕГУЛАЦИЈА НА ИКТ-СЕКТОРОТ И КАБЕЛСКИТЕ ОПЕРАТОРИ**

Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија, одржа редовна седница за оптоварувањето на стопанството, посебно на членките на Здружението. На седницата, на која присуствуваа претставници на најголемите кабелските оператори во земјата, се нагласи дека стопанството е под постојан притисок на оптоварувања во своето работење, со постојните законски решенија во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за филмски фонд, а сега и Законот за електронски комуникации.

Членките на Здружението истакнаа дека има енормни проценти на зафаќања од приходите од редовното работење и преголема административна регулатива на кабелските оператори и од другите компании од секторот на информатичко-комуникациските технологии. Се укажа дека овие високи зафаќања од тековниот приход секогаш се

на товар на компаниите кои редовно ги подмируваат законските обврски. Но, овие и други нетарифни оптоварувања се дополнителен товар на компаниите.

## 01.8.2019

**КОНСТИТУИРАНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛИКУВАЊА И ПРИЗНАНИЈА - РАБОТНО ТЕЛО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Во Кабинетот на претседателот Стево Пендаровски денеска се одржа конститутивна седница на Комисијата за одликувања и признанија која е работно тело на претседателот, соопштија од вила „Водно“.

„За претседател на Комисијата за одликувања и признанија е именуван Марјан Ѓуровски, а за нејзини членови именувани се Билјана Пеева-Ѓуриќ, в.д. извршен директор на Стопанската комора на Македонија, академик Луан Старова, Дарко Панчев, Сабина Ајрула-Тозија, Весна Ѓиновска Илкова и Мирослав Стојановски. Претседателот Пендаровски на членовите на комисијата им посака успешна работа. Посочи дека при носењето на одлуката за составот на комисијата се водел од потребата во неа да членуваат поединци кои низ животниот пат оставиле своја трага. Членовите на комисијата се заблагодарија за честа да бидат дел од работното тело на претседателот и изразија очекување за конструктивна работа на комисијата, со цел давање на предлози за доделување на одликувања и признанија на поединци и организации кои дале придонес за Република Северна Македонија“, пишува во соопштението од кабинетот на Пендаровски.

## 07.8.2019

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ И ПРЕТСЕДАВАЧОТ НА БОРДОТ НА ДИРЕКТОРИ СТАВРОФ РАЗГОВАРАА ЗА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ СТОПАНСКАТА КОМОРА И „МАКЕДОНИЈА 2025“**



Претседателот на Стопанската Комора на Македонија, Бранко Азески денес одржа работна средба со Вера Ставроф, претседавач на Бордот на директори на „Македонија 2025“.

На средбата беа разгледани можностите за продлабочување на соработката помеѓу двете институции. Притоа, се дискутираше за одржливиот развој од аспект на бизнис можности и досегашните македонски извозни искуства на тој план. Се разговараше за можностите за соработка во рамки на Коморскиот инвестициски форум, како и за претстојниот годишен Самит на „Македонија 2025“, што ќе се одржи во ноември годинава.
На средбата е констатирано дека има голем простор за соработка помеѓу Стопанска комора на Македонија и „Македонија 2025“ и дека тоа ќе се искористи во интерес на забрзување на растот и развојот на бизнис секторот во земјата.

## 12.8.2019

**АХВ: ЗАБРАНЕТ УВОЗ И ТРАНЗИТ НА СВИЊИ, СВИНСКО МЕСО, ПРЕРАБОТНИ И НУС ПРОИЗВОДИ ОД СВИЊИ ОД СОСЕДНА СРБИЈА**

По официјално потврдување на присуство на болеста африканска свинска чума во реоните на Белград и Смедерево, во соседна Србија, заради заштита од внесување на вирусот на африканска чума кај свињите во Република Северна Македонија, денес, Агенцијата за храна и ветеринарство донесе решение за забрана за увоз и транзит на домашни и диви свињи, семе, јајца и ембриони од свињи од оваа земја. Забраната се однесува и на увозот на свинско месо, производи и подготовки од свинско месо и други производи кои содржат свинско месо, како и на нус производи.

## 14.8.2019

**ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА ЗА ПРОГРАМАТА НА МЕНТОРИ ВО КОМПАНИИ**



На иницијатива на Стопанската комора на Македонија, а поддржано од проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“ беше организирана работна средба на тема: „Програма за ментори во компании“. На истата присуствуваа претставници од Центарот за стручно образование и обука, Швајцарскиот федерален институт за стручно образование и обука (СФИВЕТ), Министерството за образование и наука, Организација на работодавачите, претставници на бизнис заедницата како и претставници од коморите и единицата за управување на Проектот: „Образование за вработување во Северна Македонија“.

## 19.8.2019

**СО НОВИОТ ПРАВИЛНИК АХВ ГИ ПРЕЦИЗИРА УСЛОВИТЕ ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНАТА ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НАМЕНЕТА ЗА ДИРЕКТНО СНАБДУВАЊЕ ОД СТРАНА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ**

Производителите на храна од животинско потекло сега можат да вршат директно снабдување на мали количини примарни производи од животинско потекло произведени на сопствени фарми, истакна на денешната прес конференција во Стопанската комора Зоран Атанасов-директор на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Директното снабдување на мали количества на примарни производи до крајниот потрошувач, опфаќа: а) директно снабдување на крајниот потрошувач на фарма, место на производство и до домот на локален краен потрошувач; б) директно снабдување на локален малопродажен објект или угостителски објект кој директно го снабдува крајниот потрошувач со посебно означување на потеклото на храната и е во состав на фармата на производство; в) директно снабдување на друг малопродажен објект или угостителски објект специјализирани за тој тип на храна со посебно означување на храната и г) директно снабдување на крајниот потрошувач на саеми и изложби на храна на целата територија на државата.

## 26.8.2019

**ЗАПОЧНА ЗАЕДНИЧКО ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ НА ПРЕМИНОТ ТАБАНОВЦЕ-ПРЕШЕВО**




Денес и официјално беше ставен во употреба интегрираниот граничен премин Табановце-Прешево по принципот „One stop shop” во присуство на премиерите на Северна Македонија и Србија како и претставници на најмоќните комори во Македонија и Србија.

Заедничникот граничен премин е од особено значење за двете економии и претставува проект кој ги промовира европските вредности и практики што всушност претставува и последна фаза од создавањето услови за поголема размена на стоки и полесно движење на граѓаните. -По поминати 27 години од поставувањето на границата кај Табановце, воведувањето на интегрираниот граничен премин на барање на бизнис заедницата на Северна Македонија и Србија ќе обезбеди побрз проток на стоки и услуги на Коридорот 10, кој е главна трансферзала која ги поврзува Централна со Јужна Европа и со Блискиот Исток – истакна Билјана Пеева-Ѓуриќ, в.д. извршен директор на Стопанската комора на Македонија. препораки и договори.

## 26.8.2019

**СТОПАНСКА КОМОРА И ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИ ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**




Во насока на унапредување и развивање на деловната соработка во рамките на дејноста, активностите, знаењето и искуството како и унапредување на општествениот, стопанскиот и правниот амбиент за работење и развој, Стопанска комора на Македонија и Здружението на новинари на Македонија потпишаа Меморандум за соработка. Процесот кој ќе го водат ЗНМ нивниот партнер Советот за етика во медиумите на Македонија и Стопанската комора ќе резултира со создавање на регистар на професионални медиуми, кој ќе и помогне на јавноста, но и на бизнис заедницата, полесно да распознаваат кои медиуми ги исполнуваат критериумите да бидат медиуми, кои се придржуваат до новинарскиот кодекс при своето работење и имаат транспарентно сопственишство и импресум.
Конкретните активности кои ќе произлезат од Меморандумот ќе имаат за цел иницирање активности за подобрување на нивото на професионализам во работењето на медиумите во државата, вклучувајќи го и работењето на онлајн медиумите преку прифаќање на концептот на медиумска саморегулација и почитување на етичките стандарди, развивање на деловниот морал и на деловното однесување на своите членови, истакна потпретседателот на СКМ, д-р Јелисавета Георгиева – Јовевска на потпишувањето на овој документ.

## 27.8.2019

**ВТОР МЕЃУНАРОДЕН САЕМ ЗА ХАЛАЛ ИНДУСТРИЈА ВО САРАЕВО**



Претставници на „Bosna Bank International“ и Саемот за ХАЛАЛ во Сараево, Босна и Херцеговина, пред компаниите-членки на Стопанската комора на Македонија го презентираа Вториот Меѓународен саем за Халал индустријата кој ќе се одржи во периодот од 26-28 септември 2019 година во Сараево, Босна и Херцеговина.
Азра Чолиќ од „Bosna Bank International“ во кратката презентација истакна дека **Сараево Халал саемот (SHF)** претставува меѓународна изложба на халал индустријата на која која учествуваат претставници од сите делови на синџирот на снабдување во халал индустријата, вклучувајќи ги и приватните компании, корпорации, тела за акредитација, владини претставници и сл.

## 28.8.2019

**ОДБЕЛЕЖАНИ 40 ГОДИНИ УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ НА РУДНИКОТ „БУЧИМ“**



На традиционалната прослава по повод денот на рударите – 28 август, во рудникот за бакарна руда „Бучим“ се одбележаа три јубилеи – 40 години од почетоците на редовната работа на “Бучим“, 15 години од рестартирањето на рудникот од страна на инвеститорот “Солвеј“, и 90 години од прославувањето на 28 Август како ден на рударите во Република Северна Македонија.
Како признание за успешното работење на рудникот „Бучим“ и остварениот придонес во македонската економија, но и како признание за активното учество на заменик-генералниот директор на рудникот Николајчо Николов во органите и телата на Стопанската комора на Македонија, и неговиот ангажман како претседател на Македонската асоцијација на рударството, и како член на Управниот одбор и на Собранието на Комората во изминатите три мандатни периоди, в.д. извршниот директор на Стопанската комора на Македонија Билјана Пеева-Ѓуриќ му додели признание на г-дин Николов.

## 28.8.2019

**ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО КАКО ИМПЕРАТИВ ЗА СТАБИЛНИ И ПРЕДВИДЛИВИ УСЛОВИ ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС**



На тркалезната маса, одржана во Стопанската комора на Македонија, се дискутираше за различните аспекти на прашањето за владеење на правото во земјата и импликациите врз бизнис амбиентот и пошироко врз целото општество. Притоа, беа посочени бројни поенти од страна на мошне репрезентативниот панел дискутанти.

Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, истакна дека иако навидум владеењето на правото не изгледа како „чиста“ економска тема, тоа е прашање од исклучителна важност за бизнис заедницата. Притоа, проблемите со владеењето на правото се карактеристика на целиот регион на Западен Балкан, што се потврдува во дискусиите во рамки на Коморскиот инвестициски форум.

Во дебатата, амбасадорот Жбогар рече дека владеењето на правото во својата основа всушност е прашање на доверба во триаголникот граѓани-држава-судство и дека ерозијата на таа доверба води до ерозија во целото општество.

## 29.8.2019

**БАЛКАНСКИ БИЗНИСМЕНИ И СЕРИСКИ ПРЕТПРИЕМАЧИ ДОАЃААТ ВО СКОПЈЕ**

Скопје ќе биде домаќин на првиот Балкански претприемачки самит кој ќе се одржи на 13 септември 2019 година во хотел „Хилтон“, во организација на центарот за неформално образование Creative Hub кој годинава се најде на листата на Форбс и Стопанската комора на Македонија, најстарата и најбројна бизнис асоцијација во државата.

Над 250 учесници на Самитот ќе имаат прилика да учествуваат на панел дискусии, презентации, разговори со голем број домашни и странски говорници како: Васил Наци, основач и претседател на Агна Груп со нет ворт над 500 милиони долари, Еван Лутра од Индија, сериски претприемач, почесен докторант и говорник на Економскиот Форум во Давос, Акаш Мехта, глобалниот директор на дигитален маркетинг на Диор, Евгениј Ангелов, претседател на Бугарската асоцијација за вентуре капитал, партнер во Постскриптум вентурес и многу други.

Во фокус на Самитот ќе биде пренесувањето на искуствата од Балканските претприемачи и овогодинешните Форбс 30 под 30 (Forbes 30 under 30) од Грција, Турција, Бугарија и Северна Македонија, со вклучување на Владата на Република Северна Македонија и Стопанската Комора на Македонија за создавање на еден бизнис екосистем.

## 30.8.2019

**ПРЕЗЕНТИРАНИ МЕРКИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ПРЕД КОМПАНИИТЕ ОД СТРУМИЦА И ШТИП**



Во Регионалната комора со седиште во Струмица, се организираше презентација на мерките уредени со Законот за финансиска поддршка на инвестициите. Претседателот на Регионалната комора со седиште во Струмица, Миле Цеков, истакна дека овој настан е организиран со цел компаниите подетално да се запознаат со измените на Законот за финансиска поддршка на инвестициите, со кои се зголемува опфатот на бројот на сектори, се поедноставуваат критериумите и се поедноставува постапката за аплицирање. Министерката задолжена за странски инвестиции, Зорица Апостолска ги повика компаниите кои имаат реализирано инвестиции во текот на 2018 година да аплицираат за поврат на средства, согласно условите и критериумите предвидени во овој закон.

## 02.9.2019

**ПОГОЛЕМА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ОПШТИНИТЕ ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕСКО ПРОЕКТИ“**




Проектот „Создавање на услови за имплементација на ЕСКО проекти“ е финансиран од Регионалната програма за енергетска ефикасност (РЕЕП), која е финансирана од Европската унија (ЕУ), раководена од ЕБРД во соработка со Секретаријатот на Енергетската заедница и има за цел да ги поддржи проектите за енергетска ефикасност и тоа за улично осветлување во општините и малите дистрибутивни системи за греење. Истите се спроведуваат и финансираат од приватните енергетски компании (ЕСКО-Energy Service Company), односно фирми кои ќе даваат услуги во енергетскиот сектор, а кој се дефинирани со новиот Закон за Енергетска ефикасност.

## 05.9.2019

**ВО КИЧЕВО ПРЕЗЕНТИРАНИ МЕРКИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ**




Деловните субјекти од Југозападниот и Полошкиот регион во Кичево учествуваа на презентацијата на мерките за поттикнување на инвестициите, технолошкиот развој и зголемување на конкурентноста на македонските компании уредени со Законот за финансиска поддршка на инвестициите, организирана од страна на Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија. Целта е компаниите да се информираат за можностите за користење средства за финансирање на инвестициите за зголемување на конкурентноста на македонската економија согласно мерките предвидени во Законот , со кој се уредуваат видовите, висината, условите, начинот и постапката за доделување финансиска поддршка. Потпретседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Алија Зулбеароски, посочи дека компаниите од регионот имаат потреба од поддршка вклучително и можностите кои ги нуди овој Закон.

## 10.9.2019

**СО ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА НА ФАРМЕРИТЕ И ПРЕРАБОТУВАЧИТЕ ДО НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО ДЕЈНОСТА**

-Индустријата за месо, со која АХВ минатата недела потпиша договори, ќе го презема месото по нешто пониски цени од овие (по кои ќе откупува АХВ), зашто кланичарите треба да појдат на терен со возило, да однесат ваги, да ангажираат луѓе, да го преземат месото и да го преработат, што значи дополнителен трошок. Индустрија од секогаш била вклучена во работењето и тесно соработувала со домашните производители на свежо свинско месо, односно со фармерите, - истакна Гоце Трајчев, претседател на Групацијата за производство на месо и преработки од месо.

Следејќи ги тековните случувања, Групацијата одлучи домашната месна индустрија повторно да излезе во пресрет на потребите на фармерите и државните институции, помагајќи во справувањето и спречувањето на појавата на болеста „Африканска чума“ на територијата на државата.

## 11.9.2019

**ИНОВАТИВНАТА ТРАНСПОРТНА ТЕХНОЛОГИЈА (SKY WAY) ПРЕЗЕНТИРАНА ПРЕД КОМПАНИИТЕ**



Во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација на иновативната транспортна технологија SkyWay на која стопанствениците имаа прилика подетално да се запознаат со SkyWay – технологијата и да ги согледаат потенцијалите и можностите за нејзина примена во нашата држава. Компаниите беа информирани дека SkyWay технологијата од неодамна се пробива на градежниот пазар и овозможува развој на систем за секаков вид надземен транспорт со иновативен дизајн и намалување на потрошувачката за материјали и трошоци за реализација, а компанијата „SkyWay Capital“ претставува една од петте најголеми транспортно градежни компании во светот, која располага со „smart“ технологија проценета на вредност од 400 милијарди САД долари, преку 800

високо квалификувани инженери и 600 дизајнери, производни капацитети, административно деловни објекти и еко технолошки паркови.

## 12.9.2019

**ПРЕЗЕНТИРАНИ МЕРКИТЕ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА И РАСТОТ НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ**

Во присуство на голем број стопанственици, на 10.9.2019 година, во Стопанската комора на Македонија беа презентирани мерките предвидени со Законот за финансиска поддршка на инвестициите и Предлог-законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата.



-Целта на мерките кои ги презема Владата на РСМ е подигнување на продуктивноста на домашното стопанство. Предуслов за поголема продуктивност на компаниите се тие да располагаат со современа технологија и знаење (know-how), мотивирани вработени и квалитетен менаџмент. Во таа насока Владата обезбеди сет на мерки предвидени со Законот за финансиска поддршка на инвестициите чија основна цел е поттикнување на економскиот раст и зголемување на конкурентноста пред сè на производно ориентираните компании, како и мерки предвидени со Предлог-законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата, чија цел е поттикнување на работодавачите да исплаќаат плата во повисок износ со која ќе се подигне економскиот стандард на вработените и ќе се намали одливот на кадар од државата, - истакна д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.




## 12.9.2019

**ДЕЛЕГАЦИЈА НА ЕГЕЈСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА ИЗВОЗНИЦИ ВО ПОСЕТА НА КОМОРАТА – ДИСКУСИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА**

Делегација на турски стопанственици, претставници на раководството на Егејската асоцијација на извозници на овошје и зеленчук, со седиште во Измир, предводени од заменик-министерот за земјоделство и шумарство во Владата на Република Турција, Мехмет Хади Тунч, како и претседателот на Егејската асоцијација на извозници на овошје и зеленчук, Хајретин Учук, остварија работна средба со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и градоначалникот на Општина Гази Баба, Борче Георгиевски.



**12.9.2019**

**ОСТВАРЕНА СРЕДБА МЕЃУ МАКЕДОНСКИ СТАРТАП КОМПАНИИ И СЕРИСКИОТ ПРЕТПРИЕМАЧ ОД ИНДИЈА**

На 12 септември 2019 година во Фондот за иновации и технолошки развој македонски стартап компании остварија средба со *Еван Лутра, сериски претприемач од Индија и сопственик на „ЕЛ Груп Интернационал“ (EL Group International).*

Јован Деспотовски, директор на Фондот за иновации и технолошки развој, го претстави младиот претприемач пред присутните и истакна дека како резултат на поддршката која ја креира Фондот за стартап компаниите, екосистемот бележи значителен раст.

Младиот дваесет и четиригодишен претприемач, кој е инвеститор во над 50 компании од различни области, пред присутните ја раскажа својата успешна приказна за развојот на мобилни апликации. Тој додаде дека првиот милион го има заработено преку првата апликација на „App store“. Сопственик е на стартап „Студио“, акредитиран инвеститор на „Ангеллист“ и „ЕЛ Интернационал Груп“, а исто така е и мотивациски говорник.

По завршувањето на официјалната средба, три стартап компании меѓу кои: „Stratum R&D“, „Qpick“ и „Mobidonia“ имаа можност да ги презентираат своите иновативни идеи и проекти пред Лутра со цел да бидат дел од уште една успешна стартап приказна.

**12.9.2019**

**МЕРКИТЕ ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ И КОНКУРЕНТНОСТ НА КОМПАНИИТЕ ПРЕД БИЗНИСМЕНИТЕ ОД ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН**



Во присуство на голем број на стопанственици од Пелагонискиот регион, претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Ирена Јакимовска, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, заменик на претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Д-р Кочо Анѓушев и градоначалникот на Општина Прилеп, д-р Илија Јованоски беа презентирани мерките предвидени со Законот за финансиска поддршка на инвестициите и Предлог-законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата.

Д-р Анѓушев истакна дека по иницијатива на бизнис-заедницата со измените на Законот се предвидува можност за обезбедување финансиска поддршка и за компаниите од ИТ-секторот, компаниите регистрирани за вршење трговска дејност и други дејности кои вршат и производни дејности, како и компаниите од областа на земјоделството, кои се занимаваат и со преработувачка индустрија. Како новина исто така е дека со измените на законот сега, покрај основните средства, се субвенционираат и нематеријални средства (како софтвери и сл.).

**12.9.2019**

**КИФ ВО ПОСЕТА НА „ПЕКАБЕСКО“**



Во насока на креирање на единствена Регионална економска област (РЕО), а со цел соединување на регионот и овозможување заеднички напредок на бизнис заедниците и економиите на шесте земји од регионот на Западен Балкан, претставници од Коморскиот инвестициски форум (КИФ) вчера ја посетија компанијата „Пекабеско“ и остварија работна средба со првиот извршен директот на компанијата, Слободан Кутревски. Оваа средба беше прва од низата посети коишто КИФ планира да ги реализира во наредниот период во компаниите од регионот. На состанокот беше дискутирано за предизвиците со коишто се соочуваат компаниите од месната индустрија при извозот на пазарите од регионот и пошироко, но и при увозот на суровини и други продукти во Македонија. Потребно да се слушне гласот на бизнис заедницата со цел да се детектираат проблемите во реалниот сектор и да се преземат конкретни мерки за решавање на истите преку Коморскиот инвестициски форум.

## 13.9.2019

**ПРЕЗЕНТИРАНИ АКТИВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ПОДДРШКА ПРЕД КОМПАНИИТЕ ОД ШТИП**

Согласно активните политики на Владата на РСМ за користење на средствата за финансирање на инвестициите за зголемување на конкурентноста на македонската економија и субвенционирање на придонесите од задолжителното социјално осигурување за покачување на платите на вработените до 6000 денари, пред стопанствениците од Источниот регион на земјата, во организација на Регионалната комора со седиште во Штип при Стопанската комора на Македонија, заменикот претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев ги презентираше мерките за поттикнување на инвестициите, технолошкиот развој и зголемување на конкурентноста на македонските компании уредени со Законот за финансиска поддршка на инвестициите.

На настанот во Штип присуствуваа и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и градоначалникот на Општина Штип, Благој Бочварски.

## 13.9.2019

**ПАНЕЛ ДИСКУСИИ И ИЗЛАГАЊА НА БАЛКАНСКИОТ ПРЕТПРИЕМАЧКИ САМИТ**

Во работниот дел од Балканскиот претприемачки самит, беа реализирани повеќе панел дискусии и излагања на докажани претприемачи од повеќе делови на светот, кои преку своите искуства говореа за новите трендови во претприемништвото и предизвиците како да се постигнат посакуваните резултати во работењето.




Инаку ова е прв Самит од ваков вид кој има за цел да ги обедини претприемачите во насока на интензивирање на регионалната соработката, преку користење на искуствата од светските брендови од една страна, но и успешните приказни од соседството, за кои допрва ќе се говори во светот. Во првиот дел настанот го поздравија највисоките претставници од Владата и подржувачите, Стопанската комора на Македонија и Амбасадата на Швајцарија во земјата.

Првиот Балкански претприемачки самит почна со јасни и конкретни пораки. Најуспешни во животот се оние кои се храбри. Постојат многу книги и факултети за претприемништво, преку кои се учи како се креира бизнис идеа, бизнис план, како се формира корпоративно претпријатие, но тие не не` учат на најважното - како се создава инстинкт. Потребно е на претприемништвото во иднина да му се даде поголем приоритет. Нема развој на претприемништво без квалификувани работнци.

## 16.9.2019

**СТИМУЛИРАЊЕ НА РАСТОТ НА РАБОТНАТА СИЛА ВО ИКТ-ИНДУСТРИЈАТА**

Во насока на подобрување и полесно имплементирање на законите во Република Северна Македонија преку Проектот на УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“, на 16.9.2019 година, во Битола, се организираше Форум на тема: **„Бизнис клима за ИКТ-индустријата - Како да се стимулира растот на работната сила во ИКТ?“,** а истиот ќе се одржи и на 19 септември во Скопје.

Целта на настанот е да се дискутира за предлог-иницијативи и предлози за унапредување на правната регулатива кои би придонеле за создавање подобра бизнис клима за ИКТ-индустријата.

## 17.9.2019

**ПОДДРШКА НА КОМОРИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ ПРЕКУ ЕЕН - МРЕЖАТА**




Стопанската комора на Србија беше домаќин на годинешната дводневна Регионална конференција на ЕЕН - Европската мрежа на мали и средни претпријатија (Enterprise Europe Network-EEN), на која учествуваа околу 80 претставници од 6 конзорциуми на ЕЕН - мрежата и тоа од Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, како и официјални претставници од Извршната агенција за мали и средни претпријатија (ЕАСМЕ) од Брисел (11-12.9.2019 година).

-Целта на конференцијата беше да се зајакне соработката и да се зголеми размената на искуства на партнерите во конзорциумот со цел да се подобрат услугите што ги нуди оваа мрежа преку институциите (коморите, универзитетите, кластерите, истражувачките центри, итн.) за поддршка на малите и средните претпријатија во развојот на иновативни идеи, трансфер на технологија, како и пронаоѓање нови пазари и деловни партнери за соработка, посочи, проф. д-р Виктор Стојмановски, проект-менаџер на ЕЕН Македонија.

## 17.9.2019

**СЕРТИФИКАТИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНСТАЛИРАЊЕ НА ОДРЖЛИВО ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО ГРАДЕЊЕ**

На 17 септември 2019 година во Стопанската комора на Македонија, како резултат на успешно спроведени пилот-обуки во рамките на Проектот **„Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење – ТРАИНЕЕ“,** беа доделени сертификати за проектирање и инсталирање системи за користење енергија од обновливи извори на енергија (ОИЕ) во градби.

Целта на обуките за проектирање и инсталирање системи за користење енергија од ОИЕ во градби беше континуирано подобрување на вештините на градежните работници (инсталатери) и инженери (проектанти) за градење енергетски ефикасни објекти. Вкупното траење на обуките беше 80 часови настава, организирани така што 30% од часовите беа наменети за теоретска настава, 60% од часовите беа организирани како практична и теренска настава и 10% за евалуација на знаењето.

Д-р Ристо Јаневски, претседател на Здружението на енергетиката при Стопанската комора на Македонија, посочи дека потребата од обучен и сертифициран кадар во областа на примена на енергија од ОИЕ е неминовна и според одредбите на ревидираната Директива за обновливи извори на енергија 2018/2001 / ЕУ.

## 19.9.2019

**ПРОСТОРНО – УРБАНИСТИЧКИОТ РАЗВОЈ ПОМЕЃУ ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС И БИЗНИСОТ**

Зоран Олумчев од Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија зема учество на регионалната конференција „Градење на функционално-просторни и економски структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во Скопски плански регион“. Говорејќи за актуелните состојби во урбанистичкото планирање, тој посочи дека во практиката може да се забележат примери кои се спротивни на основните начела во процесот на уредување и планирање на просторот, кои наместо до рамномерен просторен развој, доведоа до концентрација на развојот во градот Скопје и неколку градски општини, намалување на градското зеленило, отежнување на условите за пристоен живот и работа на луѓето, како и нерационално користење на просторот. Со цел надминување на ваквите состојби и остварување рамномерен регионален развој, Олумчев даде свои видувања и предлози кои истовремено ќе одговорат на потребите на граѓаните и бизнисот.

## 19.9.2019

**КАКО ДА СЕ СТИМУЛИРА РАСТОТ НА РАБОТНАТА СИЛА ВО ИКТ?**

Во рамки на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, во Скопје се одржа Форум за стимулирање на растот на работната сила во ИКТ-индустријата. Целта на настанот беше да се презентираат и дискутираат тековните предизвици поврзани со деловната клима за ИКТ-секторот и да се идентификуваат потенцијалните мерки во областа на социјалните придонеси, даноците, работната сила и образованието што ќе го стимулираат растот на работната сила во ИКТ.

Проектот презеде активна улога во поддршка на ИКТ-секторот преку застапување на повеќе важни барања содржани во документи за бенефиции за вработените, при што трошоците на компаниите ќе бидат признати како расходи. Потребно е и наоѓање решение за барањата за признавање работа од дома базирано на квалитет и обем на извршена работа, како и дефинирање на работа без оглед на бројот на работни часови.

## 24.9.2019

**ДИСТРИБУЦИЈАТА НА „ЛАДНИОТ ЛАНЕЦ“ ЗА КВАЛИТЕТНИ МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ**

Производството на млеко и млечни производи во земјата има своја традиција, кон што особен придонес дава разновидноста на географските обележја, што од своја страна придонесува за разновидност на видовите и рецептурите на млечните производи. За подобар квалитет на производите потребно е да се обезбеди производство на квалитетно млеко, беше посочено на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија. Ова има особено значење ако се има предвид стремежот на државата за побрзо зачленување во ЕУ, каде постојат високи стандарди и регулативи во синџирот на млеко-производството и млечните производи. Во млечната индустрија, обезбедувањето висок квалитет на производите започнува уште од преземањето на суровото млеко од фармите, преку дистрибуцијата, па сè до нивното правилно складирање и чување во директните продажни места.



## 25.9.2019

**СТРУЧЕН КАДАР ПО МЕРКА НА БИЗНИСОТ**




Недостатокот на стручен кадар, поради неусогласеност на вештините и компетенциите на понудата со побарувачката на работна сила, миграционата политика и одливот на кадар од државата следено со образовен систем кој не одговара на потребите на бизнис секторот беа дел од темите на Трибината насловена: „Стручен кадар по мерка на бизнисот", реализирана во Стопанската комора на Македонија.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, упати неколку пораки. - Согласно потребите на бизнис секторот, за 10 години од сега ја гледам Комората како институција која ќе се занимава со образованието и потребите на стопанството. Комората е активно вклучена во овие процеси, но недостасува политика на државата кон ова прашање, - посочи претседателот Азески. Доколку живееме во пазарна економија, тогаш треба да се стремиме кон дерегулација на образовниот систем и на фирмите со поддршка од Комората да им се овозможи да бидат носители на процесот на преквалификација на кадри за нивни потреби. Според него, идејата за увоз на работна сила не треба да се гледа како нешто невозможно, напротив, треба да се следат процесите во земјите од регионот и пошироко и со соодветни решенија да се креираат услови во интерес на бизнисот.







## 27.9.2019

**МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ НА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕКОНОМИЈА**

Во насока на унапредување на регионалната соработка, Стопанската комора на Македонија, во соработка со Стопанската комора на Црна Гора и Стопанската комора на Федерација Босна и Херцеговина, а поддржани од Фондот за Западен Балкан (Western Balkans Fund), учествуваа на Конференција за промоција на регионалната соработка и можностите во дигиталната економија (PRODIGY).

За важноста на дигиталната технологија, како и за поттикот да се задржат младите во регионот говореше Дафина Беќири, програмски менаџер на Фондот за Западен Балкан, која во контекст на поттикнување на нови бизниси, ја истакна довербата во новите технологии како круцијална за еден бизнис во 21-от век, особено доколку се земе предвид човечкиот потенцијал со кој располагаат земјите од регионот.

## 27.9.2019

**ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ТУРИЗМОТ**

По повод светскиот ден на туризмот, ресорното министерство за економија го одбележа овој ден, доделувајќи признанија на туристичко угостителските субјекти (ресторани, хотели, туристички агенции, водичи и институции вклучени во развој на дејноста).

Министерот за економија Крешник Бектеши посочи дека земјата лани го оствари планот за реализрање над 1 милин туристи и над три милиони ноќевања. Трендот на раст продлжува, со најави дека државата ќе ги подржи сите нови идеи и услуги во насока на поттикнување креативност и атрактивност на туризмот во земјата. Оваа дејност која во светски рамки е една од најбрзо растечките индустрии, вработува и многу луѓе. Така секој 11 вработен во светот работи во угостителството, односно туризмот.

## 30.9.2019

**ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА И ИНОВАЦИИТЕ - ДВИЖЕЧКИ ФАКТОРИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**




Дигитализацијата претставува четврта индустриска револуција која брзо ги трансформира општествата и економиите. Брзината и обемот на промените се веројатно без преседан.

-Дигитализацијата има потенцијал силно да влијае врз речиси секоја индустрија во секоја земја, вклучувајќи ја и осигурителната индустрија. Брзи промени се случуваат низ сите процеси на синџирот на вредности на бизнис моделот на осигурување од дизајн на продукти, преземање на ризици, одредување цени на производи, нивниот маркетинг и дистрибуција до обработка на штети и управување на односите со клиенти, - истакна д-р Климе Попоски, претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија (30.9.2019 година).

-Дигитализацијата иако оди побавно кај нас секако е неминовен процес за модернизација во целокупните процеси во осигурувањето, од продажба до решавањето на штетите и интерконекцијата со клиентите, - истакна Ѓорѓе Војновиќ, претседател на Здружението на финансиски организации при Стопанската комора на Македонија.

## 01.10.2019

**КОНКРЕТЕН ПРИМЕР КАКО ДО ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ**

Измина точно една година од одржувањето на Научната конференција „Идните предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Северна Македонија“, која за првпат од самостојноста се одржа во заедничка организација на Владата, НБРСМ, МАНУ и на Стопанската комора на Македонија. Покрај многубројните еминентни излагања, свој настап на овој значаен форум одржан во Охрид имаа и претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески и проф. д-р Дарко Лазаров, потенцирајќи дека најголемите ограничувања за раст на македонската економија се:

1. ниското ниво на индустријализација на земјата;
2. ниската продуктивност на преработувачката индустрија;
3. лошите извозни перформанси:
   А) ниско учество на извозот во БДП,
   Б) висока увозна компонента,
   В) број на извезени производи.
4. неповолна извозна структура со висок процент на ниски стапки на финализирање.

Поаѓајќи од ваквите констатации, Стопанската комора на Македонија веднаш по Конференцијата започна проект за изработка на студија за проучување на извозната структура на ниво на ПОЕДИНЕЧНИ ПРОИЗВОДИ. Исто така, во компаниите членки на Комората:

1. „Братство инокс“ ДОО - Охрид
2. „Агро-бар“ ДОО - Виница
3. „ТМ“ ДОО - Штип
4. „Раде Кончар трансформатори и електрични постројки-ТЕП“ ДОО – Скопје

преку Фондот за иновации и за технолошки развој, се спроведува проект за заштита и за надградување на машинскиот парк. Следните наши активности на овој план ќе бидат да се подигне маркетиншката компетенција на компаниите во делот на освојувањето нови пазари.

## 01.10.2019

**РАБОТИЛНИЦА ЗА ПРИСТАП ДО ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**




Како дел од активностите на ЕУ-проектот „Зајакнување на финансиското известување и информирање за ММСП во Западен Балкан“, претставници од Центарот за реформа во финансиското известување (CFRR) при Светската банка во Република Северна Македонија, во соработка со Стопанската комора на Македонија, во Комората одржаа Работилница на тема: „Поддршка за финансиско управување на микро, малите и средни претпријатија (ММСП) за пристап до финансирање на приватниот капитал“.

Целта на работилницата беше да се претстави приватниот капитал на давателите на услуги на ММСП-а и да се започне со зголемување на нивниот капацитет за поддршка при фазата на раст и собирање на потребниот финансиски капитал за финансирање на етаблираните ММСП-а, а со тоа ќе им се помогне да станат подготвени за инвестиции.

## 02.10.2019

**АЗЕСКИ НОВ ПОЧЕСЕН ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА „ПАТИШТА НА МАСЛИНОВОТО ДРВО“**



Во насока на продлабочување на соработката и активно вклучување на Стопанската комора на Македонија и Република С.Македонија во активностите за постигнување подобро разбирање меѓу деловната заедница на нашата држава и Грција и успешна промоција на одржливиот економски, социјален и еколошки развој на двете земји, претседателот на Комората Бранко Азески со задоволство ја прифати иницијативата на претседателот на Фондацијата *„Патиштата на маслиновото дрво“* Џорџ Карабатос, и е избран за нов почесен потпретседател на Фондацијата. Македонија, иако има мало производство на маслинки сконцентрирано во Дојранската котлина, сепак е значаен и стратешки партнер за промоција на медитеранската култура и одржување на активностите вклучени во годишната програма на Фондацијата. За новите активности и креирањето на новата програма, потпретседателот на Фондацијата, Азески и претседателот Карабатос ќе дискутираат на средбата закажана во текот на наредниот месец. Фондацијата е под покровителство на Меѓународниот совет на маслинките, Министерството за култура на Република Грција и многу други грчки и меѓународни институции.

## 04.10.2019

**КОНФЕРЕНЦИЈА „INSURTECK“ - ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ЗА ИДЕН РАЗВОЈ НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ СЕКТОР**




Агенцијата за супервизија на осигурување и Стопанската комора на Македонија на 2 и 3 октомври 2019 година ја одржаа првата Конференција „INSURTECH Skopje 2019“.

Конференцијата „Insurtech“ е посветена на употребата на технолошки иновации дизајнирани за да ги зголемат заштедите и ефикасноста прифатена од компаниите од осигурителниот сектор, како и за користење на предностите на новите технологии со цел обезбедување покриеност на дигитално позната база на клиенти. Главна цел на процесот е унапредување на вредносниот синџир на осигурувањето преку иновации и поставување на клиентот во центарот на вниманието.

Претседателот на Агенцијата за супервизија на осигурување, д-р Климе Попоски, посочи дека како регулатор само сакаат да направат поволна регулаторна рамка за да може секој да го најде својот интерес и оти создаваат платформа за комуникација помеѓу осигурителните компании во земјава и стартапите.
Воедно, Попоски посочи дека дел од Конференцијата ќе биде посветен на девет стартап компании кои ќе промовираат свои идеи за дигитални решенија во осигурителната индустрија.
Напредокот во осигурителната технологија може да донесе профит и придобивки за сите во македонската осигурителната индустрија, порача Кофи Бенделак, главен извршен директор на „Insurtech Israel“.

## 04.10.2019

### БИЗНИСОТ И ДИПЛОМАТИЈАТА ЈА УНАПРЕДУВААТ ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СЛОВЕНИЈА




Стопанската комора на Македонија почна серијал на јавно претставување на соработката со повеќе земји кои се доминантни трговски и инвестициски партнери на нашата земја, со цел потенцирање на капацитетите, но и акцентирајќи ги потенцијалите за продлабочување на соработката со традиционалните наши партнери.
Првата земја која беше претставена на прес-конференција во Комората е Република Словенија, со која Република Северна Македонија има традиционално добра соработка, на сите полиња, акцентирајќи ја економската соработка.
В.д. извршнот директор на Стопанската комора на Македонија, Билјана Пеева-Ѓуриќ, потенцираше дека од анализата направена во Комората за трговската соработка со Словенија во последните 20 години може да се заклучи дека структурата на производи кои се извезуваат од нашата земја е доста мала и главно се заснова на производи од земјоделско-прехранбениот сектор и металната и електроиндустријата. Она што е интересен показател за нас е дека во рамките на вкупниот увоз на Словенија кој го реализира од цел свет за 2018 година, процентуалното учеството на македонските производи по категориите е значителна, што значи нивна добра позиционираност на словенечкиот пазар.
-Ваквиот модел на соработката на бизнисот со амбасадите кој го презентира Комората, може слободно да се нарече дипломатска иновација, - вели амбасадорот на Р. Словенија во РС Македонија Н.Е. Милан Јазбец. Според него, нема подобар модел на успех од соработка на дипломатските канцеларии со Комората како случајот со Словенија.

## 09.10.2019

### ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ ЗА 2018 ГОДИНА ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕД ЗДРУЖЕНИЕТО НА ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Компаниите од финансискиот сектор - членови на Здружението на финансиски организации, на седницата којашто ја водеше потпретседателот на Здружението, Филип Димитровски одржана на 9.10.2019 година, се запознаа со последниот Извештај за финансиска стабилност на Народната банка на Република Северна Македонија. Како што истакна Милица Арнаудова Стојановска, советник на гувернерот на НБРСМ, финансиската стабилност се задржа во 2018 година, при истовремено продлабочување на нивото на финансиско посредување. Финансиските институции функционираа во релативно поволен домашен амбиент, а ризиците од меѓународното окружување имаа ограничено влијание.
Беа разгледани основните движења на сегментите од финансискиот систем во 2018 година, при што посебен акцент беше ставен на ризиците на кои се изложени финансиските институции при своето работење, но и при меѓусебните односи и активности.

## 09.10.2019

### ПОТРЕБАТА ОД СТРУЧЕН КАДАР ВО ТРГОВИЈАТА

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија одржа седница на која компаниите се осврнаа на тековните активности кои Комората ги презема со цел иницирање на промени во образованието заради продуцирање стручен кадар согласно потребите на бизнисот, како и на стратешките правци за натамошното делување и работење на Комората со цел континуирано прилагодување на Комората на динамичните економски односи и деловниот амбиент во кој работат компаниите. Компаниите дадоа поддршка на активностите на Комората и истакнаа дека посочените прашања се од особена важност за унапредување на деловното работење и надминување на проблемите поврзани со недостатокот од стручен кадар како едно од приоритетните прашања за бизнис заедницата.

## 09.10.2019

**ДАНОЧЕН КАЛЕНДАР, НОВ ЗАКОН ЗА БУЏЕТ И СПРАВУВАЊЕ СО „СИВАТА“ ЕКОНОМИЈА – ВЕТИ МИНИСТЕРКАТА ЗА ФИНАНСИИ НА ПРВАТА СРЕДБА СО БИЗНИСМЕНИТЕ**





Да се предвиди динамика на имплементација на барањата на бизнис секторот, строго почитување на Законот за финансиска дисциплина со акцент на навремено плаќање на обврските на државата спрема приватниот сектор и преиспитување на законските решенија кои го кочат работењето, побараа стопанствениците од министерката за финансии, д-р Нина Ангеловска, на првата работна средба што се одржа во Стопанската комора на Македонија.

Во обемната дискусија со министерката, бизнисмените побараа одговор на прашања за конкретни проблеми со кои се соочуваат, но беа предложени и мерки кои позитивно би се одразиле на вкупниот економски амбиент на државата.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, заокружувајќи ја дискусијата на стопанствениците констатираше дека, прво, мора да се среди хаосот во прописите, од 1400 закони донесени во една година, повеќето во скратена постапка и меѓусебно не се усогласени. Второ, да се направи анализа на ефектите од државната помош и субвенционирањето, имајќи предвид, на пример, дека и покрај ваквата поддршка земјоделството бележи пад од 8%. Трето, во услови кога земјата е пред влез во Европската унија, во усогласувањето со европското законодавство треба примената на ЕУ-директивите со финансиска импликација да се одложи до влезот на нашата држава во Унијата.

## 10.10.2019

**ПРОНАЈДИ ИНВЕСТИТОР-НАСТАН ВО БИТОЛА**




Регионалната комора со седиште во Битола при Стопанската комора на Македонија, заедно со Факултетот за информатика и комуникациски технологии од Битола, во рамките на Проектот „EMPLOYOUTH“, финансиран од ИПА-Програмата за прекугранична соработка со Грција, за млади до 35 години, реализираа настан за вмрежување насловен како „Пронајди инвеститор“.

Целта на вака организирана средба е да се поврзат млади лица со иновативни идеи со искусни експерти од образованието и стопанството, во насока на креирање бизнис решенија како нови стартапи. Пред присутните беа презентирани процесите на пре-инкубација и менторирање на бизнис концептите, оценување на проектите и проценување на можностите истите да се искористат во реалниот сектор и во пронаоѓање идни инвеститори.

## 10.10.2019

**ПОТРЕБНИ СЕ КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ И РАМНОМЕРНА ПОДРШКА ВО ТУРИЗМОТ**

Претставници на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија остварија работна средба со директорот на Агенцијата за промоција и подршка на туризмот Љупчо Јанвески.

Компаниите бараат промена на моделот на субвенционирање на дејноста, согласно кој освен странските Тур оператори да се подржат и домашните, како и угостителите (рестораните и хотелите) во земјата. Саемскиот настап на Агенцијата за промоција и подршка на туризмот, да се промени и да се промовира туризмот само на неколку саеми годишно за кои ќе се постигне концензус дека има ефект за промоција и претставување на земјата како туристичка дестинација.

Туристичките работници преку Агенцијата иницираат да се создадат услови и да се реализираат капитални инвестиции во одредени региони, што ќе ги направи атрактивни за туристите, а угостителите и туристичките работници ќе го најдат интересот и начинот како да привлечат гости.

## 11.10.2019

**КОНСТИТУИРАНА ГРУПАЦИЈАТА НА ФИНАНСИСКИ ДРУШТВА**

**Дефинирани целите и приоритетите за развој на „финтек“ индустријата**

На 9.10.2019 година во Стопанската комора на Македонија, на седница во рамките на Здружението на финансиски организации, беше формирана Групацијата на финансиски друштва. На конститутивната седница беа разгледувани и усвоени Правилата за организацијата и начинот на работа, а воедно се избраа и органи на Групацијата.

Имено, за претседател на Групацијата е избран Никола Јошевски, директор на „СН Финансии“, а за потпретседатели се избрани Весна Прчковска, управител на ФД „Финансиски кредитен центар БС“ ДОО - Скопје и ФД „ЕУРО МК“ ДОО - Скопје, како и Филип Димитровски, генерален директор на „Тиго Фајнанс“ – Скопје.

Главен приоритет на Групацијата на финансиски друштва е идентификување на предизвиците кои се однесуваат на финансиските друштва со цел изнаоѓање сеопфатни решенија што резултираат со создавање основа за поуспешно работење на компаниите од овој сектор, како и воведување нови програми и проекти кои ќе придонесат за зајакнување на финансискиот систем, негово унапредување и доближување кон сите засегнати страни.

## 12.10.2019

**МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ЖЕНИ ВО ИНДУСТРИЈАТА“ ЗА РОДОВО ИНКЛУЗИВЕН И ОДРЖЛИВ РАСТ**




Под мотото „Здружени лидери за унапредување на родовата еднаквост“, во Скопје се одржува дводневна Меѓународна конференција „Жени во индустријата“, на која домашни и странски експерти од повеќе области ги презентираат состојбите во компаниите и организациите во врска со родовата еднаквост во насока на подобрување на продуктивноста и општите перформанси.

Меѓународната конференција „Жени во индустријата“ се организира трета година по ред. Организатори се Асоцијацијата на здруженија на инженери и „ЕВН Македонија“ АД - Скопје.

– Горди сме што сме дел од оваа меѓународна конференција чија главна цел е промовирање на родовата еднаквост и зајакнување на улогата на жената во општеството. Како дел од индустрија во која доминираат мажите, сакаме да придонесеме кон рушење на стереотипите и преку сопствен пример да покажеме дека жените играат важна улога во компаниите и даваат незаменлив придонес во сите општествени активности, - истакна Штефан Петер, претседател на Управниот одбор на „ЕВН Македонија“ и претседател на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија.

## 14.10.2019

**ИНИЦИЈАЛНИ ЕФЕКТИ ОД ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД (прогресивно оданочување, зголемени даночни стапки)**



На прес-конференцијата во Комората м-р Анета Димовска посочи какво е влијанието на измените на оданочувањето со данок на личен доход врз буџетските приходи и потсети дека пред донесување на Законот се укажуваше дека позитивниот ефект од воведување прогресија е далеку помал отколку негативните ефекти кои ќе се рефлектираат на вкупното бизнис окружување и на поттикнување даночна евазија.

Од анкетата спроведена меѓу членките 51% од фирмите одговориле дека воведувањето на прогресивно оданочување по стапка од 18% нема влијание, но кај останатите истото влијае на зголемување на трошоците за работа и оттаму, истото довело до одложување на планирани активости за реновирање на објекти, намалување на бројот на вработени и зголемување на цените на услугите заради зголемените трошоци за плати и надворешни соработници, што е особено истакнато во ИКТ-секторот.

## 16.10.2019

**ПРЕЗЕНТИРАНИ МОЖНОСТИТЕ И ПРОГРАМИТЕ ЗА ПОДИГАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА ПРЕД КОМПАНИИТЕ ОД ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН**




Стопанската комора на Македонија во соработка со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) на 16 октомври 2019 година пред 40-тина компании во Кавадарци, одржа Презентација на можностите и програмите за подигање на конкурентноста на компаниите.

Потпретседателката на Стопанската комора на Македонија д-р Јелисавета Георгиева Јовевска посочи дека Комората и во следниот период ќе продолжи со организирање на настани на кои ќе бидат презентирани финансиските инструменти достапни преку партнерските банки со цел поддршка на малите и средни претпријатија.

Програмата за поддршка на конкурентноста на МСП на Република Северна Македонија е развиена за да им помогне на малите и средни претпријатија во приватна сопственост да ги исполнат новите барања на регулативите и да ги разберат барањата за подобрување во областа на заштитата на животната средина, здравјето и безбедноста на работното место и квалитетот и безбедноста на производите.

## 17.10.2019

**СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ФИНСКА ПОНУДИ ИСКУСТВО И СОРАБОТКА ВО СИТЕ ОБЛАСТИ**

Модернизираното стручно образование и обука во Финска и образување на ученици според пазарно ориентирани програми, беше една од темите на средбата што се оствари во Хелсинки помеѓу Стопанската комората на Финска и претставниците на Стопанската комора на Македонија.

-Недостатокот на работна сила е глобален проблем на кој не е имуна ниту Финска и затоа една од приоритетните активности на Стопанската комора на Финска е образованието и обезбедување вештини. Учењето преку работа и практикантството нудат најлесен начин за поттикнување, унапредување и обезбедување стручен кадар во согласност со потребите на приватниот сектор. Стручното образование и обука е образование ориентирано кон потребите на пазарот на трудот и подразбира инвестирање во иднината и економијата. Здруженијата по сектори во Комората имаат можност за отворање стручни училишта врз основа на исполнети процедури за обезбедување квалитет, а коишто ќе работат според одобрени програми од стана на Агенцијата за национални програми, - истакна Јохана Сипола, директорка на Стопанската комора на Финска.

## 17.10.2019

**ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА МИНИМАЛНАТА ПЛАТА МОЖЕ ДА ДОВЕДЕ ДО ЗАТВОРАЊЕ НА ТЕКСТИЛНИТЕ КОМПАНИИ**

На 17.10.2019 година во Стопанската комора на Македонија се одржа седница на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата, на која се дискутирање за најавите за зголемување на износот на минималната плата и ефектите врз работењето на компаниите, како и за очекуваните ефекти од примената на Закон за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата.

Претседателот на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата, Ангел Димитров, истакна дека текстилната индустрија претставува една од водечките преработувачки индустрии во земјава со значителни резултати во извозот, во формирањето на БДП, високото апсорбирање на работна сила.

-Кај трудоинтензивните дејности како текстилната и кожарската индустрија постои можност од затворање на помалите компании, кои не ќе можат да го издржат притисокот од покачувањето на минималната плата. Предлогот на компаниите од овие дејности беше, а е и сега, да нема нагло зголемување на минималната плата, туку тоа да се одвива во три фази и тоа првично зголемување од 13.500 денари оваа година, следната година 14.500 денари а од 2021 година тој износ да изнесува 15.500 денари. А доколку се изврши веднаш ова зголемување на минималната плата од 14.500 денати како што е најавено, тоа секако дека ќе доведе и до отпуштање на вработените на дел од текстилните компании потенцираше, - претседателот на Здружението.

## 17.10.2019

**РЕГИСТРАЦИЈА НА СИТЕ ХЕМИКАЛИИ ЗА ДА СЕ ПОЕДНОСТАВИ ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛИ**

Здружението на хемиската индустрија при Стопанската комора на Македонија одржа седница на која присутните беа информирани за активностите во примената на регулативата која се однесува на менаџирањето и управувањето со ризик од хемикалии, од страна на раководителот на Секторот за хемикалии и контрола на супстанции при Министерството за здравство, м-р Лидија Савиќ.



М-р Савиќ истакна дека преку ова Здружение преземени се низа активности за информирање на компаниите и дека членките се запознаени со обврските кои произлегуваат од Законот за хемикалии, но овој систем на интегрирано управување со хемикалиите треба постојано да се надградува. Во таа смисла, посочи дека, ако се регистрираат сите хемикалии кои се ставени во промет на територијата на РСМ ќе се поедностават и постапките за издавање на дозволите.

## 18.10.2019

**БИЗНИСОТ ДА УЧЕСТВУВА ВО КРЕИРАЊЕ НА УПИСНИТЕ ПОЛИТИКИ И НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО**

Недостигот од квалификувана работна сила е клучниот проблем со кој се соочуваат фирмите од металната и електроиндустријата, истакнаа членките на Здружението од оваа дејност во рамки на Стопанската комора на Македонија. За надминување на овој горлив проблем, бараат активно вклучување на бизнисот во креирањето на уписните политики и наставните програми во образованието.

## 18.10.2019

**МОДЕЛИ НА КРЕДИТИРАЊЕ НА ШПАРКАСЕ БАНКА ЗА БИЗНИСМЕНИТЕ ВО КИЧЕВО**




Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија, во соработка со Шпаркасе Банка Македонија АД - Скопје, организираше презентација на тема „Модели на кредитирање на Шпаркасе Банка Македонија АД - Скопје“ во Кичево. Бидејќи со зголемување на обемот на работа на компаниите расте и потребата за трајни обртни средства и набавка на нови машини, за таа цел, во зависност од потребите на фирмите во Кичево, се презентира спектарот на различни модели на краткорочно и долгорочно кредитирање, процедурите за добивање соодветна банкарска гаранција, девизни гаранции, акредитиви. Како и потрошувачки кредити за енергетска ефикасност во рамки на Проектот „Western Balkans Green Economy Investments (GEFF)“ на ЕБОР .

## 19.10.2019

**ЗАСИЛЕНА ПОДДРШКА ЗА МЕТАЛУРГИЈАТА - ЕДЕН ОД СТОЛБОВИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА**



Металургијата, како една од носечките гранки на македонската економија треба да биде континуирано поддржувана, беше еден од заклучоците од седницата на Здружението на металургијата, која беше одржана во Стопанската комора на Македонија на 21.10.2019 година. Директното учество на производството на основни метали во националниот БДП е повеќе од 5,7% додека индиректно, металургијата учествува со повеќе од 33% во националниот БДП. Имајќи ги предвид овие параметри, беше заклучено дека е неопходно брзо дејствување на надлежните државни органи, во однос на сите прашања кои може да имаат влијание на конкурентноста и продуктивноста на компаниите.

- Македонската челична индустрија најголем дел од извозот го реализира на европскиот пазар, како главно комерцијално одредиште на оваа индустриска гранка која историски и географски припаѓа на пазарот на Европската

унија, и на пазарот веќе се чувствуваат последиците не само кај директно засегнатите компании, туку и на сите поврзани компании во ланецот на снабдувањето, со што негативните последици повеќекратно се мултиплицираат, посочи Митко Кочовски, претседател на Здружението на металургијата.

## 21.10.2019

**ЗАКОНСКОТО РЕГУЛИРАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ**

Групацијата за пазарите во рамки на Стопанската комора на Македонија алармира дека има уште многу малку време до примена на Закон за трговија на зелените пазари. Имено, на 31 декември 2019 година истекува времената мерка за одложена примена на Законот за трговија на зелените пазари, која беше донесена во февруари годинава. Со одложувањето на примената требаше да се овозможи преоден рок во кој ќе се усогласат одредени различни ставови по членови од Законот.

-Во меѓувреме, во отсуство на дијалог со надлежните институции, не се усогласени ставовите во однос на спорните членови од Законот, ниту се исполнети обврските кои произлегуваат од него во делот на носење на подзаконските акти и дефинирање на функционалноста на коморскиот систем. Сето ова укажува на неподготвеност за примена на Законот за трговија на зелените пазари со почеток од наредната година, во својата првична верзија како што и беше донесен, - посочи Даниела Михајловска Василевска од Стопанската комора на Македонија.

## 23.10.2019

**ПОРАКА ОД ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР – КОМПАНИИТЕ КРАТКОРОЧНО, КОМОРАТА ДОЛГОРОЧНО ДА ГО РЕШАВА ПРОБЛЕМОТ СО НЕДОСТИГ ОД КАДАР**

Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите одржа седница на која ги поддржа активностите кои Стопанската комора на Македонија ги презема во доменот на образованието со цел обезбедување стручни кадри приспособливи на потребите на бизнисот, при што градежните компании изразија интерес како Здружение активно да се вклучат во имплементацијата на краткорочните мерки за обезбедување квалификуван кадар, додека Комората да продолжи долгорочно да делува во насока на надминување на јазот помеѓу кадрите кои во моментот ги продуцираат образовните институции и квалификациите кои му се потребни на стопанството. На седницата компаниите ги разгледаа и ги поддржаа и стратешките правци за развој на Комората.

## 23.10.2019

**НЕДОСТИГОТ ОД СТРУЧЕН КАДАР ПРОБЛЕМ И ЗА ФИРМИТЕ ОД СЕКТОРОТ ЕНЕРГЕТИКА**

Како и повеќето дејности и во секторот енергетика проблемот со недостиг од квалификувана работна сила се позиционира како клучен со кој се соочуваат фирмите од Здружението на енергетиката при Стопанска комора на Македонија. Во таа насока, се иницираат предлози како да се надмине овој проблем, од кои клучно е вклучување на бизнисот во креирањето на уписните политики и наставните програми во образованието.

## 24.10.2019

**ПРОМОВИРАН КОНЦЕПТОТ НА ПАМЕТНИ ГРАНИЦИ ЗА БЕСПРЕКОРНА ТРГОВИЈА, ПАТУВАЊА И ТРАНСПОРТ**




Стопанската комора на Македонија беше домаќин на презентацијата „Паметни граници за беспрекорна трговија, патувања и транспорт“ која се реализира во соработка со Царинската управа на Република Северна Македонија, како дел од Конференцијата на Светската царинска организација (СЦО) – „ПИКАРД“ (Партнерство во царинското истражување и развој), која деновиве се одржува во Скопје.

- Концептот на Паметни граници е насочен кон охрабрување на членките на СЦО да навлезат во подрачјето на технологијата за да најдат решенија што би го олесниле протокот на луѓе, стоки и транспорт на границите, следејќи ги водечките принципи за Паметни граници: безбедност, мерливост, автоматизираност, управување со ризици и технологии. Практичната примена на овој Концепт значајно ќе придонесе за осетно подобрување на квалитетот и брзината на поедноставување на царинските постапки, а бенефитите од тоа ќе се почувствуваат преку забрзан прекуграничен проток на стоките, забрзан економски раст на националните економии, - изјави д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, потпретседател на Стопанската комора на Македонија.

## 24.10.2019

**СТОПАНСКА КОМОРА НА ИДНИНАТА**

Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија, одржа редовна седница за измените и дополнувањата на Статутот на Стопанската комора на Македонија и за Анализата за стручен кадар по мерка на бизнисот и опис на специфични квалификации во ИКТ-секторот, а се распраавше и за значајни прописи од областа, како Предлог-стратегија за заштита на потрошувачи, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност, Нацрт-закон за безбедност на мрежи и информациски системи, а притоа се отвори дискусија и за подготовка на нова ИКТ-стратегија.
Членките на Здружението ја поддржуваат трансформацијата на Комората и измените на Статутот во насока на одржување на традиционалните активности што во основа претставуваат вмрежување и претставување на членките и специфичните активности што го прошируваат класичниот коморски ангажман и Комората ја ставаат во улога на консултант. Се нагласи дека особено е важно овозможување интерно вмрежување на членките во рамки на Комората, соработка со домашните институции, но и со вмрежување на регионално ниво преку Коморскиот инвестициски форум (КИФ) и со бизнис дијаспората.

## 26.10.2019

**КАДАРОТ ПРОБЛЕМ И ЗА ФИРМИТЕ ОД РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП**




Членките на Регионалната комора со седиште во Штип при Стопанската комора на Македонија дебатираа по анализите изработени од областа на образованието, откако м-р Наташа Јаневска, самостоен советник во Комората, ги презентираше резултатите според кои 80% од активните баратели на работа се долгорочно невработени, главно поради фактот што нема усогласеност на стекнатите вештини и компетенции и побарувачката на пазарот на труд. Во таа насока се дискутираше и се истакна потребата од воведување на уписна политика во средните училишта, односно да се води сметка при отворањето на се` повеќе нови гимназиски паралелки, за сметка на стручните насоки. Исто така, од страна на присутните беше нагласена потребата од кариерно советување уште во основните училишта, бидејќи тој период е клучниот, во донесувањето одлуки при изборот на понатамошното школување.

## 26.10.2019

**ЕКОНОМСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН Е КЛУЧ ЗА ПРОСПЕРИТЕТ**

Регионалната соработка е незаобиколен фактор за зајакнување на стабилноста, конкурентноста и економскиот капацитет на регионот на Западен Балкан, истакна претседателот на Стопанската комора на Црна Гора Властимир Голубовиќ на конференцијата за економија на тема „Синергијата – клуч за успех на регионот“ која Комората на Црна Гора ја организира во соработка со Коморскиот инвестициски форум, пред повеќе од 600 стопанственици, претставници на меѓународни организации, државни органи, научна и стручна јавност. Голубовиќ потенцираше дека регионот треба да ги унапреди и хармонизира инвестициските политики, и да продолжи да се промовира како единствена инвестициска дестинација. На конференцијата посочено беше дека постојните резултати покажуваат дека неопходно ќе биде да се развие нов модел на економски раст, кој ќе биде придружен со длабоки и структури реформи, со фокус на четири клучни области – уредување на пазарот на труд и обезбедување на квалификувана работна сила; развиваање на дигиталната, енергетска и транспортна инфраструктура; унапредување и структурирање на деловното опкружување во насока на привлекување на повеќе странски инвестиции; како и зголемување на надворешнотрговската размена помеѓу земјите од Западен Балкан. При тоа, идентификувани се четири сектори кои може да донесат поконкурентен раст – земјоделско-прехрамбениот сектор, металургијата, машинството и автомобилската индустрија.

## 28.10.2019

**ПРОМОВИРАНА КАМПАЊА ЗА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**



Во Средното градежно училиште „Здравко Цветковски“ - Скопје, беше промовирана кампањата за промоција на стручното образование која ќе опфати различни комуникациски алатки, вклучувајќи видео пораки кои ќе се споделуваат на традиционалните медиуми и на социјалните мрежи, а предвидено е истата да се одвива до мај 2020 година. За таа цел, во рамки на кампањата беше промовирана веб-страницата zanimanja.mk; како средство за информирање, создадена со помош на Меѓународната организација на трудот, во соработка со МТСП и надградена за потребите на кампањата.
Подобрување на имиџот и репутацијата на стручното образование и занимања во јавноста, а истовремено да ги мотивира граѓаните, особено младите, да градат кариера во стручните занимања, е целта на новата информативно-едукативна кампања финансирана од Амбасадата на

Швајцарија во Северна Македонија, Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД, Фондот за иновации и технолошки развој и Програмата за развој на Обединетите нации, со поддршка од Меѓународната организација на трудот, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Владата на Република Северна Македонија.

## 29.10.2019

### МАКЕДОНСКИ НАЦРТ-СТАНДАРД ЗА ЧЕЛИК ЗА АРМИРАН БЕТОН ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕД КОМПАНИИТЕ



Стопанската комора на Македонија, во соработка со Институтот за стандардизација на РСМ, одржа работилница на тема: *„Барањата согласно националниот македонски Нацрт-стандард за челик за армиран бетон Н МКС 1021:2019“*, со цел запознавање на компаниите од секторите градежништво и металургија со барањата согласно Нацрт-стандардот, подготвен од страна на работна група при ИСРСМ ТК 25 – Бетон, производи од бетон и ѕидарија во рамки на Институтот за стандардизација на РСМ и можноста да дадат свој придонес во подготовката на стандардот во фазата на јавна расправа. Во дискусијата со претставниците на инспекциските органи беше нагласено и значењето од доследната примена на Законот за градежните производи и стандардите во подигнувањето на квалитетот на градежните производи и спречувањето на нелојалната конкуренција на пазарот.

## 29.10.2019

### СО КВАЛИТЕТНА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА – ДО ЗГОЛЕМЕН ДЕВИЗЕН ПРИЛИВ ОД ТУРИЗМОТ

-Актуелниот модел на субвенционирање на странски туристи кој се применува од 2010 година обезбеди позитивен ефект во раст на бројот на туристи и реализирани ноќевања. Заклучно со 2018 година, реализирани се 1 милион туристи и над 3 милиони ноќевања. Но самиот модел сам по себе има многу слабости, препознаени од бизнис секторот бидејќи, согласно укажувањата, не обезбеди развој ниту поголема додадена вредност на угостителските објекти каде се сместуваат субвенционираните туристи, туку само придобивка за посредниците кои успеваат да го организираат доаѓањето на странските туристи. Во таа насока, а со цел зголемување на учеството на туризмот и угостителството како дејност во вкупното македонско стопанство до 5 % од вкупниот БДП, потребно е да се отвори дебата по прашањето: каков модел на субвенционирање странски туристи треба да се применува во насока на зголемување од ефектите од дејноста, како од аспект на бројот на туристи и ноќевања, така и од подигнување на квалитетот на услугите и крајно - раст на девизниот ефект, - информираше на прес-конференцијата Даниела Михајловска Василевска.




Славе Сирачевски, заменик претседател на Здружението на угостителството и туризмот, посочи дека постојниот модел на субвенционирање ги даде резултатите, но треба да се работи во иднина на нови форми, стимулирање на девизниот ефект да биде клучно, за оние субјекти кои и сега придонесуваат во дејноста. Секој субјект кој ќе има девизен прилив да биде поддржан преку формите на државна поддршка од Буџетот и тоа ќе биде основ девизниот прилив понатаму да расте, како основа за раст и влијание на одредена дејност на БДП во една држава.

## 30.10.2019

**МИГРАЦИЈАТА НА НАСЕЛЕНИЕТО - НАЈГОЛЕМ ПРОБЛЕМ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ВО СТРУМИЧКО**

Најголемиот проблем со кој се соочуваат компаниите - членки на Регионалната комора со седиште во Струмица е како да го задржат стручниот кадар во регионот.




На состанокот пред компаниите во Регионалната комора со седиште во Струмица, м-р Наташа Јаневска, самостоен советник во Комората, информираше за резултатите од спроведените анализи за образованието, што се прават во Комората. Како што информира Јаневска, Комората е вклучена во процесот на приспособување на образовните програми според потребите и барањата на бизнис заедницата.. Пред присутните на седницата, м-р Зоран Јовановски, главен советник на Управниот одбор на Комората за економски прашања, ги презентираше стратешките правци за натамошното делување и работење на Комората, а се осврна и на новиот Закон за минимална плата и неговото влијание врз бизнисите.

## 01.11.2019

**И БИЗНИСОТ ВО КИЧЕВО ИМА ПРОБЛЕМ СО МИГРАЦИЈА И ПОТРЕБА ОД КВАЛИФИКУВАН КАДАР**



Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија одржа седница на која се презентираа анализите направени за образовниот систем произлезени од потребата на стручен кадар по мерка на бизнисот, се заклучи дека за стопанството најголемиот проблем во овој момент е недостигот на стручен кадар кој може да ги забави работните процеси и планираните инвестициски активности, а го кочи и тековното работење на фирмите, бидејќи секојдневно работниците заминуваат од своите работни места.
.

Претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Соколески и членките покрај за недостатокот на стручен квалификуван кадар и миграцијата на населението дискутира и за минималната плата и потребата од постојана сигурност во условите за работа на стопанството за долгорочно планирање и функционирање.

## 05.11.2019

**Годишна конференција на ЕЕН – Мрежа на бизнис можности во Хелсинки, Финска**

**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА И РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА ЗА ПОДОБРИ УСЛУГИТЕ ВО НАСОКА НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ**

Годишната конференција на Enterprise Europe Network - Европската мрежа на бизнис можности, како клучен мрежен настан на кој се собраа околу 800 партнери во мрежата, претставници од европски институции и други клучни надворешни чинители понуди иновативни решенија како да им помогне на малите и средни претпријатија да го искористат потенцијалите на европскиот пазар.

Целта на конференцијата беше да се зајакне соработката и да се зголеми размената на искуства на партнерите во конзорциумот со цел да се подобрат услугите што ги нуди оваа мрежа преку институциите (коморите, универзитетите, кластерите, истражувачките центри, итн.) за поддршка на малите и средните претпријатија во развојот на иновативни идеи, трансфер на технологија, како и пронаоѓање нови пазари и деловни партнери за соработка.

## 06.11.2019

**ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПРОИЗВОДИ**



На седницата беа дискутирани и резимирани активностите на Групацијата за агрегати, бетони и асфалти за 2019 година, како и соработката на Групацијата со ИСРСМ ТК 43 – Материјали, опрема и сигнализација за патишта поврзана со подготовката на стандардизациските документи од областа на битуменските мешавини. На седницата беше оценето дека иако Законот за градежни производи е во примена подолг период и во однос на градежните производи од хармонизираното подрачје се усвоени најголем дел од европските како национални (македонски) стандарди, а во однос на градежните производи од нехрамонизирано подрачје активно се работи на подготовка и веќе има донесено одредени национални (македонски) стандарди, практиката покажува дека сѐ уште е потребна поголема информираност и респонзивност на компаниите во имплементацијата на Законот и стандардите.

## 06.11.2019

**РЕЦЕСИЈАТА ВО АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА И ПОСЛЕДИЦИТЕ ВРЗ СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ**



Виктор Мизо, претседател на Асоцијацијата на странски компании со технолошки напредно производство во рамките на Советот на странски инвеститори, на прес конференцијата одржана во Комората, истакна дека тоа што се случува во автомобилската индустрија на глобално ниво е тренд започнат пред една година, при што проекциите покажуваат дека во 2019 година ќе се произведат 4,3 милиони патнички возила помалку во споредба со претходната година, како резултат на намалената побарувачка.

„Причините за овие негативни трендови можат да се лоцираат пред се кај глобалната трговска војна помеѓу САД и Кина, несигурноста и нејасната слика што ќе се случи со Брегзит, заострените прописи во врска со користењето на дизел возилата, како и имплементацијата на регулативата за електрификација која не е иста на секој континент. На крајот, тука е и економското успорување на глобалните економии како САД, Кина, Германија, Италија, Велика Британија не го постигнаа очекуваат раст како и во изминатите години. Од друга страна, автомобилските добавувачи не се директно погодени од глобалната рецесија и продолжуваат со производствените планови без некакви поголеми промени во нарачките од странските партнери, со проекции на пад на побарувачката од 3-5%.“ – изјави претседателот на Асоцијацијата

## 07.11.2019

**ПРЕЗЕНТИРАНИ МОЖНОСТИТЕ И ПОВОЛНОСТИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА „ДУБАИ ЕКСПО 2020“**



Претставници од Владата на РСМ и Министерството за надворешни работи, пред компаниите- членки на Стопанската комора на Македонија ги презентираа можностите и поволностите за учество на македонските компании на претстојниот ***„Дубаи Експо 2020“*** кој ќе се одвива во периодот од 20 октомври 2020 година до 10 април 2021 година во Дубаи, Обединети Арапски Емирати.

Значаен бенефит за компаниите коишто се заинтересирани за учество на манифестацијата покрај можноста за претставување на своите производи, услуги и проекти пред компаниите од целиот свет, ќе биде овозможено и учество на конференции и билатерални средби со потенцијални партнери.

## 07.11.2019

**АМБАСАДОРКАТА ГАЛОВЕЈ ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**



Во насока на продолжување на добрата соработката со Обединетото Кралство, како втор партнер во вкупната надворешно-трговска размена на Република Северна Македонија со светот и најголем странски инвеститор во земјата, денес во Стопанската комора на Македонија се реализираше работна средба на претседателот на Комората на Македонија, Бранко Азески, со Амбасадорката на Обединетото Кралство во земјата Н.Е. Рејчел Галовеј. На состанокот беа дискутирани можностите за продлабочување на соработката во бизнис секторот и новите инвестиции, но и во делот на едукацијата, дуалното образование и постдипломските студии. Претседателот Азески истакна дека е потребно да се олесни процесот на добивање виза за македонските граѓани. Амбасадорката исто така информираше дека во соработка со Владата на РС Македонија, во процес е подготовка на билатерлани договори за олеснување на трговијата и соработката меѓу двете земји, кои би стапиле во сила со официјализирањето на БРЕГЗИТ. Договорите се очекува да бидат изготвени и потпишани од двете страни до крај на годината. Двете страни едногласно се договорија дека во наредниот период ќе работат на организирање бизнис форум и билатерални среби меѓу претставници на бизнис секторот од Велика Британија и РС Македонија.

## 11.11.2019

**БАРАЊАТА НА ПЛАТФОРМАТА ЗА ЈАВНО-ПРИВАТЕН ДИЈАЛОГ ЌЕ СЕ УСОГЛАСАТ СО ИНСТИТУЦИИТЕ**

Денес Комисијата за јавно-приватен дијалог составена од Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии МАСИТ, Стопанска комора на северозападна Македонија и Сојуз на стопански комори, кои се претставници на Платформата за јавно-приватен дијалог, како и претставници на државни институции одржаа работен состанок на кој се разговараше за сите досега доставени и отворени позициони документи.

Заедничкиот заклучок е дека работата на Комисијата за јавно-приватен дијалог ќе продолжи во насока на поголема соработка за прием на доставените барања, нивно образложување како ќе влијаат позитивно на подобрување на условите за водење бизнис и како ќе се соработува на оперативно ниво за нивно усвојување и имплементирање во законската регулатива.

## 13.11.2019

**БИЗНИС СРЕДБА НА МАКЕДОНСКИ И ЧЕШКИ КОМПАНИИ ВО ШТИП**

Во организација на Амбасадата на Република Чешка во Македонија и Општина во Штип, а во координација со Регионалната комора при Стопанската комора на Македонија, беше одржана Бизнис средба помеѓу македонски и чешки компании од текстилната, конфекциската и кожарската индустрија.

Дваесетина сопственици и претставници на текстилни компании, дел од чешкиот текстилен кластер присуствуваа на форумот, кој од страна на штипскиот градоначалник Благој Бочварски беше оценет како многу значаен за градот, но и за текстилните работници.



**14.11.2019**

**БИЗНИС ФОРУМ И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ ПОМЕЃУ МАКЕДОНСКИ И РУСКИ БИЗНИСМЕНИ ВО СКОПЈЕ**



Во насока на продлабочување и интензивирање на билатералната економска и деловна соработка меѓу Република Северна Македонија и Руската Федерација, Стопанската комора на Македонија во соработка со Владата на Република Северна Македонија и Амбасадата на Руската Федерација во Република Северна Македонија, одржаа Македонско-руски бизнис форум и деловни средби.

На форумот свое обраќање имаа заменик министерот за индустрија и трговија на Руската Федерација Алексеј Груздев, Н.Е.Сергеј Баздникин, амбасадор на Руската Федерација во Република Северна Македонија и претставници од Владата на РСМ.



Министерот за индустрија и трговија на Руската Федерација Алексеј Груздев истакна дека имајќи ги предвид актуелните мерки што ги презема Владата на Република Северна Македонија за финансиска помош на домашните и за странските инвестиции, Руската Федерација во Македонија гледа сериозен потенцијал за соработка и можност за идни инвестиции особено во делот на технолошкиот развој и едукацијата.

**15.11.2019**

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ЗА БИЗНИС БЕЗ НИКАКВО ОГРАНИЧУВАЊЕ**



Претседателот на Стопанска комора на Македонија Бранко Азески и претседателот на Одборот на директори на "Македонија 2025" Вера Ставров, потпишаа Меморандум за соработка со цел зацврстување на деловната комункација помеѓу македонската бизнис заедница и македонската бизнис дијаспора.

Целта е со заеднички активности на Комората и организацијата „Македонија 2025", домашните компании да може да остваруваат подобри перформанси, што во крајна линија ќе придонесе за забрзување на растот на македонската економија и развој на македонското општество.

Во рамки на заедничката активност на Комората и Македонија 2025, беше реализирана и Дебата на тема "Коморскиот инвестициски форум (КИФ) и економската интеграција на Западниот Балкан". Обраќајќи се пред присутните, претседателот Азески истакна дека КИФ претставува најзначајна алатка произлезена од Берлинскиот процес и воедно е еден од последните европски проекти кој е функционален, со седиште во Трст, со Управен одбор составен од претседателите на 6-те Комори од Западен Балкан. Значењето на КИФ Азески го гледа во вопсотавување заеднички регионлани институции на различни нивоа кои ќе го направат регионот единствена економска област.

## 16.11.2019

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ, ПАНЕЛИСТ НА САМИТОТ МАКЕДОНИЈА 2025**

*Корупцијата, сивата економија, владеење на правото се проблеми на кои треба интервентно да се работи. Бизнисот да биде активно вклучен во креирањето на државните економски политики и спроведување брзи и ефективни избори со краток предизборен период и формирање влада веднаш, по примерот на некои земји во соседството, но и во светот - порака од претседателот на Стопанската комора на Македонија на 8-от самит на Македонија 2025.*

Пред повеќе од 300 учесници почна Самитот на Македонија 2025, во присуство на највисокиот политички врв на државата како израз на подршка на политиката за напорите што се прават за поттикнување на домашните компании во насока на подобрување на нивната конкурентност, иновативност со цел освојување нови пазари и поголема извозна ориентираност.




Во улога на панелист во дискусијата насловена – „Југоисточна Европа: раст на неизвесноста или посветла иднина“, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески вели дека државата се соочува со повеќе отворени прашања кои го кочат економскиот развој. Корупцијата и сивата економија се проблем број 1 за кој е итно час поскоро решение. Долгите и чести процеси на избори пред се на предвремени избори го стопираат целокупното економско функционирање во државата. Како заокружување во своето излагање, претседателот на Стопанската комора на Македонија констатираше дека клучот на успехот е во отпочнување сериозен квалитетен дијалог на политиката со бизнис секторот. Мора да се слушне гласот на реалниот сектор, кој предлозите треба да ги темели на база на студии, истражувања, анализи и на тој начин да се пристапи во отворање конструктивен дијалог со државата.

## 16.11.2019

**НЕОПХОДНА Е ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА НА МАКЕДОНСКИТЕ И ЧЕШКИТЕ ТЕКСТИЛНИ КОМПАНИИ**

Во организација на Амбасадата на Република Чешка во Македонија, беше одржана работна средба помеѓу претседателот на Асоцијацијата на текстилната индустрија на Чешка, Јуржи Чесал и претседателот на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската комора на Македонија, Ангел Димитров

Република Чешка е земја која во 1980 до 1990 година, вработувала 240.000 лица во текстилниот сектор, а денеска во оваа дејност работат 30 до 40 илјади вработени. Нивната Асоцијација брои околу 60 компании членки и 7 партнери, а голем дел од текстилни компании од Чешка се соочуваат со проблемот на недостаток од работна сила, каде компаниите произведиваат производи со поголема додадена вредност што е добар потенцијал за соработка со македонските компании. Просечната плата во Чешка е околу 1.300 евра, а во текстилната индустрија се движи 1000 евра истакна претседателот на Асоцијацијата текстилната индустрија на Чешка, г-дин Јиржи Чесал.

Соработката меѓу текстилни компаниите од Чешка и нашите домашни компании мора да се подигне на повисоко ниво, се со цел отворање нови можности, создавање нови работни места и нудење подобри и попристојни услови за работа.

## 18.11.2019

**„ЕДЕН РЕГИОН - ЕДНА ЕКОНОМИЈА“ - КАКО КИФ ПРИДОНЕСУВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ИДЕЈАТА?**

Регионалната економска соработка и перспективите кои таа може да ги донесе во регионот на Западен Балкан беа во фокусот на дискусијата на Виенскиот Економски форум, кој се одржа на 18.11.2019 година во Виена, на тема „Од планска до пазарна економија – 30 години од падот на Берлинскиот ѕид“. Заедничките активности и проекти што се во тек во КИФ се насочени кон- либерализација на трговијата, подобра подготвеност за извоз за нашите компании, воведувањето на практичната работа како дел од системите на формалното образование, дигитализација како предуслов за подобрување на конкурентноста и иновативноста на западните Балкански компании. Во рамките на Форумот, на Северна Македонија и беше доделена награда за држава –соработник за 2019 година, која во име на државата ја прими Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

## 19.11.2019

**УНИДО ДАВА ПОДРШКА НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**




Проектот „Забрзување на трансформацијата на пазарот за индустриска енергетска ефикасност и инвестиции во најдобрите практики и технологии“ кој е активен од 2015 година е дел од програмата за индустриска енергетска ефикасност на Организацијата за индустриски развој на Обединетите нации (UNIDO). Оваа програма е активна во 18 земји во светот, со планови за отпочнување со активности во уште 10.Енергетската ефикасност не е на посакуваното ниво зашто и самата индустрија не е свесна за можностите и придобивките. Способноста на давателите на услуги, пак, е ограничена иако постои многу широк опсег на решенија кои може да се применат. Третиот предизвик се политиките за поддршка на енергетската ефикасност, истакна Марко Матеини, експерт од УНИДО.

Панче Атанасовски од Агенцијата за енергетика истакна дека се уште се мали инвестициите за енергетска ефикаснот. Нашата економија се соочува со страотна конуренција на европскиот пазар. Затоа треба внимателно да се прават вложувањата, да не згасне бизнисот. Не смеете да оптоварите некого да го згасне бизнисот. Иницијаланото тркало е токму приходот во индустријата, рече Атанасовски.

## 20.11.2019

**ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И АВСТРИЈА НА ЗАВИДНО НИВО**




Во рамки на серијалот заеднички прес-конференции со амбасадорите од група на селектирани земји, со кои нашата земја во периодот од стекнувањето на независноста наваму има голема економска соработка и потенцијал за зголемување на таа соработка во иднина, во фокусот беше Австрија. Одржана е заедничка прес конференција со Н.Е. Георг Вуцас, амбасадор на Австрија во нашата земја и со господинот Штефан Петер, претседател на Управниот одбор на „ЕВН Македонија“ и претседател на Советот за странски инвеститори при СКМ.

Во врска со оствареното во досегашната соработка и можностите за нејзино зголемување изработена е кратка анализа, која е поставена на веб страната на Стопанската Комора на Македонија. Зоран Јовановски, главен советник за економски прашања на Управниот одбор на Стопанската Комора на Македонија, се осврна на некои од клучните поенти од анализата, истакнувајќи дека Австрија е голем пријател на нашата земја и силен поддржувач на нашите евроинтеграциски заложби. Во таква атмосфера на одлични билатерални односи, постојан и динамичен дијалог на највисоко ниво, во сиот изминат период и економската соработка меѓу двете земји се одвиваше во позитивна насока.

## 21.11.2019

**ЗГОЛЕМЕНА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПОГОЛЕМА КОКУРЕНТНОСТ**

Регионалниот центар за животна средина (РЕЦ) во соработка со Стопанската комора на Македонија, одржаа национален промотивен настан на тема: „Придобивки од спроведувањето на енергетска ефикасност во индустриите во Република Северна Македонија “

Стопанската комора на Македонија во континуитет настојува преку своето делување на своите членки да им овозможи подобри услови за стопанисување а во ефикасноста на спроведувањето на работните перформанси на компаниите секако се опфатени и процесите за подобрување на енергетската ефикасност

Со поддршката на  Проектот „Поттикнување на пазарната трансформација за енергетска ефикасност во индустријата и забрзување на инвестициите во најдобри практики и технологии во Република Македонија“ спроведен од Регионалниот центар за животна средина (РЕЦ), компаниите имаа можност да се стекнат со знаења и искуства како да ја подобрат енергетската ефикасност.

## 21.11.2019

**ПЛАТФОРМАТА ЗА ЈАВНО-ПРИВАТЕН ДИЈАЛОГ НА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРОТ НА БИРОТО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**



Платформата за јавно-приватен дијалог оствари состанок со Армир Садики директорот на Бирото за јавни набавки со цел да се продолжи воспоставената соработка. Целта е институциите како Бирото за јавни набавки да ги добијат предлозите од компаниите претставени преку четирите стопански комори кои ја предводат Платформата за јавно-приватен дијалог.

Директорот Садики изрази задоволство за покажаниот интерес за подобрување на областа на јавните набавки, и посочи дека вратите за соработка со приватниот сектор се отворени. Според него јавно-приватниот дијалог мора да продолжи и да се одржува на високо ниво.

Во наредниот период ќе се работи на целосно имплементирање на Законот за јавни набавки при што Платформата за јавно-приватен дијалог ќе ги претстави барањата и очекувањата на компаниите за поголема транспарентност, еднаквост и отчетност во јавните набавки.

## 21.11.2019

**ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА НА КОМПАНИИ ОД ТУРЦИЈА И ОД БИТОЛСКИОТ РЕГИОН**



На иницијатива на Турско-македонската стопанска комора МАТТО, во соработка со Регионалната комора со седиште во Битола, при Стопанксата комора на Македонија беше реализиран состанок меѓу најголемите инвеститори од Р. Турција во нашата земја и претставниците на стопанството и општините во битолскиот регион.

На средбата претставници од повеќе турски компании присутни во земјата имаа свое излагање. Алп Ер Тунга Ерсој, генерален менаџер на ТАВ Македонија, Букет Гереџи извршен директор на Халкбанк АД Скопје, Ајхан Узун генерален менаџер на Рамсторе Македонија, Слободан Трајковски, сопственик на Елмонд Електро и Златко Најдовски, директор на Евро млекара – Суташ, како и Гуркан Гезер економски советник при Амбасада на Р.Турција во Скопје.

## 22.11.2019

**ОДЛУЧНИ АКТИВНОСТИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА БАРИЕРИТЕ ВО ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА СО СРБИЈА**



Двете држави, во соработка со стопанските комори и деловните заедници од македонска и од српска страна, во најитен рок да спроведат регулаторна гилотина на сите прописи и регулативи кои поставуваат бариери во меѓусебната размена, е порака од работната средба на македонските и српските компании со претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски, организирана од Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Србија, во Белград.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески посочи дека сите активности треба да се насочат кон обезбедување на нужни предуслови за надминување на обемот на меѓусебна размена од 1 милијарда евра, кој го имаме неколку години наназад.

- За постигнување на добри резултати потребни се нестандардни мерки – потребни ни се ефективни потези што ќе ја олеснат соработката помеѓу македонските и српските фирми. Затоа, треба во најкус можен рок да биде направена регулаторна гилотина на сите прописи кои воведуваат ограничувања или несоодветни административни оптоварувања за компаниите кои извезуваат на српскиот и на македонскиот пазар, со што ќе заштедиме време и пари на нашите стопанственици, и ќе го поедноставиме влезот на македонски производи на српскиот пазар и обратно. Ние во Коморите, по доставените предлози и забелешки од компаниите, ќе направиме сумирање на сите прописи кои воведуваат вакви ограничувања, и ќе доставиме официјални барања до Владите во двете држави со единствен акт, истовремено да бидат укинати сите тие прописи, посочи претседателот Азески.

## 25.11.2019

**РАБОТНА СРЕДБА НА АЗЕСКИ И ДИМКОВСКИ**

Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески оствари работна средба со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во Владата на Република Северна Македонија, Трајан Димковски.

На средбата се разгледаа актуелни теми од областа на агросекторот, вклучувајќи ги прашањата за рурален развој, зачувување на диверзитетот на растителни генетски ресурси, агроеколошки мерки, традиционални земјоделски производи, зајакнување на свеста за заштитените ознаки за потекло, заштитените географски ознаки и загарантираните традиционални специјалитети, органски производи, Hi'teh во земјоделството, како и низа други актуелни прашања за секторот.

## 25.11.2019

**БИМ АЛАТКА ВО НАСОКА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНАТА ИНДУСТРИЈА**




Дигиталната трансформација е неопходна за брз економски раст и развој на градежните компании преку употребата на БИМ технологијата, која ќе доведе до зголемување на конкурентноста на пазарот беше истакнато на прес Конференција во Стопанската комора на Македонија.

Потребата од воведувањето и примената на БИМ технологијата е во насока на поддршка на стратешките правци на земјата за дигитализација на градежниот сектор според глобалните правци на технолошкиот развој, како и за постигнување на целите за одржливост во енергетскиот сектор, пред се, на енергетската ефикасност според директивите на ЕУ, истакна Ристо Иванов, претседател на Здружението за бизнис консултанти Креација и партнер во ТРАИНЕЕ проектот. Очекуваните придобивки од примената на БИМ се:

Ø **Економски** (10% заштеди во времето на градба и 20-40 % пониски трошоци за градба и одржување на објектот¸подобрена конкурентност на секторот);

Ø **Околина** (помалку отпад, оптимално користење на енергијата, ефикасност на ресурсите, циркуларна економија и пристап за анализа на целиот животен циклус на градбата)

Ø **Социјални** (повисок и побезбеден стандард на живеење, подобрени услуги на јавниот сектор, чисти и безбедни работни места во градежниот сектор).

## 28.11.2019

**ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ФИРМИТЕ**




Трговското одделение при Амбасадата на Република Австрија во Република Македонија заедно со Стопанската комора на Македонија, организираа работилница на тема: “Креирање образовни профили според потребите на фирмите” на кој присуствуваа претставници од институциите, креатори на образовните политики и компаниите.

Целта на овој настан беше со вклучување на говорници од повеќе аспекти да се претстави начинот на функционирање на политиките на дуалното образование во партнерство со средното стручно образование во Македонија и Австрија. Да се согледа вклученоста на Стопанските комори на Македонија и на Австрија, како и на компаниите кои го помагаат овој процес, а истовремено и да го подобрат преку практични вештини и способности на учениците.

## 28.11.2019

**ИДНИ НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА АГРОСЕКТОРОТ**

Земјоделството (вклучително лов, шумарство и рибарство) е еден од најголемите и најважни сектори во домашната економија, со учество од околу околу 10-12% во вкупниот БДП остана релативно стабилен сектор изминатиот период. Заедно со преработувачката индустрија, процентот се зголемува на 14-18%.

Претседателот Азески посочи дека земјоделскиот сектор иако има значаен придонес во доашната економија досега не бил соодветно третиран. Материјалот изработен од стручната служба на комората за работната средба преставува нов концепт за развој на нов тип на агро секторот и се клучни правци со цел зголемување на продуктивноста во дејноста, посочи Азески, што беше позитивно оценето од страна на ресорниот министер.

На трибината присутните стопанственици од агро секторот партиципираа со предлози и сугестии околу одредени прашања кои ги оптоваруваат компаниите.

## 03.12.2019

**ПОДОБРЕНА СОРАБОТКАТА МЕЃУ ДОМАШНИТЕ И СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ**



Подобрена е соработката меѓу домашните и странските компании како дел од успешно имплементираните активности на ЕУ проектот: „ ***Зголемување на конкурентноста на домашните мали и средни претпријатија со цел подобрување на нивната соработка со странските инвеститори*** “, финансиран од Европската комисија во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА): *Поддршка на вмрежувањето и синџирите на добавувачи помеѓу домашните мали и средни претпријатија и мултинационалните компании и нивно упарување во насока на клучните реформи во компетиивноста на земјата* , спроведен од Машинскиот факултет при универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје Стопанската комора на Македонија и Техничкиот универзитет во Виена, во времетраење од две години.

Основната цел на проектот беше унапредување на перформансите на компаниите од металопреработувачката и автомобилската индустрија во насока на обезбедување на нивна поголема компетитивност, која понатаму ќе резултира со подобра соработка со странските инвеститори но и како резултат и на подобрените извозни компетенции и со други странски компании. Проектот резултираше со обучен кадар во компаниите и имплементација на одредени напредни производни и менаџерски пристапи, кај околу 20-ина македонски компании, а кај шест од нив беа имплементирани индустриски проекти во текот на цела измината година-посочи д-р Миновски.

## 03.12.2019

**НАЈНОВИ ЕНЕРГЕТСКИ ТЕХНОЛОШКИ РЕШЕНИЈА ПРЕКУ МОДЕЛОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ВОДА**

Компанијата RENEXPO International, (организатор на саеми, изложби и конференции низ цела Европа), го реализираше првиот меѓународен настан во Скопје, нудејќи најнови енергетски технолошки решенија и примери на добра практика, за големи системи, како и за мали и средни претпријатија, преку моделот на управување со отпад, заштита на вода.

На настанот на кој учествуваа компании од енергетскиот сектор, од секторот за отпад и за вода, беа презентирани серија трудови за планирани и спроведени проекти во секторите енергетика, заштита на води и управување со отпад. Целта на дводневниот настан (саемска изложба, конференции, Б2Б средби), подржан и од проектот на Европската меѓународна мрежа (ЕЕН), каде партнер е и Стопанската комора на Македонија, е странски компании да ги покажат своите технологии и да воспостават партнерства со локалните претпријатија и институции. Во регионот во оваа форма саемски манифестации со конференции се одржуваат во Србија и во Босна и Херцеговина.

Обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност се иднината на секое општетсво, особено ако се има во предвид фактот дека нашата земја е енергетски сиромашна и се исцрпуваат резервите на јаглен, беше посочено на отворањето на саемот.

## 05.12.2019

**ПРОЕКТ НА УНДП ЗА НАДГРАДБА НА СИСТЕМОТ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ОРУЖЈЕ**



Членките на Групацијата за оружје, опасни и експлозивни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена при Стопанската комора на Македонија, во Комората одржаа работна средба со претставници од УНДП на која беа посочени проблемите кои се појавуваат при регистрација и електронското внесување на оружјето и муницијата во МВР поради некомплетниот шифрарник за внесување. За таа цел беше истакната потребата од редовно ажурирање на шифрарникот со моделите на оружје кои не се внесени, а новиот систем кој се подготвува од страна на УНДП, да им овозможи на компаниите внесувањето на податоците да биде поедноставно и поефикасно за нивното работење.

## 06.12.2019

**ПРЕКУ БИМ АЛАТКАТА ПОДИГНАТИ КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ГРАДЕЊЕ ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ОБЈЕКТИ**



На состанокот на Управниот одбор на Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење – ТРАИНЕЕ“ кој се реализира во рамките на Програмата „Хоризонт 2020“, чиј координатор е Стопанската комора на Македонија, беа презентирани реализираните активности во првите 18 месеци од проектот, а се дискутираше и за активностите што се планираат во следната година. Притоа се истакна дека информативните настани и обуките кои беа спроведени во изминатиот период придонесоа БИМ алатката да биде претставена пред градежните професионалци (инженери, архитекти, техничари, итн.) со практични примери, со што се подигнаа капацитетите на градежните компании во насока на градење енергетски ефикасни објекти. Во периодот јуни - август 2019 година беа спроведени и обуките за обновливи извори на енергија во кои учествуваа над 70 градежни професионалци.

Во периодот што следи дополнително, Управниот одбор на проектот истакна дека е неопходно да се спроведат „on-line“обуките организирани од БИМ Академијата, со што учесниците ќе се стекнат со европски признати сертификати. Поддршка беше дадена и на спроведувањето на процесот за препознавање на претходно стекнати вештини, што како процес се покажа како исклучително корисен во претходните проекти на BUILD UP skills Иницијативата на Европската комисија.

## 07.12.2019

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ ЗАЕДНО СО ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА „ДЕЛТА“ МИШКОВИЌ И НА „ТИКВЕШ“ ЈАНЕВСКИ НА JOHNNIE WALKER BLACK LABEL PARTY**

Во Белград, на 4 декември 2019 година, се одржа Johnnie Walker Black Label Party, организирана од Diagio и нивниот дистрибутер Делта ДМД, кој истовремено е и дистрибутер и на македонската винарска визба Тиквеш.
На Johnnie Walker Black Label Party беше и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, заедно со претседателот на „ДЕЛТА“ Групацијата од Србија, Мирослав Мишкович и со претседателот на Винарската визба „ТИКВЕШ“, Светозар Јаневски.

## 07.12.2019

**ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА ПОДОБРА СОРАБОТКА СО СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**

Како дел од успешно имплементираните активности на Проектот на ЕУ: „Зголемување на конкурентноста на домашните мали и средни претпријатија со цел подобрување на нивната соработка со странските инвеститори“, се одржа завршна конференција на која беа потенцирани активностите преземени во двегодишниот проект.




Основната цел на проектот беше унапредување на перформансите на компаниите од металопреработувачката и автомобилската индустрија во насока на обезбедување на нивна поголема компетитивност, која понатаму ќе резултира со подобра соработка со странските инвеститори, но и како резултат и на подобрените извозни компетенции и со други странски компании.
Потпретседателот на Стопанската комора на Македонија, д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, отворајќи ја завршната конференција посочи дека проектот претставува одлична можност како за странските така и за домашните компании за јакнење на соработката и нивно вклучување во синџирот на добавувачи.
Проектните активности беа спроведени од Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје како координатор на проектот во партнерство со Стопанската комора на Македонија и Техничкиот универзитет од Виена во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА): Поддршка на вмрежувањето и синџирите на добавувачи помеѓу домашните мали и средни претпријатија и мултинационалните компании и нивно упатување во насока на клучните реформи во компетитивноста на земјата.

## 09.12.2019

**СТОПАНСКАТА КОМОРА И УНИВЕРЗИТЕТОТ ОД БИТОЛА ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКАТА**




Пред поголем број стопанственици од Пелагонискиот регион, како и претставници од областа на научната дејност, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и ректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола, проф. д-р Сашо Коруновски, потпишаа Меморандум за соработка.
Претседателот Азески истакна дека формализирањето на соработката преку Меморандумот е сериозен чин што ја зајакнува на повисоко, научно ниво како резултат на искуствата и знаењата на стручниот кадар од двете институции преку дизајнирање на заеднички содржини и решенија во насока на унапредување на истражувањето значајно за голем број активности што се преземаат во нашата земја. Тој исто така нагласи дека со потпишувањето на овој Меморандум се зајакнува довербата помеѓу двете институции во реализацијата на сите активности.
Оваа година Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола слави 40 години од свето постоење, а Меморандумот се склучува во очи на патрониот празник на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кој брои 11 факултети, 1 научен институт, 5 придружни членки.

## 10.12.2019

**СО СТРАТЕШКИ ПРИСТАП ДО ПОДИНАМИЧЕН РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО**



Поддршката и промоцијата на угостителството и туризмот во изминатиот период ги даде очекуваните резултати со постигнување на близу 13% раст на бројот на туристи и ноќевања во 2018 година споредено со претходната година. Со тоа се оствarија посакуваните резултати од пред речиси три децении. Сепак, резултатите за годинава покажуваат далеку понизок раст па за 9-те месеци евидентиран е просечен пораст на бројот на туристите за 3,4%. Ноќевањата на странски гости има пораст за периодот јануари - септември од 4,4%, констатираше Соња Бибановска, претседател на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, на тркалезната маса на тема: „Стратешки развој на туризмот и угостителството за поголеми економски ефекти“.

Настанот кој во Комората се организираше со поддршка на Министерството за економија имаше за цел преку дебата и дискусија да иницира мерки и активности кои би се презеле во насока на остварување подобри економски резултати со раст на девизниот ефект, подигнување на квалитетот на туристичките производи, услуги, нови содржини согласно потребите на туристите.

## 11.12.2019

**ПОТПИШАН ДОГОВОР МЕЃУ КИФ И KFW – ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ 25, 5 МИЛИОНИ ЕВРА**



На 10 декември 2019 година во Стопанската комора на Црна Гора се потпиша Договор вреден 25,5 милиони евра помеѓу Германската банка за развој (KfW) и Коморскиот инвестициски форум (КИФ) за финансирање на проекти од областа на средното стручно образование. Средствата за Проектот се одобрени од Министерството за економска соработка и развој на Сојузна Република Германија. Кристоф Тискенс, директор на KfW за Југоисточна Европа и Турција, посочи дека со 25,5 милиони евра, Германија сака да придонесе во делот на стручното образование на Западен Балкан. Германската банка



за развој е активна во регионот веќе 30 години. - KFW е актер кој ја потврдува заложбата на германската Влада да го поддржи овој регионален процес, - рече Тискенс. Тој ги потенцираше и четирите главни принципи на Фондот за регионални предизвици: зајакнување на конкурентноста, технички избор на проекти, независно управување и соработка со најголемите засегнати страни на регионално ниво.

**12.12.2019**

**КОНСТИТУИРАНА АСОЦИЈАЦИЈА НА ГЕНЕРИЧКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЛЕКОВИ**

На иницијатива на компании од фармацевтската дејност – производители на генерички лекови, со цел остварување на специфичните интереси во рамки на дејноста, се одржа конститутивна седница (11.12.2019) на Асоцијацијата на генерички производители на лекови. За претседател на Асоцијацијата се избра Владимир Индов од „АЛКАЛОИД“ АД – Скопје, а за заменици-претседатели, Наташа Попоска од „ЛЕК“ ДООЕЛ - Скопје и Славица Тодоровска од „ХЕМОФАРМ“ АД Претставништво - Скопје.

На седницата се дискутираше за идните активности на делување, а како приоритетни се посочија вклучување на Асоцијацијата во најавените усогласувања на регулативата од областа на лековите и медицински средства со европската регулатива, како и на потребата од ревидирање на прописите кои се однесуваат на генеричките лекови, во насока на следење на современите текови на овој план, за што, сметаат дека со своето долгогодишно искуство на домашен и на меѓународен план, можат да дадат значаен стручен придонес во креирањето на новите решенија.



**14.12.2019**

**ПОЧЕСНИОТ КОНЗУЛ АЗЕСКИ И АМБАСАДОРКАТА НА ЦРНА ГОРА ВО ПОСЕТА НА ШТИП**

**Можности за унапредување на соработката на компаниите од источниот регион со Црна Гора**



Амбасадорката на Црна Гора во Република Северна Македонија, Марија Петровиќ, почесниот конзул на Црна Гора во Република Северна Македонија со седиште во Штип и претседател на стопанската комора на Македонија Бранко Азески и директорот на „Македонски Телеком“ Никола Љушев на 13.12.2019 година реализираа работна посетија на Почесниот конзулат на Црна Гора со седиште во Штип. На работната средба присутни беа повеќе истакнати стопанственици од источниот регион, со кои се дискутираше за потенцијалите за зајакнување на економските контакти и зголемување на трговската размена на компаниите од источниот регион со Црна Гора.

**16.12.2019**

**РАСТЕ ДОВЕРБАТА НА КОМПАНИИТЕ ВО УСЛУГИТЕ КОИ ГИ ДОБИВААТ ОД КОМОРИТЕ**

Проектот на УСАИД: „Партнерство за подобра бизнис регулатива‟, ги презентираше резултатите од четвртата „Годишна проценка на бизнис опкружувањето во Северна Македонија“. Резултатите од анкетата покажуваат дека расте довербата на компаниите во улогата на коморите, особено во процесот на креирање и донесување на законската регулатива. Според перцепцијата на компаниите, дури 81% од нив сметаат дека стопанските комори се вклучени во процесот на легислативата, што е значително подобрување споредено со 2016 година кога 45% од компаниите го делеле ова мислење. Тоа е показател на зголемените активности на коморите за застапување на интересите на бизнис секторот.

Целта на анкетата е да се согледаат состојбите со законодавството кое го третира приватниот сектор, области кои треба да се подобрат, приоритетите за реформи за поповолна деловна клима, како и задоволството на компаниите од законите кои директно влијаат врз нивното работење. Добиените резултати ќе помогнат за да се дефинираат барањата на бизнис заедницата упатени до Владата на Република Северна Македонија преку Платформата на Комисијата за јавно приватен дијалог, која беше формирана со потпишување на Меморандумот за соработка меѓу четирите стопански комори, партнери во Проектот.

**17.12.2019**

**ИДНИ НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА АГРОСЕКТОРОТ**

Здружението на земјоделството и прехранбената индустрија при Стопанската комора на Македонија континуирано презема активности во насока на поголема препознатливост и промоција на Комората како институција која се залага за развој на домашното земјоделство, поставување идни насоки за негов развој со целосно приспособување на секторот кон зголемените очекувања на потрошувачите и кон добрите практики на европската регулатива од оваа област.




За таа цел, Стопанската комората на Македонија, на крајот на ноември, втор пат последователно оваа година организираше трибина за перспективите и развојот на агросекторот. На средба со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и претставници од бизнис секторот од дејноста, присуствуваше и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски. При тоа, во отворена дебата се дискутираше за насоките за унапредување на земјоделско-прехранбениот сектор во државата.





## 18.12.2019

**ПРОМОВИРАН РЕГИСТАРОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ „ОНЛАЈН“ МЕДИУМИ**

Здружението на медиумите на Македонија и Советот на етика на медиумите во Македонија, со поддршка на Стопанската комора на Македонија, го промовираа Регистарот на професионални „онлајн“ медиуми во државата.

Во името на Стопанската комора на Македонија, д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, потпретседател на Стопанската комора на Македонија, пред присутните медиуми истакна дека преку потпишување на Меморандумот за соработка со Здружението на новинари на Македонија во август годинава, Комората јасно покажа дека го поддржува процесот на медиумска саморегулација на „онлајн“ медиумите, со паралелно почитување на етичките стандарди во новинарството. Нашите компании-членки имаат потреба од медиумска поддршка. Но при тоа нивните иницијативи, размислувања, аргументи, ставови, направени врз основа на стручни анализи, во јавноста да бидат пренесени со издржани аргументи и факти за што Стопанската комора на Македонија како партнер на Здружението на новинари стои на услуга преку својата инфраструктура да даде придонес за реално и објективно информирање, пред се` преку „онлајн“ медиумите.

На новиот веб-портал ПРОМЕДИА, што ќе биде во функција од 1 јануари 2020 година, ќе бидат видливи 67 „онлајн“ медиуми.

## 18.12.2019

### НОВИ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ ЗА ЕФИКАСЕН СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД



На иницијатива на Министерството за животна средина и просторно планирање, во рамките на Проектот на УСАИД: „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, се одржа информативен настан на кој предмет на дебата беа пакетот на предлог-закони за воспоставување ефикасен систем од областа на управувањето со отпад и посебните текови на отпад, кој треба да овозможи минимизирање на негативните влијанија на управувањето со отпадот врз човековото здравје и животната средина, како и усогласување со европските регулативи.

На јавната расправа, министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, пред присутните компании-членки на коморите истакна дека целта на законските измени е да има организирани депонии, да се затворат нелегалните, да постои соодветна шема на собирање отпад, а производителите да преземат одговорност за отпадот. Ако сето ова се воспостави, вели Нуредини, ќе се креираат и нови работни места. Отпадот како суровина се` повеќе добива значење како енергенс. Идејата на законодавецот не е само да се изработи законско решение, туку во неговото креирање активно да учествува и бизнис секторот.

## 20.12.2019

### ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС ЗА 2020 ГОДИНА ПРЕД МАКЕДОНСКАТА ЕНЕРГЕТСКА АСОЦИЈАЦИЈА



Македонската енергетска асоцијација (МЕА) го разгледуваше Енергетскиот биланс за 2020 година. Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2020 година е изработен во согласност со Законот за енергетика и со Правилникот за енергетски биланси и енергетска статистика. Енергетскиот биланс е индикативен плански документ и во истиот се прикажуваат потребите од вкупните количества на енергија и од одделни видови енергија во Републиката и можностите за нивно



обезбедување со производство од домашните капацитети и од увоз.

За секој вид енергија е подготвен биланс за задоволување на предвидената потрошувачка. Врз основа на податоците од одделните биланси е пресметана потрошувачка на финалната енергија, како и потребната енергија за обезбедување на потрошувачка на финалната енергија.

## 20.12.2019

### ФАКТОРИНГОТ КАКО АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ

Стопанската комора на Македонија во соработка со Финансиското друштво за факторинг „Фактор Труст“ од Скопје, одржаа тркалезна маса на тема: „Факторингот како алтернативен извор на финансирање“.

Настанот беше организиран во насока на информирање на малите и средни претпријатија за можноста за искористување на алтернативните извори на финансирање за зголемување на нивната конкурентност и проширување на нивните пазарни можности.

алтернативни извори на финансирање. Факторингот, како алтернативен извор на финансирање го помага растот на претпријатијата преку обезбедување брз пристап до финансиски средства, подобрување на готовинскиот тек на фирмите и поефикасно развивање на истите. Проектот за факторинг обезбедува техничка помош и имплементира низа активности преку три главни компоненти: подигнување на свеста и знаењето на малите и средни претпријатија

за алтернативните финансиски можности; имплементација на правната регулатива за факторинг и финансиска едукација на малите и средни претпријатија.

## 21.12.2019

**ПЛАКЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА МЕТАЛУРЗИ**

Здружението на металурзите на Македонија, на седница на Генералното собрание, на која беше одбележана 20-годишнината од работењето на Здружението, додели Признание на Стопанската комора на Македонија за успешната и долгогодишна соработка помеѓу двете институции. Во изминатите години, Комората и Здружението соработуваа во реализацијата на повеќе настани, вклучувајќи го и осумте изданија на Меѓународниот конгрес на металурзите.

На настанот, признанија и благодарници беа доделени на повеќе компании од секторот металургија и поврзаните дејности, како и на истакнати членови на Здружението, за нивниот придонес кон активностите на Здружението на металурзите во изминатите години.

## 21.12.2019

**НЕОПХОДНА Е ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА ТРГОВИЈА**




Економиите од Западен Балкан остануваат слабо интегрирани во светската трговија. констатираше м-р Анета Димовска од Стопанската комора на Македонија како учесник на панел-дискусијата на тема: „Поттикнување на регионалната трговија: напредок и наредни чекори“, во рамките на ЦЕФТА-Неделата, што се одржа во Тирана, Република Албанија, од 16-19 декември 2019 година.

На панел-дискусијата Димовска заклучи дека покрај успешната имплементација на Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА), во делот на тарифите (царинските стапки), трговијата во регионот на ЦЕФТА сè уште е преоптоварена со нетарифни бариери. Голем дел од проблемите се препознаени, но за жал, недостига политичка волја за нивно надминување.

## 23.12.2019

**АЗЕСКИ ИМЕНУВАН ЗА ЧЛЕН НА СОВЕТОДАВНИОТ ОДБОР НА МРЕЖАТА ЗА ДЕЛОВЕН РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА**

Бранко Азески, претседателот на Стопанската комора на Македонија и заменик-претседател на Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан (КИФ) со седиште во Трст, е именуван за член на Советодавниот одбор на Мрежата за деловен развој на Југоисточна Европа.

Преку учеството во оваа организација, Азески ќе го прошири дејствувањето на полето на регионалната економска соработка преку вмрежување на компаниите од државите на Западен Балкан со партнери од Австрија, Германија, Словенија, Хрватска и Унгарија, во насока на обезбедување на забрзан економски раст и просперитет на регионот. Истовремено, преку активностите во оваа организација, ќе се придонесе за поефикасно вклучување на бизнис заедницата од регионот во имплементација на проектите кои се од важност за неговиот економски просперитет, преку вмрежување со носителите на одлуки од регионот на Југоисточна Европа и Европската Унија, како и преку унапредување на политичкиот дијалог.

Мрежата за деловен развој на Југоисточна Европа е организација со седиште во Виена, основана од страна на еминентни менаџери, претприемачи и дипломати од регионот на Југоисточна Европа, Германија и Австрија.

## 24.12.2019

**ОТПАДОТ ДА СЕ РЕЦИКЛИРА ЗАРАДИ НАС САМИТЕ, А НЕ ЗАТОА ШТО ЕВРОПА ТОА ГО БАРА ОД НАС**

Асоцијацијата за управување со посебните текови на отпад при Стопанската комора на Македонија, на прес-конференцијата (23.12.2019 година) информираше за предлог-измените на законите за отпад од пакување, за електричен и електронски отпад, за отпад од батерии и за новиот Закон за проширена одговорност на производителите.

Во таа насока беше посочено дека заклучно со 2020 година, колективните постапувачи ќе соберат и ќе дадат за рециклирање над 35.000 тони отпад од пакување од вкупно околу 120.000 тони колку што се претпоставува дека се создава, околу 1.500 тони отпад од акумулатори од вкупно 2.500 тони, 18 тони отпад од батерии од вкупно увезени 90 тони и 2.000 тони електронски отпад од вкупно 18.000 тони.

-Како Асоцијација за управување со посебните текови на отпад, **даваме поддршка за носење на нови закони и измени во постојните** , но веруваме дека и имплементацијата на истите од страна на институциите ќе биде многу поефикасна, истакна д-р Филип Ивановски, претседател на Асоцијацијата и директор на „ПАКОМАК“. Како што

истакна тој, дел од решенијата што се предвидуваат во законите постојат и сега, но истите не се применуваат доследно досега, што е една од главните причини зошто немаме поразвиен систем за селекција на отпадот и рециклирање.

## 27.12.2019

**ПРЕЗЕНТИРАНИ УСЛОВИТЕ ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ ГРАНТОВИ ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**




Во присуство на претставници на бизнис заедницата, во Стопанската комора на Македонија, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) се одржа презентација за двата јавни повика од инструментот за кофинасирани грантови за технолошки развој во вкупна вредност од шест милиони евра.

Целта на инструментот е да се обезбеди финансиска поддршка за технолошки развој на претпријатија и приватни здравствени установи (ПЗУ) кои ги исполнуваат условите од правилникот за истиот.

Клучната новина што е воведена со јавниот повик е скратената процедура за аплицирање, односно олеснетиот пристап на компаниите до средства за реализација на инвестициски проекти. Скратената процедура важи за сите компании апликанти кои во изминатава година учествувале на јавните повици, по било кој инструмент и при тоа поминале две од трите фази на оценувањето. Тие веднаш одат до Комитетот за одобрување на инвестиции за разгледување и донесување на конечна одлука, а административните проверки ќе се направат пред потпишувањето на договорите.

# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Во насока на поддршка на компаниите, Стопанската комора на Македонија своите проектни активности ги насочува кон креирање на услуги и алатки неопходни за јакнење и раст на конкурентните предности на самите компании. Активностите кои се реализираа во рамки на проектите имаа секторски пристап, со цел да бидат задоволени потребите и барањата на секој сектор поединечно.

**7 (седум) Проекти се реализираа во текот на 2019 година, и тоа:**

1. ***ИПА-Проект „Зголемување на конкурентноста на македонските МСП со цел интензивирање на нивната соработка со странските компании во земјава“ (Increasing the competitiveness of the domestic SMEs in order to improve their cooperation with foreign investors’ companies). Времетраење на Проектот: 2 години (16.12.2017 – 15.12.2019). Донација: Европска комисија.***

Реализирани активности во рамки на овој проект: подготовка на обуки на персоналот во избраните домашни МСП во идентификуваните области; подготвителна активност (изготвување материјали за обуката, обука на персоналот во избраните домашни МСП); спроведување на стекнатото знаење во индустриските проекти; подготвителна активност (изготвување методологија за избор на најпосветени домашни и странски компании), знаење, вештини и методологија за спроведување на индустриски проекти во домашните компании во координација со странските инвеститори; дефинирање на конкретни индустриски проекти по мерка на странските инвеститори; обезбедување одржливост на проектот - формирање на Центар за иновациски проекти за индустрија: подготвителна активност (анализа на искуствата од слични центри).

2. ***ЕУ Проект: „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ - ТРАИНЕЕ. Времетраење на Проектот: од 01.5.2018 до 31.10.2020 година. Донација: Европска комисија.***

Реализирани активности во рамки на овој проект во 2019 година: подобрување на вештините на градежните работници за градење енергетски ефикасни објекти преку обука и преквалификации, сесии за препознавање на знаења и вештини за компаниите и за образовните институции, поттикнување на потребата од користење на квалификувана работна сила во градежништвото преку примената на „БИМ“ алатката, што е едно од барањата на новите правила за јавни набавки на Европската комисија, во доменот на градежништвото, која се спроведува со иницирање широка акција за подигање на свеста кај сите засегнати страни од градежниот сектор (градежните

компании, инженерите, архитектите, работниците), но и инвеститорите и одговорните владини институции, како и крајните корисници на објектите, преку низа активности. Формирање на Образовен центар за сертифицирани обуки во 10 занимања наменети за работници, техничари и инженери.

3. ***ФИТР Проект - „Зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот, електро и машинскиот сектор преку подобрување на производните и технолошките способности на извозно ориентираните МСП“, во рамките на Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР). Од 2019 година започна реализацијата на овој двегодишен проект (15.02.2019 – 15.02.2021 година).***

Реализирани активности во рамки на овој проект во 2019 година се од фаза 1 – Дијагностика и План за подобрување: преку развој на методологија за идентификација на можностите за диверзификација на извозот преку технолошки подобрувања; емпириско истражување поврзано со диверзификација на извозот на анализираните сектори на ниво на производи; развој на методологија за длабинско скенирање и мапирање на технологијата на избраните МСП; создавање на план за технолошки подобрувања за избраните МСП.

4. ***ЕУ Проект Европска мрежа на претприемачи - ЕЕН-М мрежата (Enterprise Europe Network-Macedonia - ЕЕН-М), е проект финансиран од ЕУ од 2008 година и продолжува со својата реализација и во следниот период 2015-2020 година, како дел од новата Програма на Европската комисија „КОСМЕ 2014-2020“. Донација: Европска комисија.***

Реализирани активности во рамки на овој проект во 2019 година: подобрување на деловната соработка на МСП, поддршка во наоѓање партнери за деловна соработка, обезбедување информации за учество на саеми, брокерски настани, компаниски мисии, конференции и обуки, организирање локални и регионални настани, панел дискусии, подобрување на процесот на имплементација на иновациите во реалниот сектор, поефикасна соработка на науката и индустријата, трансферот на технологии и користењето на резултатите од научните истражувања во функција на поголем економски раст во Република Македонија.

5. ***Усаид Проект „Партнерство за подобра бизнис регулатива“ („Partnership for Better Business Regulation“), проект наменет за помош на микро, мали и средни компании со цел подобро разбирање на правната регулатива и логистичка поддршка на Националниот совет за конкурентност и иновативност. Времетраење на Проектот: (10/2016 - 09/2020).***

Реализирани активности во рамки на овој проект во 2019 година: инфо сесии, форуми, конференции, работни состаноци за иницирање расправи во коморите за потребата од донесување закони и подзаконски акти, како и подготвување стручни мислења, прирачници за извозно-ориентираните компании и предлози за изменување и дополнување на постојните прописи согласно интересите на членките и на стопанството во целина.

6. ***Швајцарскиот Проект „Образование за вработување“ е десетгодишен проект, финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), во соработка со Хелветас Македонија и Македонскиот центар за граѓанско образование. Првото времетраење на проектот е четири години (01.03.2018 - 28.02.2022).***

Реализирани активности во рамки на овој проект во 2019 година: првата фаза од проектот кој го стимулира вработувањето во Македонија преку подобрување на стручните вештини, преку зајакнување на соработката помеѓу училиштата и работодавачите. Исто така во својата десет годишна рамка има за цел да обезбеди системски промени во формалното и неформалното образование.

7. ***ЕУ Проект „Организирање активности за брз раст на потенцијалните иновативни мали и средни претпријатија“ – „Газели", во рамките на Балкан Мед програмата. Времетраење на проектот: 25 јуни 2019 - 24 јуни 2021.***

Реализирани активности во рамки на овој проект во 2019 година: активности за јакнење на капацитетите на коморите преку експертиза за вклучување во иновативните процеси и креирање на стратегии за трансфер на технологија преку директно олеснување на врската помеѓу универзитетите и иновативните МСП. Во рамки на проектот како краен резултат ќе биде воспоставена Балканска мрежа за поддршка на иновативните брзорастечки компании-Газели.

Зголемувањето на капацитетите и конкурентноста на компаниите е еден од главните приоритети на Стопанската комора на Македонија, и во таа насока се реализираа активности поврзани со проекти од фондовите на Европската унија и други донатори коишто придонесоа за креирање на алатки и услуги за поттикнување на растот, иновативноста, извозните капацитети и конкурентноста на самите компании во Македонија, ЕУ и пошироко.

# ИНФОРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Во 2019 година, информирањето на компаниите-членки се одвиваше преку неделното електронско издание „БИЗНИС ИНФО“ во вкупно 43 изданија, месечниот печатен прилог во магазинот „ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС“ на 6 страници, дневното електронско издание ПРЕГЛЕД НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБЈАВЕНИ СТАТИИ ВО ДНЕВНИ И НЕДЕЛНИ ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ кое се објави 265 пати, како и фејсбук-страницата на Стопанската комора на Македонија, како и други разни периодични изданија.

## - ВЕБ-ПОРТАЛ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА (www.mchamber.mk)

На веб-порталот на Стопанската комора на Македонија во 2019 година беа објавени ВКУПНО 1746 информации од активностите на: органите, телата и облиците на организирање на Комората како и пренесени информации од надворешни извори. Беа објавени информации за активностите, достигнувањата и резултатите на членките на Комората и беа пласирани вести од институции и органи од земјава, како и вести од економијата од светот, кои се од значење за бизнис секторот и за членките. Позначајните настани и редовните прес-конференции, кои се вкупно организираа повеќе од 40 пати, беа проследени со видео-записи од кои посетителите на сајтот можеа да имаат поширок тонски увид во излагањата на претставниците на нејзините членки.
Одредени содржини кои беа објавувани беа преведувани на англиски јазик, за сите посетители на сајтот од англиското говорно подрачје.
Просечен број на прегледи на содржините на сајтот на дневно ниво изнесува 1.300.

## -„БИЗНИС ИНФО“ (неделно електронско издание)

Во 2018 година беа издадени 43 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“ во просек на околу 22 страници. Покрај тоа, во ова електронско издание беа објавувани извадоци од интервјуа што ги имаат членките на Комората во македонските медиуми, како и текстови за нивните резултати, достигнувања, зафати и инвестиции. Во ова издание беа поместени и текстови пренесени од странски врвни економски изданија за значајни економски случувања.

## -Прилог во „ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС“ (печатена верзија)

Во текот на 2018 година беа подготвени и објавени поголем број прилози во месечникот„ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС“, каде што беа објавувани значајни изјави и пораки од експерти од Комората и од претставници на нејзините членки, со цел пораката од Комората на ефектен начин да стигне до јавноста.

## -ПРЕГЛЕД НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБЈАВЕНИ СТАТИИ ВО ДНЕВНИ И НЕДЕЛНИ ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ

Во текот на годината, за брзо и ефикасно информирање на членките на Стопанската комора на Македонија за позначајните економски информации што во форма на статии, вкупно 256 пати, се објавуваа во дневните и неделните печатени и електронски медиуми, се објавуваше дневниот електронски ПРЕГЛЕД, за чија содржина во просек се издвојуваа по 15 текстови дневно, како извадоци.

# ДИРЕКЦИЈА НА ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ПРИ КОМОРАТА

## ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА

Центарот за едукација во текот на 2019 година организираше 105 едукативни настани на кои учествуваа 2.411 посетители, истите беа реализирани како еднодневни и дводневни семинари од отворен тип за сите учесници од приватниот и јавниот сектор. Покрај обуките од отворен карактер беа организирани и интерни семинари креирани по барање на компаниите кои се реализираат во самата компанија, за вештини и знаења значајни за унапредување и подигнување на нивото на професионалност на своите кадри. Се организираат и советувања надвор од просториите на Стопанска комора на Македонија, каде учесниците имаат можност да се едуцираат во порелаксирана атмосфера, каде покрај тоа што ќе ги следат предавањата, ќе имаат можност и за непосредно вмрежување и понатамошна соработка.

Најпосетувани семинари беа оние кои се однесуваа на измените на законската регулатива, во таа насока беа организирани 7 семинари за најновите измени во Законот за Јавни набавки на кои присуствуваа повеќе од 500 учесници, како и семинари поврзани со различни проблематики третирани со Законот за работни односи кои се одржуваат континуирано секој месец, на барање на компаниите.

Дополнително Центарот за едукација во соработка со Бизнис центарот за тренинг и обука реализираше специјалистички курс на тема: „Вештини во финансиското работење“, каде обучувачи беа тренери од различни области кои на учесниците им понудија комплетна обука која води до надградба на вештини применливи на работно место и стекнување компетенции. Станува збор за обука согласно верифицирани програми кои се организираат во соработка со Бизнис центарот за тренинг и обука. Оваа обука е дел од програмите кои се верифицирани од Центарот за образование на возрасни и признати од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Центарот за едукација ќе продолжи со унапредување на своите услуги и обезбедување висок квалитет и професионалност во работењето.

Стопанската комора на Македонија во соработка со стручни лица, а по барање на компаниите, организираше обуки на ментори во компаниите. Обуките беа реализирани во Скопје, Прилеп, Битола и Охрид. Целта на оваа програма е да се развијат знаења, вештини, способности, ставови и вредности, односно компетенции кои треба идните обучувачи (во натамошниот текст: ментори) да ги поседуваат за да можат да работат со ученици/учесници кои изведуваат практична обука кај работодавач, вклучувајќи ги и компетенциите за работа со ученици/учесници со различна попреченост.

## ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според утврдените работни и програмски задачи, ги реализира следниве активности во 2019 година:

1) *Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015, се реализирани во три компании;*

2) *Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со животна средина согласно ISO 14001:2015, се реализирани/во тек во една компанија;*

3) *Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со здравје и безбедност при работа согласно ISO 45001:2018, се реализирани/во тек во шест компании;*

4) *Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со безбедноста на храната согласно ISO 22000:2018, се во тек во две компании;*

5) *Консултантски услуги за воведување на HALAL стандард се реализирани во две компании;*

6) *Обуки за интерни проверувачи согласно водичот за интерни проверки ISO 19011:2018 се извршени во сите горе наведени компании во кои се вовеле менаџмент системи;*

7) *Учество на обука за новоревидираниот водич за интерни проверки, согласно стандардот ISO 19011:2018 во Нови Сад;*

8) *Учество на обука за транзиција на стандардот ISO 22000:2005 во ISO 22000:2018 во Белград;*

9) *Обнова на CQI&IRCA card ( International Register of Certified Auditors-London);*

10) *Активно учество во работа на технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитациа на ИСРСМ:*

- ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРСМ;
- ТК 9 за системи за квалитет и животна средина при ИСРСМ;
- ТК 13 за безбедност на храна при ИСРСМ

11) *Активно учество во процесот на континуирана проверка на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија, согласно ISO 9001:2015 од страна на TUV NORD;*

12) *Активно учество во континуирано одржување и проверка на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија, согласно ISO 9001:2015, како и ISO 19011:2018, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности;*

13) *Активен допринос во анимирање/посети и запознавање на фирмите во Македонија за проблематиката од областа на стандардите.*

# ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА

Во текот на 2019 година, Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија продолжи со **редовните активности** одржување на седници на Претседателството на Арбитражата, постапување и одлучување по тековните арбитражни предмети преку арбитрите именувани во арбитражните постапки согласно стандардите за стручно и професионално постапување, како и со **промотивните активности** за афирмирање и развој на арбитражното решавање на споровите пред Арбитражата преку организација и учество на домашни, регионални и меѓународни арбитражни конференции, воспоставување и продлабочување на меѓународната соработка на Арбитражата со арбитражните судови и центри од земјите од регионот и пошироко.

**I.Промотивни активности**

- **Одржување на прес–конференција на тема „Преку унапредување на арбитражното законодавство до подобро деловно опкружување“ (25.3.2019 година)**

Постојаниот избран суд–Арбитража на 25.03.2019 година одржа прес–конференција во Стопанската комора на Македонија, со цел да се презенитраат придобивките и предностите на арбитражата како алтернативен начин за решавање на споровите и да се најави одржувањето на дводневната меѓународна арбитражна конференција „Преку унапредување на арбитражното законодавство до подобро деловно опкружување“, на 28-29.3.2019 година, во Скопје организирана од страна на Постојаниот избран суд – Арбитража со поддршка на Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) и Амбасадата на Швајцарија во С.Македонија. Учество на прес–конференцијата земаа д-р Горан Рафајловски, претседател и д-р Татјана Штерјова, секретар на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија.

Секретарот на Арбитражата, д-р Татјана Штерјова, говореше за важечката арбитражна правна рамка во нашата држава, искуствата поврзани со арбитражното решавање на споровите, видовите на спорови и просечното времетраење на арбитражните постапки поведени пред Арбитражата, предностите на арбитражата во споредба со редовните судови, истакнувајќи дека во меѓународни рамки арбитражата има неприкосновено место кај бизнис заедницата за решавање на споровите кои произлегуваат од деловните односи.




Претседателот на Арбитражата, д-р Горан Рафајловски, посочи дека арбитражата како алатка за решавање на споровите се одликува со голема ефикасност, квалитет и брзина на постапката, како и стручност на арбитрите кои постапуваат во споровите и истата треба да биде препознатлива и користена не само од компаниите, туку и од страна на државните органи, општините и јавните претпријатија кога станува збор за спорови за права со кои странките може слободно да располагаат и за кои не е предвидена исклучива судска надлежност. Тој информираше дека на Конференцијата „Преку унапредување на арбитражното законодавство до подобро деловно опкружување“ ќе присуствуваат истакнати експерти, теоретичари и практичари од повеќе европски земји, вклучувајќи и експерти од водечките арбитражни центри – Лондон, Париз, Цирих, Виена и ги претстави темите кои ќе бидат во фокусот на Конференцијата, поканувајќи ги сите заинтересирани лица да земат учество на истата.

- **Организирање на Меѓународна арбитражна конференција на тема „Преку унапредување на арбитражното законодавство до подобро деловно опкружување“ (28 – 29.03.2019 година)**

Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, со поддршка на Централно – европската иницијатива (ЦЕИ) и Амбасадата на Швајцарија во С. Македонија, на 28–29.03.2019 година организираше меѓународна арбитражна конференција на тема **„Преку унапредување на арбитражното законодавство до подобро деловно опкружување“.**



Професори, арбитри, искусни теоретичари и практичари од областа на арбитражата два дена говореа за регионалните искуства и перспективите за развој на арбитражното право, модерните трендови во организирање на арбитражните постапки, арбитражата во градежните спорови и инвестициската арбитража.

Присутните на дводневната конференција „Преку унапредување на арбитражното законодавство до подобро деловно опкружување“, посочија дека Конференцијата ја оствари посакуваната цел за доближување на европските искуства кон македонското арбитражно право при што се оцени дека одржувањето на настани од ваков карактер треба да стане практика која ќе се одржува на годишно ниво.

- **Подготовка и издавање на Брошура за Арбитражата**

Арбитражата, во рамки на меѓународната арбитражна конференција, подготви и издаде Брошура со истоимениот наслов како конференцијата **„Преку унапредување на арбитражното законодавство до подобро деловно опкружување“.** Брошурата ги обработи темите расправани на меѓународната арбитражна конференција (вистинската насока за модернизирање на арбитражното законодавство, регионалните перспективи и искуства од областа на арбитражата, модерните трендови во организирањето и водењето на арбитражните постапки, арбитражата и градежните спорови и инвестициската арбитража), даде осврт на актуелните состојби и досегашните искуства во решавањето на споровите пред Постојаниот избран суд–Арбитража и понуди предлози за ревидирање на арбитражното законодавство во нашата држава (воведување на единствен правен режим во областа на арбитражата, укинување на терминот „избран суд“ по примерот и искуствата на арбитражите од регионот и пошироко, проширување на опсегот на спорови кои може да бидат решавани пред Арбитражата и друго).

# БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во **Вашата бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за членство, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 1032 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 9686 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 515 АТА-карнети;
- 4 потврди за ексклузивитет;
- 15 потврди за слободна продажба;
- / потврда за единствен производител
- 3 потврди за производител;
- 3 потврди за членство во Комората;
- 180 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 41 мислење за исполнување на економските услови.

# EXCELLENT SME

Печатот на веб-порталот Excellent SME MACEDONIA е сертификат за деловно работење. Стопанската комора на Македонија го издава сертификатот во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг COFACE од Хрватска, за најуспешните мали и средни компании во Македонија.

Главната цел на сертификатот, која се совпаѓа со ЕУ-директивите, е да се промовираат малите и средни компании, да се обезбеди и да се осигура бизнисот, добрите бизнис-пракси и да се зголеми пазарната транспарентност. Исто така, тоа  им помога на клиентите и бизнис-партнерите да го намалат финансискиот и другите ризици кога склучуваат деловни договори.

Сертификатот  им овозможува на локалните и на меѓународните бизнис-партнери да го верификуваат постоењето на компанијата, точната веб-адреса, и најважното - нејзиниот бонитет.

Основата за сертификацијата е кредитниот извештај и континуираниот мониторинг на COFACE - Хрватска. Истовремено, SafeSigned ™ веб-сајт технологијата спречува печатот за квалитет Excellent SME MACEDONIA да биде копиран и користен на кој и да било друг веб-сајт.Исто така, оваа технологија овозможува проактивна заштита против напади на веб-сајтот - крадење на идентитет и имитирање. Доколку се случи некој друг веб-сајт да направи проба за крадење на идентитет на вашиот сајт, тогаш сопственикот на сертификатот веднаш се известува за нападот. Заштитените веб-сајтови постојано се следат и заради можни падови на нивното функционирање, а сопственикот на сертификатот се известува доколку тоа се случи.

Печатот исто така нуди можност да се провери идентитетот на самиот веб-сајт. Посетителот може да направи проверка на идентитетот на веб-сајтот со еден клик на печатот.

Со инсталирање и користење на потенцијалот на сертификатот и постојните партнери може да прават разлика меѓу успешни и помалку успешни компании.



# КЛУБ НА МЕНАЏЕРИ – ПРЕТПРИЕМАЧИ

Во Стопанската комора на Македонија, веќе втора година успешно функционира Клубот на манаџери-претприемачи. Истиот беше креиран следејќи ги потребите и барањата на компаниите. Клубот на менаџери – претприемачи преставува ексклузивна можност за членување во мрежа на растечки мали и средни компании. Членовите на Клубот имаат можност и да се приклучат и споделат искуства, контакти и знаења со цел остварување на континуиран раст и поддршка на бизнисот, преку постојана едукација и контакти со фирмите и потребните интитуции.

Членовите имаат можност да следат едукативни, забавни и промотивни настани во текот на целата година, со однапред предвидена програма која опфаќа повеќе настани месечно, со однапред предвидена динамика и времетраење на истите. Бројните едукативни програми и обуки кои се вклучени во годишната програма им возможува на менаџерите да го поттикнат сопствениот стручен и професионален развој но и да обезбедат адекватна и мотивирана работна сила, иновативни производи и конкурентска предност произлегува од спремноста на менаџерот-претприемач да се носи со своите обврски и секојдневно да инвестира во својот тим.

Во време на динамично опкружување, зголемена конкурентност и диференцирана побарувачка на добра и услуги, од особено значење е менаџментот на компанијата да знае да се носи со промените и кон предизвиците и опасностите да се гледа како можност да се креира нова вредност која ќе ја утврди нивната позиција на пазарот.



Покрај тоа, предвидено е присуство и на посебно организирани настани надвор од Стопанската комора на Македонија (team building), како и настани на кои компаниите-членки ќе можат да бидат домаќини со цел презентација на нивните производи и услуги пред останатите членови на Клубот.

Во 2019 година беа реализирани 25 едукативните настани кои опфаќаат обуки наменети за развој на „меки“ вештини потребни за секоја дејност, но и професионални, стручни обуки во чии рамките компаниите ќе стекнуваат познавања од различни области важни за тековното функционирање на секоја компанија.На едукативните настани доаѓаа и претприемачи од големите компании кои ги споделуваат нивните искуства за успех но и можностите за соработка со останатите.

Организиравме и настани за вмрежување на членовите со еминентни гости - предавачи, менаџери или експерти од домашни компании, но и странски предавачи кои на практичен начин можеа го споделат своето искуство на различни теми кои се од особена важност за компаниите и нивните менаџери.

Низата активности чиј носител е Клубот на менаџери-претприемачи, преточени во услуги за своите членки, придонесува преку споделувањето на знаењата и искуството да се креираат нови бизнис-идеи и партнерства кои се одлична прилика за подигнување на претприемничкиот дух, конкурентноста и професионалноста на сопствениот бизнис. На тој начин, тие ќе можат да создадат нови работни места и да го забрзаат економскиот раст, а тоа е од особена важност при градење мрежа која се стреми постојано да расте.

Клубот наменаџери претприемачи е место каде заеднички ќе креираме успешни приказни, ќе градиме мрежа на менаџери-претприемачи и ќе растеме.

# СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ (FIC)

**28.02.20219**

**ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ**

Управниот одбор на Советот на странски инвеститори на 27.02.2019 година одржа седница на којашто од страна на Агенцијата за вработување на РСМ беше презентиран Оперативниот план за активните мерки и програми за вработување, со цел поблиско запознавање на работодавачите со новите мерки и програми за вработување, но и взаемна размена на искуства за можностите за подобрување на истиот, а сето тоа во функција на обезбедување кадар во согласност со потребите на странските инвеститори во земјава. Имајќи предвид дека недостигот на стручни квалификации и вештини претставува своевидно критично ограничување на конкурентноста во Македонија, една од активностите на Советот на странски инвеститори е и активноста за подобрување на состојбата на пазарот на трудот и обезбедување кадри токму онакви какви што им се потребни на работодавачите. Презентацијата на Оперативниот план беше реализирана од страна на директорката на АВРСМ Билјана Јовановска и нејзините соработници, по што следеше и дискусија околу определени мерки и програми, а беше изразена и подготвеност за ревидирање на Планот со нови програми и мерки по предлог на странските инвеститори, доколку за тоа постојат оправдани предлози што би произлегле во наредниот период.

**19.03.2019**

**Средба на претседателот на Советот на странските инвеститори, Штефан Петер, со Себастијан Соса, шеф на Канцеларијата на ММФ – ПОТРЕБНИ СЕ СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ ВО ЕКОНОМИЈАТА ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАПАДНИТЕ ВРЕДНОСТИ И СТАНДАРДИ**



Претседателот на Советот на странските инвеститори, Штефан Петер, со своите соработници, одржа работна средба со шефот на Канцеларијата на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Себастијан Соса, во Стопанската комора на Македонија (19.3.2019 година), на којашто се разговараше за актуелните состојби во економијата и предизвиците со коишто се соочуваат странските инвеститори во земјава.

Во рамки на дискусијата, претседателот Петер потенцираше дека одржувањето на макроекономската и финансиската стабилност, како и на политичката стабилност, се клучни предуслови, но сами по себе не се доволни. Факт е дека изборните процеси во државата значително можат да влијаат и врз економијата, па така состојбите на политичка нестабилност може да ги одложат планираното производство и инвестициите кај компаниите.

**25.03.2019**

**ДОДЕЛЕНИ СЕРТИФИКАТИТЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПРОЕКТОТ „ДЕН СО МАКЕДОНСКИТЕ ВОДЕЧКИ ИЗВРШНИ ДИРЕКТОРИ"**

Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов и претседателот на Советот на странски инвеститори во Македонија, г. Штефан Петер, денеска ги доделија сертификатите на учесниците во проектот „Ден со македонските водечки извршни директори".

Десетте студенти од додипломски и постдипломски студии кои учествуваа во проектот имаа можност непосредно да се запознаат со работниот ден на менаџерите, да навлезат во процесите на водењето на една компанија и да се стекнат со знаења, практични искуства и вештини во насока на развој на нивниот претприемачкиот дух.

Македонскиот претседател изрази задоволство од спроведувањето на овој проект, што се реализираше под негово покровителство, а во организација на Советот на странски инвеститори од Стопанската комора на Македонија и посочи дека оваа иницијатива е

Оваа програма се реализираше по втор пат во Република Македонија во периодот од декември 2018 година до март 2019 година, а меѓу успешните менаџери коишто ја спроведуваа обуката беа Штефан Петер од ЕВН Македонија, Ирена Јакимовска од „Комфи ангел", Волфганг Марингер од „Арчелор митал", Ајхан Узун, од „Рамстор" и Алпер Ерсој од „ТАВ Македонија".

**27.03.2019**

**ПРЕДАВАЊЕ НА ПИТЕР РИГИ ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ И АЛТЕРНАТИВНИТЕ НАЧИНИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ**

На 27.3.2019 година, во Стопанската комора на Македонија, предавање одржа Питер Риги, глобален директор на Програмата на Центарот за претприемништво и развој на извршни директори (CEED). Настанот беше организиран од страна на Стопанската комора на Македонија и Советот на странски инвеститори при Комората. Посетата на предавачот е поддржана од Амбасадата на Соединетите Американски Држави во земјава.

Предавањето беше на тема: „Улогата на креативниот менаџмент и приватните инвестициски фондови во создавање успешен бизнис". Господинот Риги се фокусираше на фазата кога претприемачот доживува брз раст на бизнисот и треба да направи исчекор кон повисоко ниво на развој. Имајќи го предвид таквиот контекст, тој зборуваше за различните, некласични видови на финансирање што им стојат на располагање на малите и средни компании за финансирање на бизнисот.

**01.04.2019**

**СЕДНИЦА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА СТРАНСКИ КОМПАНИИ СО ТЕХНОЛОШКИ НАПРЕДНО ПРОИЗВОДСТВО**

**Идентификувани предлог-мерки од страна на странските компании за унапредување на бизнис климата во земјата**

Во рамките на седницата, присутните компании беа запознаени со Проектот на Меѓународната финансиска корпорација - ИФЦ при Групацијата на Светската банка за развој на регионална советодавна и финансиска иницијатива во Југоисточна Европа, фокусирана на зголемување на конкурентноста на регионалните синџири на снабдување во производствениот сектор.

Како што истакна Зоран Мартиновски, ИФЦ национален менаџер за Македонија и Црна Гора, целта на Проектот е да ги таргетира потребите на странските инвеститори во регионот и преку финансиска поддршка на локални добавувачи да ја зајакне нивната конкурентност и пенетрација во регионалните синџири за снабдување.

Асоцијацијата којашто функционира во рамките на Советот на странски инвеститори и во која земаат учество дваесетина странски компании од технолошко-индустриските развојни зони и од индустриските зелени зони ја поддржа оваа иницијатива и се понуди да биде партнер во Проектот којшто значително ќе им го олесни процесот на изнаоѓање добавувачи на регионално ниво.

**10.05.2019**

**СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ - Презентирани измените на Законот за финансиска поддршка на инвестициите**

Министерката без ресор задолжена за странски инвестиции, Зорица Апостолска на 9.5.2019 година имаше работна средба со членовите на Управниот одбор на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија, на која беа претставени измените на Законот за финансиска поддршка на инвестициите.

Осврнувајќи се отвореноста на Владата кон бизнис заедницата во моделирањето на економските политики, министерката Апостолска истакна дека Планот за економски раст е резултат на активниот и креативен дијалог со претставниците на стопанството.

Зборувајќи за определбите на Владата економскиот раст и развој да ги постави на цврсти темели, министеркта Апостолска нагласи дека и оваа средба е продолжување на воспоставената култура на редовна комуникација со бизнис заедницата, а со крајна цел заеднички да се постави динамичен и одржлив економски систем.

**01.06.2019**

**РАБОТНА СРЕДБА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА СТРАНСКИ КОМПАНИИ СО ТЕХНОЛОШКИ НАПРЕДНО ПРОИЗВОДСТВО СО ПРЕМИЕРОТ ЗАЕВ, ВИЦЕПРЕМИЕРОТ АНЃУШЕВ И ДИРЕКТОРИТЕ НА УЈП И ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

**Компаниите од ТИРЗ и индустриските зелени зони со предлог-мерки и препораки за унапредување на бизнис климата**



Компаниите кои работат во Технолошко индустриските развојни зони, и во индустриските зелени зони доставија барања и предлог решенија за подобрување на условите за водење бизнис во земјава на работна средба со Претседателот на Владата на РСМ Зоран Заев вицепремиерот Анѓушев и директорите на УЈП и Царинската управа Сања Лукаревска и Ѓоко Танасоски одржана на 28 мај 2019 година во Стопанската комора на Македонија.

Како што нагласи Виктор Мизо, претседател на Асоцијацијата на странски компании со технолошки напредно производство во рамките на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија, согласно спроведената анкета помеѓу компаниите-членки изготвен е интегрален документ кој ги содржи клучните приоритети и предлог-мерки дефинирани согласно истакнати реални предизвици со кои се соочуваат компаниите, а врз основа на позитивни деловни практики и

компаративни искуства во областа, со кои сметаат дека нивната работа ќе биде поефикасна, а воедно ќе се поедностават одредени административни процедури.
Премиерот Заев ја поздрави иницијативата на претставниците на странските компании, истакнувајќи дека со дел од нив се среќава и во други прилики и истакна дека Владата е одлучна и посветена да го продолжи ваквиот начин на систематизиран пристап, којшто е од голема помош за изнаоѓање на флексибилни решенија и се изнесуваат можностите кои државата ги презема со цел да излезе во пресрет на компаниите.

**11.06.2019**

**СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ И СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ОРГАНИЗИРААТ ПИКНИК ВО ГРАДСКИОТ ПАРК ВО СКОПЈЕ**

Претседателот на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија, м-р Штефан Петер, на прес-конференцијата одржана на 5.6.2019 година, го најави четвртото издание на јавниот хепенинг, т.н. „Светски пикник“, кој ќе биде отворен за сите посетители.
-Еден од препознатливите настани на Советот на странски инвеститори и Стопанската комора на Македонија, кој веќе станува традиционална манифестација од хуманитарен тип, е и „Светскиот пикник“. Како интересна идеја, произлезена токму од самите компании, „Светскиот пикник“ претставува своевиден спој на забавни и општествено корисни содржини преку кои се запознаваме со странските инвеститори во земјата на неформален начин.

**11.06.2019**

**ГОЛЕМ ХУМАНИТАРЕН ГУРМАНСКИ ПИКНИК ВО ГРАДСКИОТ ПАРК ВО СКОПЈЕ**

**Советот на странски инвеститори и Стопанската комора на Македонија го организираа четвртото издание на традиционалната манифестација т.н. „Светски пикник“, во Градскиот парк во Скопје**



Како интересна идеја, произлезена токму од самите компании, „Светскиот пикник“ претставува своевиден спој на забавни и општествено корисни содржини преку кои се запознаваме со странските инвеститори во земјата на неформален начин. По големиот успех од минатогодишните изданија на „Светскиот пикник“, продолжуваме да ја одржуваме идејата за промовирање на позитивните ефекти на странските инвеститори врз националната економија по пат на неформално дружење и претставување на културата на земјите од каде што потекнуваат преку најавтентичните рецепти од нивните национални кујни, како и другите културни обележја.
И годинава посетителите на „Светскиот пикник“ имаа можност да ја вкусат традиционалната храна на дванаесетина земји од каде што доаѓаат странските инвеститори во земјава - членови на Советот на странски инвеститори и тоа од: Австрија, Белгија, Велика Британија, Германија, Грција, Италија, Шпанија, Холандија, САД, Словенија, Турција и Швајцарија.

**17.09.2019**

**РАБОТНА СРЕДБА НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ПЕНДАРОВСКИ**



Управниот одбор на Советот на странски инвеститори денес оствари работна средба со претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски.
Во оваа прилика претседателот на Советот му ги испорача клучните пораки на првиот човек на државата содржани во последното издание на „Белата книга“ на Советот на странски инвеститори, кои се фокусирани кон подобрување на деловната клима и создавање подобри услови за водење бизнис во земјава.
Претседателот на државата, Стево Пендаровски, најави активна комуникација со Советот на странски инвеститори, со можност овие средби да прераснат во редовна практика, како и активно координирано делување на регионален и на меѓународен план. Посочувајќи дека економијата е апсолутен приоритет во државата, претседателот Пендаровски, заедно со неговиот економски тим, остави простор и за натамошна размена на идеи, искуства, како и тековна комуникација со бизнис-секторот за најзначајните отворени прашања, во насока на предочување до надлежните институции за нивно ефикасно решавање.

**15.10.2019**

**МАСОВНАТА МИГРАЦИЈА НА РАБОТОСПОСОБНОТО НАСЕЛЕНИЕ И НЕДОСТАТОКОТ НА РАБОТНА СИЛА ГЛАВЕН ПРЕДИЗВИК НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**

Претседателот на Советот на странски инвеститори, Штефан Петер, на 15.10.2019 година во Стопанската комроа на Македонија, оствари средба со дел од раководството на странската компанија „Кромберг и Шуберт" од Битола.

Главна тема на разговор беше се` поизразениот проблем со недостигот на работна сила којшто претставува главен предизвик, пред се` на странските компании кои оперираат во земјава, за да ги исполнат проектираните бизнис планови.

Недостатокот на квалификувани кадри е проблем од кој се погодени сите индустрии, бидејќи се` поголем е бројот на компании кои алармираат дека заради овој проблем е доведен во прашање развојот на бизнисите, а најмогу се чувствува во внатрешноста на државата.

**06.11.2019**

**РЕЦЕСИЈАТА ВО АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА И ПОСЛЕДИЦИТЕ ВРЗ СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ**

Виктор Мизо, претседател на Асоцијацијата на странски компании со технолошки напредно производство во рамките на Советот на странски инвеститори, на прес конференцијата одржана во Комората, истакна дека тоа што се случува во автомобилската индустрија на глобално ниво е тренд започнат пред една година, при што проекциите покажуваат дека во 2019 година ќе се произведат 4,3 милиони патнички возила помалку во споредба со претходната година, како резултат на намалената побарувачка.

„Причините за овие негативни трендови можат да се лоцираат пред се кај глобалната трговска војна помеѓу САД и Кина, несигурноста и нејасната слика што ќе се случи со Брегзит, заострените прописи во врска со користењето на дизел возилата, како и имплементацијата на регулативата за електрификација која не е иста на секој континент. На крајот, тука е и економското успорување на глобалните економии како САД, Кина, Германија, Италија, Велика Британија не го постигнаа очекуваат раст како и во изминатите години. Од друга страна, автомобилските добавувачи не се директно погодени од глобалната рецесија и продолжуваат со производствените планови без некакви поголеми промени во нарачките од странските партнери, со проекции на пад на побарувачката од 3-5%." – изјави претседателот на Асоцијацијата

**14.11.2019**

**МАСОВНАТА МИГРАЦИЈА И НЕДОСТИГОТ НА РАБОТНА СИЛА ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**

Претседателот на Советот на странските инвеститори, Штефан Петер, со своите соработници, одржа работна средба со тимот на ММФ, предводен од главниот економист на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Guillaume Poulain во Стопанската комора на Македонија (13.11.2019 година), на којашто се разговараше за актуелните состојби во економијата и предизвиците со коишто се соочуваат странските инвеститори во земјава.

Во рамки на дискусијата, претседателот Петер го поздрави враќањето на системот на рамен данок, како позитивен пример за прифаќање на барањата на бизнис заедницата, што претсатвува чекор напред кон развој на здрава економија. При деловното работење, сосема е нормално да се испробаат одредени мерки и да се повлечат доколку не се доволно успешни.

Во глобален контекст, каде што земјите се натпреваруваат за подобра инвестициска средина, странските компании посебно од автомобилската индустрија многу брзо го дислоцираат своето производство во земји со поповолна бизнис клима.

**13.12.2019**

**МАСОВНАТА МИГРАЦИЈА И НЕДОСТАТОКОТ НА РАБОТНА СИЛА - ГЛАВЕН ПРЕДИЗВИК НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**



**Работна средба на Советот на странски инвеститори со претседателот на Владата на РСМ, Зоран Заев**

Странските инвеститори обично своите одлуки да инвестираат во некоја земја ги засноваат на цела серија фактори, како што е политичката стабилност, транспарентните правни системи, соодветната инфраструктура и даночна политика, додека субвенциите и другата поддршка обично не се клучни аспекти при донесување на ваквите одлуки. Тоа, секако, треба да го имаат предвид и креаторите на економските политики во земјата.

Како еден од клучните фактори е и достапноста на квалификувана работна сила, без која не може да се замисли процесот на производство. Токму недостатокот на квалификувани кадри е проблем од кој се погодени сите индустрии, бидејќи се` поголем е бројот на странски компании кои алармираат дека заради овој проблем е доведен во прашање континуитетот во развојот на бизнисите, а и на македонската економија, која се бори на сите начини да обезбеди повисок економски раст.



Масовната миграција на работоспособното население и недостатокот на работна сила беа тема на разговор на работната средба помеѓу компаниите-членки на Советот на странски инвеститори и претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, одржана на 11.12.2019 година во Стопанската комора на Македонија.
Заеднички заклучок од средбата со премиерот е дека овие прашања се од стратешки државен интерес, а секако се и од интерес и за странските инвеститори и за домашните компании, поради што во наредниот период ќе се посвети посебно внимание на донесување заедничка стратегија, која во најмала рака ќе ги превенира последиците од масовната миграција на работоспособното население од земјава и од недостигот на креативни и продуктивни работници.

**20.11.2019**
**ПРЕКУ ПАРТНЕРСКИ ДИЈАЛОГ КРЕИРАЊЕ АМБИЕНТ ЗА ПОДДРШКА НА ИНОВАТИВНИ КОНЦЕПТИ, РЕШЕНИЈА И ТЕХНОЛОГИИ**



Работна средба на Асоцијацијата на странски компании со технолошки напредно производство со премиерот Заев и економскиот тим на Владата на РСМ
Асоцијацијата на странски компании со технолошки напредно производство при Советот на странски инвеститори во рамки на Стопанската комора на Македонија оствари работна средба со Зоран Заев, претседател на Владата на РСМ и економскиот тим на Владата.
На средбата, на која присуствуваа и министерката за финансии, Нина Ангеловска, министерот за економија, Крешник Бектеши, директорот на Царинската управа, Ѓоко Танасоски и Софче Јовановска, шефица на кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за економските ресори, Кочо Анѓушев, беа презентирани на решенијата и текот на остварувањето на некои од предлог-препораките за унапредување на бизнис климата креирани од компаниите од ТИРЗ и индустриските зелени зони нотирани на претходната работна средба.
Премиерот истакна дека Владата е одлучна и посветена да го продолжи ваквиот систематизиран пристап на организација на состаноците и комуникација со надлежните институции околу проблемите и предизвиците со кои се соочува бизнис-секторот, бидејќи е од голема помош за изнаоѓање флексибилни решенија, но и презентирање на можностите кои државата ги презема со цел да излезе во пресрет на компаниите.

# ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ – Центар за покровители

## „ТОЧНА, НАВРЕМЕНА, БРЗА, КВАЛИТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА И УСЛУГА – КЛУЧ ЗА МОЌЕН БИЗНИС“

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.

Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

За таа цел, Стопанската комора на Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени во текот на 2019 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството.

Сето тоа резултираше со влез на нови компании во семејството покровители на Стопанската комора на Македонија кои го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

**Според планираната Програма за 2019 година:**

- обновени се договорите со веќе постојните покровители;
- зголемени се бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Македонија кон покровителите;
- организирани се презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- склучени се договори за Премиум Покровител со 4 нови компании;
- склучен е договори за Стандард Покровителство со 1 нова компании;
- склучен е договори за Силвер Покровителство со 3 нова компании;
- активирана е можноста договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- организирани се поинтензивни заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Македонија;
- поврзување на компаниите покровители и закажување на работни средни со институции за решавање на одреден проблем од значење за нивниот бизнис;
- дадена е логистичка поддршка во организирање на повеќе промотивни настани (во организација на покровителите) за промоција, на барање на покровителите;
- целосно се исполнети одредбите од договорите за покровителство кон покровителите;
- редовно поставување на рекламен материјал на сите катови во Комората, на рафтови наменети за покровителите;
- поставени логоата на покровителите на ТВ екрани на 1-ви кат, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат и на 5-ти кат сала 4;
- набавка на производи и услуги за потребите на Комората, со одлука исклучиво од компаниите покровители;
- објавени логоа, интервјуа и изјави на покровителите во „БИЗНИС ИНФО“ на Комората;
- редовна емисија на рекламни спотови, настани и логоата на покровителите на тв-екраните поставени на 1-ви, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат, 5-ти кат сала 4 и во лифтот во Комората;
- реализирани активности и работни задачи за покровителите, кои не се внесени како услуги во договорите за покровителство, но се произлезени од тековното работење, на нивно барање.


ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ПРЕМИУМ Покровители
СТОПАНСКА БАНКА а.д. Битола
Duna
vitaminka
NLB Banka
MERMEREN Kombinat
ПЕКАБЕСКО
МЕПСО
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР
ECM
GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION
euro Nickel
INDUSTRIES
Gulf
VERO
сѐ на едно место
КОЖУВЧАНКА
СТАНДАРД Покровители
МАКПРОГРЕС
ComfyAngel
АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
ОКТА
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС
СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ
TEP
RADE KONČAR-TEP
HALKBANK
seavus
www.seavus.com
ZAN MITREV CLINIC
EVN
СЕМОС
CROATIA OSIGURANJE
КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
A1
ДЕ-НИ
МЕБЕЛ
СИЛВЕР Покровители
Екстра Меин
време е за нешто екстра
SOCOTAB
Leaf tobacco
Ангро
МАРКЕТИНГ
AllianceOne
VEZESHARRI
LECKER
elektro SHARRI
SPARKASSE BANK
MC Robin
Swisslion
atlas
corporation
SMELT-ING
sütaş